# ИСТОРИЈА НА АРХИТЕКТУРА И УМЕТНОСТ

*модуларно дизајнирана*













**за II година**

**Архитектонски техничар / Архитектонски техничар**
образовен профил / квалификација

**Градежно – геодетска / Градежништво и геодезија**
струка / сектор

**Издавач:**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, 1000 Скопје

**Наслов на учебникот:**
„Историја на архитектура и уметност“, модуларно дизајнирана за II (втора) година
Сектор / Струка: Градежништво и геодезија / Градежно – геодетска
струкаОбразовен профил / Квалификација
Архитектонски техничар

**Автори:**
Ружица Јосифовска
Весна Христовска
Гордана Стоименов

**Рецезенти:**
Ванѓел Дуновски
Снежана Трајковска
Шермин Шехи

**Јазичен лектор:** Сузана В. Спасовска

**Компјутерска обработка и корица:** Емилија Ташкова

**Стручна редакција:** Софија Грујевска

**Уредници:** Елена Стефановска, Тамара Јовановиќ Нешовска

**Графичко и техничко уредување:** Леон Џинго, Евгенија Павлова – АРС СТУДИО

**Место и година на издавање:** Скопје, 2022 година

Со одлука на Националната комисија за учебници за основно и средно образование при Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, со дел. бр. 26 -125/1 од 12.05.2022 година се одобрува употреба на учебникот: „Историја на архитектура и уметност “модуларно дизајнирана за II (втора) година,  градежно – геодетска струка, образовен профил/ квалификација: Архитектонски техничар

# СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР ....................................................................................................................4
ВОВЕД...............................................................................................................................5

**МОДУЛАРНА ЕДИНИЦА 1. ПРЕДИСТОРИЈА** ..........................................................................6
1.1. ПРВИ ОБЛИЦИ НА АРХИТЕКТУРАТА И УМЕТНОСТА ...................................................7
1.2. ПРЕДИСТОРИЈА ВО МАКЕДОНИЈА ................................................................................8

**МОДУЛАРНА ЕДИНИЦА 2. СТАР ВЕК**..........................................................................13
2.1. РАЗВОЈ НА ЕГИПЕТСКА АРХИТЕКТУРА И УМЕТНОСТ УСЛОВЕНА ОД ПРИРОДНИ И ОПШТЕСТВЕНИ ФАКТОРИ – РЕЛИГИЈА..............................................13
ЕГИПЕТСКА ВИЗУЕЛНА УМЕТНОСТ..............................................................................19
2.2. АРХИТЕКТОНСКИ ОБЛИЦИ, ВИДОВИ СПОМЕНИЦИ И УМЕТНОСТ НА МЕСОПОТАМИЈА И ПЕРСИЈА ..........................................................................................21
АРХИТЕКТОНСКИ ОБЛИЦИ, ВИДОВИ СПОМЕНИЦИ И УМЕТНОСТ НА ........................ МЕСОПОТАМИЈА.............................................................................................................23
АРХИТЕКТОНСКИ ОБЛИЦИ, ВИДОВИ СПОМЕНИЦИ И УМЕТНОСТ НА ПЕРСИЈА .....25
2.3. АРХИТЕКТОНСКИ СПОМЕНИЦИ; ХРАМОВИ, ГРОБНИЦИ, ТВРДИНИ, ЈАВНИ ГРАДБИ НА КРИТ И МИКЕНА...............................................................................................29
ВИЗУЕЛНА УМЕТНОСТ НА КРИТ И МИКЕНА ...............................................................33
2.4. АРХИТЕКТОНСКИ ОБЛИЦИ, ВИДОВИ СПОМЕНИЦИ И УМЕТНОСТ НА АНТИЧКА ГРЦИЈА ..........................................................................................................................35
ВИЗУЕЛНА УМЕТНОСТ ВО АНТИЧКА ГРЦИЈА ...........................................................42
2.5. АРХИТЕКТОНСКИ ОБЛИЦИ, ВИДОВИ СПОМЕНИЦИ И УМЕТНОСТ НА РИМ ...........45
ВИЗУЕЛНА УМЕТНОСТ ВО РИМ ...................................................................................50

**МОДУЛАРНА ЕДИНИЦА 3. СРЕДЕН ВЕК**.....................................................................52
3.1. РАНОХРИСТИЈАНСКА АРХИТЕКТУРА .........................................................................52
ВИЗУЕЛНА УМЕТНОСТ ВО РАНОХРИСТИЈАНСКИ ПЕРИОД.........................................54
3.2. ВИЗАНТИСКА АРХИТЕКТУРА .......................................................................................55
ВИЗУЕЛНА УМЕТНОСТ ВО ВИЗАНТИСКИ ПЕРИОД .....................................................59
3.3. ИСЛАМСКА АРХИТЕКТУРА И УМЕТНОСТ....................................................................60
3.4. СРЕДНОВЕКОВНА АРХИТЕКТУРА ВО МАКЕДОНИЈА – ИСЛАМСКИ ПЕРИОД ..........64
ИСЛАМСКА УМЕТНОСТ ВО МАКЕДОНИЈА (СЛИКАРСТВО, РЕЛЈЕФ, ОРНАМЕНТ) .....66
3.5. СРЕДНОВЕКОВНА АРХИТЕКТУРА ВО МАКЕДОНИЈА ..................................................70
ВИЗУЕЛНА УМЕТНОСТ НА СРЕДНОВЕКОВНА МАКЕДОНИЈА ........................................77
3.6. АРХИТЕКТОНСКИ ОБЛИЦИ, ВИДОВИ СПОМЕНИЦИ И УМЕТНОСТ НА РОМАНИКА И ГОТИКА ..........................................................................................................................83
РОМАНСКА АРХИТЕКТУРА ...........................................................................................84
ВИЗУЕЛНА УМЕТНОСТ ВО РОМАНИКАТА.....................................................................87
ГОТСКА АРХИТЕКТУРА...................................................................................................89
ВИЗУЕЛНА УМЕТНОСТ ВО ГОТИКАТА .........................................................................96

**МОДУЛАРНА ЕДИНИЦА 4. НОВ ВЕК** ...........................................................................98
4.1. АРХИТЕКТУРА НА РАНА РЕНЕСАНСА ..........................................................................98
ВИЗУЕЛНА УМЕТНОСТ ВО РАНАТА РЕНЕСАНСА.........................................................101
4.2. АРХИТЕКТУРА НА ВИСОКА РЕНЕСАНСА ....................................................................101
АРХИТЕКТУРА НА ДОЦНА РЕНЕСАНСА.......................................................................102
ВИЗУЕЛНА УМЕТНОСТ ВО ВИСОКА И ДОЦНА РЕНЕСАНСА........................................103
4.3. АРХИТЕКТУРА И УМЕТНОСТ НА БАРОКОТ ...............................................................105
ВИЗУЕЛНА УМЕТНОСТ ВО БАРОКОТ (СЛИКАРСТВО)..................................................107
4.4. АРХИТЕКТУРА НА НЕОКЛАСИЦИЗАМ ........................................................................108
ВИЗУЕЛНА УМЕТНОСТ ВО НЕОКЛАСИЦИЗМОТ (СЛИКАРСТВО, СКУЛПТУРА, ОРНАМЕНТ)..................................................................................................................109
4.5. АРХИТЕКТУРА И УМЕТНОСТ НА РОМАНТИЗМОТ ВО МАКЕДОНИЈА УМЕТНОСТ НА РОМАНТИЗМОТ ВО МАКЕДОНИЈА.............................................................................109
УМЕТНОСТ НА РОМАНТИЗМОТ ВО МАКЕДОНИЈА......................................................112

**МОДУЛАРНА ЕДИНИЦА 5. МАКЕДОНСКА НАРОДНА АРХИТЕКТУРА** ................................116
5.1. АРХИТЕКТОНСКИ ОБЈЕКТИ ВО НАРОДНА АРХИТЕКТУРА .........................................116
ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА СТАНБЕНАТА НАРОДНА АРХИТЕКТУРА ...................118
РЕГИОНАЛНИ ПОСЕБНОСТИ ВО СТАНБЕНАТА НАРОДНА АРХИТЕКТУРА ...............122
РУРАЛНА СТАНБЕНА АРХИТЕКТУРА ..................................................................128
ОПШТЕСТВЕНИ ОБЈЕКТИ-МАНАСТИРСКИ КОМПЛЕКСИ ...........................................130
ВИЗУЕЛНА УМЕТНОСТ ВО МАКЕДОНСКАТА НАРОДНА АРХИТЕКТУРА ....................131

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА.........................................................................................133

# ПРЕДГОВОР

Учебникот „Историја на архитектура и уметност", кој е наменет за учениците од втора година од градежно-геодетската струка, образовен профил – архитектонски техничар, е напишан според модуларно дизајнирана програма.

Авторите настојуваат да ги обработат содржините во согласност со дидактичко-методските начела за реализација на наставата. Учебникот се состои од пет модуларни единици. Во рамките на секоја модуларна единица, обработени се предвидените содржини илустрирани со фотографии и цртежи.

Во **првата модуларна единица, „Предисторија**", ученикот ќе биде способен да ги препознава првите облици на архитекту-рата и уметноста преку светски артефакти, култни објекти, остатоци од живеалишта и гробници, како и на тлото на Македонија.

Во **втората модуларна единица „Стар век"**, ученикот ќе биде способен да ги препознае архитектонските облици и споменици, како и уметноста на Египет, Месопотамија и Персија, Крит и Микена, античка Грција и Рим.

Во **третата модуларна единица „Среден век**", ученикот ќе биде способен да ги пре-познае архитектонските облици и спомени-ци, како и уметноста од ранохристијанскиот период, византискиот период, исламската архитектура и уметност во средниот век, исламската архитектура и уметност во Ма-кедонија и уметноста и архитектурата во средновековните стилови во Западна Евро-па, романика и готика.

Во **четвртата модуларна единица „Нов век**", ученикот ќе биде способен да ги препознае архитектонските облици и споменици, како и уметноста на раната и високата ренесанса, потоа да препознава архитектонски облици, видови споменици и уметност во барокот, како и архитектура и уметност во неокласицизмот, а секако и архитектонски објекти, споменици и уметност во Македонија.

Во **петтата модуларна единица „Македонска народна архитектура**", ученикот ќе биде способен да препознава објекти од народната архитектура, од структурата на градовите во Македонија, станбената народна архитектура, традиционалната архитектура, селската архитектура, манастирските комплекси и други видови објекти, како и визуелната уметност во Македонија, сликарство, скулптура и орнамент.

Архитектурата, скулптурата и сликарството, покрај тоа што се интегрално поврзани во нивната материјализација, се нераздвојни и во творечкиот опус на архитектите.

Визуелната уметност е уметничка форма, вклучувајќи сликарство, скулптура и орнамент кои се фокусираат на создавање дела што се визуелни по природа.

При реализирање на програмата преку овој учебник, учениците лесно може да се запознаат со историјата на архитектурата и уметноста на човештвото низ вековите.

Особена благодарност им должиме на рецензентите на овој учебник, чии сугестии и забелешки придонесоа за подобрување на неговиот квалитет.

Авторите се однапред благодарни за секоја добронамерна критика или забелешка за подобрување на содржината, бидејќи веруваат дека овој учебник ќе придонесе учениците од градежно-геодетската струка, образовен профил архитектонски техничар, да се запознаат со содржините кои ќе им бидат од корист во нивното понатамошно професионално усовршување.

Авторите

# ВОВЕД

## Општ поглед на развојот на архитектурата

Историјата на архитектурата е дел од општата културна историја и го опфаќа развојот на архитектурата низ векови, почнувајќи од првите манифестации на градежното творештво во предисторијата па сè до денешните архитектонски остварувања.

Поимот архитектура потекнува од старогрчкиот збор ***(architekton)*** кој означува главен градител-творец на објектите.

Архитектурата е синтеза на уметност и наука за просторно обликување на градежните објекти. Проучувањето на архитектурата се темели на зачувани објекти, списи, нацрти, предмети и др. податоци од минатото. Со развојот на човечките заедници, условени од развојот на цивилизациите низ историските епохи, архитектурата се проширува и на другите човекови потреби. Елементи на архитектонското обликување црпел од самата природа, која му обезбедувала засолништа во изобилство (пештери, спили, поткарпи). Подоцна луѓето пронаоѓале и остварувале свои замисли кои во текот на времето ги усовршувале сè до денешните смели идеи и концепции на архитектонските објекти.

## Фактори што влијаеле врз развојот на архитектурата

Развојот на архитектурата не бил подеднаков во сите епохи и на сите региони каде живеел човекот. На ова влијаеле низа фактори каде што: културното ниво на народот, општествените и економските услови, религија, клима, релјеф и градежен материјал. Од својот почеток архитектурата е тесно поврзана со сликарството и скулптурата. Пештерскиот човек ѕидовите на своите живеалишта ги украсувал со цртежи на животни. Во сите епохи на развојот, надворешното и внатрешното обликување имало одредени карактеристики во композицијата и деталите, карактеристично за поедини земји и епохи. Од тие елементи се формира начин на градење и обликување кој го одбележува творештвото на една епоха, наречен **стил**. Тој не е само декоративна страна при архитектонското обликување, туку е обележан во основната конструктивна концепција, изработката на елементите и вештината на обработка на материјалот. Во развојниот пат на архитектонското творештво се среќаваат два основни конструктивни системи кои се менуваат во зависност од местото и периодот, а тоа се:

- греден (архитравен) систем од столбови и греди на кои се потпираат рамни таваници
- лачен (архиволтен) систем со лаци и сводови над столбовите.

**Според намената градежните објекти ги делиме на:**

- профани објекти кои ги задоволуваат потребите за живеење и општествени потреби. Овде спаѓаат станбените објекти, палати, театри, амфитеатри, угостителски, спортски и индустриско-стопански објекти.
- сакрални (верски објекти) – сите религиозни објекти. Овде спаѓаат: храмови, цркви, џамии, синагоги.
- сепулкрални (некрополи) – гробници.

**Според епохите историјата на архитектонското творештво, се дели на**:

**1. Предисториски период**

- Камен
- Бронзен
- Железен

**2. Стар век**

- Историја на архитектурата на источните народи
- Историја на архитектурата на западните народи

**3. Среден век**

- Старохристијанска
- Византиска
- Романска
- Готска

**4. Нов век**

- Архитектурата на ренесансата и барокот
- Неокласицизам
- Модерна и современа

Архитектурата содржи научна и уметничка компонента. Значи, потребно е знаење кое се темели на искуство, а исто така и надареност, односно способност за творење и креирање.

# Модуларна единица 1. ПРЕДИСТОРИЈА

Архитектурата е наука и уметност за просторно обликување на градежните објекти. Во развојниот пат на архитектонското твореш тво се среќаваат два основни конструктивни системи: греден (архитравен) сис тем и лачен (архиволтен) систем.

Според намената градежните објекти ги делиме на: профани (општествени); сакрални (верски); сепулкрални (некрополи) – гробници. Спрема епохите историјата на ар хитектонското творештво се дели на: пред историски период; стар век; среден век; нов век.

Во почетокот на човечкиот развој, пред неколку стотини илјада години луѓето целосно зависеле од природните услови. Тие можеле да користат само готови природни елементи - оборени дрва и пештери. Постепено во процесот на суровата борба за опстанок и како резултат на запознавање на окружувањето и усвојувањето на работните навики, човекот се научил да создава. Предисторискиот период се дели на три периоди кои се определени според материјалот од кој човекот ги изработувал оружјето и орудијата. Тоа се: **камен, бронзен и железен** период.

Камениот период се дели на:
- палеолит – стар камен период
- мезеолит – среден камен период
- неолит – нов камен период

Во бронзениот период човекот научил да ги преработува металите: злато, бакар и калај. Од бакарот и калајот се добива бронза од која се изработуваат оружјето, алатките, разни предмети за домаќинство, накит и украсни предмети.

Во железниот период железото се преработува како материјал за изработка на оружје и алатки. Почетоците на уметничкото творештво на праисторискиот човек го претставуваат сликите на животни издлабени во пештерите или во примитивните засолништва што успеал сам да ги направи. Некои се цртани со земја во разни бои, а некои се издлабени со остар предмет.





*Слики на животни од предисторискиот период на ѕидовите на пештерата Алтамира - Шпанија*



*Камени орудија*



## 1.1. ПРВИ ОБЛИЦИ НА АРХИТЕКТУРАТА И УМЕТНОСТА

Првите архитектонски остварувања биле споменициτе. Севкупниот назив на овие споменици е мегалити по старогрчкиот збор **megas** - голем и **lithos** - камен. Во мегалити спаѓаат:

- менхири - стоечки камења со неправилен облик со висина од 10-20 м, делумно обработени со лик на човек
- долмени - гробници означени според голема камена плоча, поставена со вертикални камени потпори, и со значајно големи димензии (Стоунхенџ - мегалитска опсерваторија во Солзбери, Англија).



*Долмени во Западна Европа*



*Менхир*



*Стоунхенџ - мегалитска опсерваторија во Солзбери, Англија*



*Менхири поставени во редови во локалитетот Мернек, Франција*



*Кромлех - Стоунхенџ - реконструкција*

*Киклопски ѕид*

- Систи се мали гробници во форма на сандак, по форма квадратни, правоагол-ни и кружни, оградени и покриени со ка-мени плочи.
- Кромлези - се во круг или во долги алеипоставени камења, над кои е поставена хоризонтална камена плоча. Блоковите се грубо обработени, а такви примери има во Западна Европа, Данска, Швед-ска, Англија.



*Тумулус*



*Киклопски ѕид*

- Тумулуси - се уметничко обликувани возвишенија (могили).
- Киклопски ѕидови - ѕидови од големи камени блокови со полигонален облик.

### Предисториски живеалишта и населби

Како предисториски живеалишта познати се: **земјанките, надземните куќи и соениците**.

Земјанките служеле за заедничко живеење и имале повеќе простории и повеќе огништа. Некои од пронајдените земјанки се подолги од 30 м. Покривот го потпираат дрвени столбови во средината. Подот е од набиена глина, понекогаш обложен со камени плочи или рогозина од трска и гранки. Просторот внатре е поделен на простор за подготовка на храна и простор за спиење. Соеници се дрвени куќи градени на вода со помош на колци, над кои се поставени хоризонтални греди, а над нив попречни греди обложени со кал од горната страна. Ѕидовите се од локален материјал (трска, гранки, бамбус, слама и глина). Врската со копното е тесен мост.



*Кокино-мегалитска опсерваторија во Македонија. Датира од 1800 г. пр.н.е., рано бронзано време: камените маркери го означувале местото на изгревањето на сонцето и месечината и се мерело времето*



*Големата мајка, фигура на божица од локалитет Тумба, Маџари*

Вакви објекти се пронајдени во Швајцарија, Славонија, Босна, Македонија (Охрид) и др.

## 1.2. ПРЕДИСТОРИЈА ВО МАКЕДОНИЈА

Македонија изобилува со предисториски населби.

Бројните ископувања овозможуваат првични согледувања на најелементарните карактеристики кои биле присутни на ова тло од средината на VII до V милениум пр.н.е. Неолитските населби можеме да ги сретнеме во различни географски средини: на речни и езерски брегови, во долини, покрај извори, на тумби и во мочуришни предели.

**Предисториски локалитети има низ цела Македонија од кои позначајни се:** *битолски дел: Тумба кај с. Агларци; Тепеџик – Бег кај с. Алинци; Гргур Тумба, кај Битола; прилепски дел: Градиште, кај с. Дебреште, Орелова Бара, с. Заполжани; Мариово: Царичина Нива, с. Витолиште; Охридско-Преспански Регион: Кутлина, кај с. Велмеј, Горица, кај с. Лескоец, Голем Град - Остров, с. Коњско;*



*Керамички сад*

*Полог: Бело Поле кај с. Желино. дебарски крај: Музлагица, кај с. Селокуќи. Скопско-Кумановски Регион: Тумба кај Маџари, Церје кај с. Говрлево, Мало Саралија кај Агино Село. Велешко-Тиквешки Регион: Стоби, кај с. Градско, Буеви Ниви кај с. Дрен, Овчеполско-Брегалнички Регион: Блидеш, с. Трновец, Барутница, с. Амзабегово; Струмичко-Радовишки Регион: Голема Трпеза, кај с. Старо Коњарево. Гевгелиско-Валандовски регион: Агова Чешма, с. Смоквица, Атици клај с. Црничани, Вардарски Рид кај Гевгелија.*

## Култни објекти

Во рамките на населбите и живеалиштата истражувани на територијата на РМ, пронајдени се мноштво предмети кои влегуваат во сферата на неолитската култура. Во овој мошне обемен репертоар на артефакти, најчесто влегуваат фигурините, моделите на куќи, жртвениците, печатите, како и антропоморфните и сликаните садови. На нив најчесто се изработени човечки и животински претстави, архитектонски објекти, или пак се декорирани со орнаменти кои се во релација со нивната функција.

## Живеалишта во неолитскиот период

Досегашните истражувања дадоа сознанија за два типа населби. Вештачки подигнати возвишенија „тумба“ (се користи и топонимот - тумба, могила, чука, на пример: Тумба Маџари) и рамни „речна тераса“ (пример: Церје кај с. Говрлево).

### Опис на неолитско живеалиште

Откриени се три вида живеалишта:
- земјанки,
- надземни куќи и
- наколни куќи

Во време на неолитот во Македонија за живеалишта се користеле и пештерите, спилите или поткарпите. Во системот пештери по течението на река Бабуна, Велешко се наоѓаат Макаровец и Макаровец 2 во кои се откриени парчиња керамички садови.

**Земјанки** – живеалишта од типот на земјанки се пронајдени кај неолитскиот локалитет Пештерица - Прилеп. Оваа населба од пет земјанки е ориентирана кон мала рекичка што течела веднаш до населбата. Секоја земјанка во основа формира речиси правилен круг со пречник од 1.16-3.60 м, вкопани на здравица во длабочина од 40 см. Кровната конструкција најверојатно била од дрво и гранчиња покриена со слој од



*Реконструкција на доцнонеолитска земјанка*



*реконструкција на куќа*



*реконструкција на наколна куќа*

глина. Огништа во нивната внатрешност не се пронајдени.

**Куќи** – Изборот на локацијата за неолитската населба бил одреден од повеќе предуслови: да биде во близина на извор, по-

волна ориентација во однос на сонцето, спротивно од правецот на дување на ладни ветрови, да има обработлива површина и место за чување добиток, близината на ловиштето на дивеч и риба и достапност на материјали за градење на куќите. Ова биле предуслови кои неолитските луѓе строго ги почитувале при изборот на локацијата.

**Архитектонски и конструктивни карактеристики на неолитските куќи**

Градењето започнувало со израмнување на просторот и фундирање со речни валчести камења или дрвена решеткаста структура поврзана со вертикална мрежа од столбови и колци и сето тоа премачкано со дебел слој од глина.

**Подови во куќите.** Биле изведени од набиена земја или камени плочи.

**Формата на куќата.** Може да биде: правоаголна, квадратна или трапезоидна, а квадратурата различна 4,00 x 4,00 м, 8,00 x 8,00 м, 6,5 x 7,5 м.

**Ѕидови во куќите.** Во ископаните јами биле поставувани вертикално носечки столбови на аглите на куќата и помеѓу нив други дрвени колци, додека внатрешните централни столбови го носеле слемето на покривот. Следниот чекор било поставување на хоризонтални потенки гранки или цепани гредички кои биле испреплетени со вертикална мрежа од колци со што се добивала една силна и статички добра дрвена конструкција. Како материјал за дрвената решеткаста конструкција се користела и трска. Ѕидовите се обложувале со мешавина од земја, глина, житна плева, сува слама. Ѕидовите биле обликувани од двете страни, па вкупната дебелина на ѕидот изнесува 30 см, потоа ѕидот се мазнел со чиста глина и се бојадисувал. Ѕидните платна биле декорирани пластично или боени.

**Отвори во куќите**. На ѕидните површини им биле правени отвори кои најверојатно служеле за влез, отвори за светлина и проветрување или отвор за излегување на чадот од огништето. Отворите кај глинените модели на куќи се претставени во различна форма.

**Покриви на куќите**. Покривите на неолитската куќа за нас се голема загатка заради нивното често страдање од пожари. Но, се претпоставува дека се слични на покривите на моделите на куќите кои се дводни или едноводни, сводести и калотни.



*Наколно живеалиште во Охрид - реконструкција*

Покривот е формиран со косо поставени тенки греди кои се врзувале со хоризонталната слемена греда, потоа следува мрежа од гранки на кои се поставува слама во повеќе слоеви или слој од глина кај калотниот покрив. На предната страна на куќата или во близина на огништето е поставуван култен елемент, пластично изработена глава од животно направен од глина и таа вршела заштитничка функција врз куќата и нејзините сопственици.

**Наколни куќи**

Ова е трет тип живеалишта подигнати на дебели колци забиени во вода. Вакви населби се наоѓале на бреговите на Охридско и Преспанско Езеро. Столбовите кои биле јагленисувани се набивале на дното на езерото и тие служеле како носачи на дрвената платформа врз која биле подигнати куќи. Куќите се од дрвена конструкција, подовите биле налепувани со глина на која е градена конструкција од камења за печката или огништето. Ѕидовите се од дрвен преплет, премачкани од двете страни со слој од глина. Ѕидот е со дебелина од 25 см, и обезбедува добра термичка изолација во студените зимски денови. За погоре кажаното би дополниле уште за улогата на куќата, како персонификација на мајката која ја имала потребата да ги собере, заштити и одгледа членовите на семејството. Но, таа ја има улогата и да ги прими останките по смртта на некој од членовите на семејството т.е. да послужи како гроб. Така во рамките на куќата биле и погребувањата. Локацијата на погребувањата била под подот или во близина на огништето.

**Ентериер на неолитската куќа**

Внатрешноста на куќата се состои од една, две или повеќе простории. Тие меѓусебно не биле поделени туку од нивото на подот било ѕидано цокле или парапет, а на него била поставувана преграда од преплетени прачки, растегната кожа или ткаенина. Во куќата се среќаваат неколку функционални елементи како што се: огниште, печка, жртвеник, мелница, жртвеник (прос-

тор за кој се претпоставува дека се чува семенскиот материјал), јама-силос за чување зрнеста храна и јама за отпадоци.

### Неолитска визуелна култура

Археолошките истражувања на бројните неолитски локалитети во Македонија приложија мноштво антропоморфни фигури преку кои се претставува човечкото тело. Исто така една од најголемите придобивки се моделите на куќи од кои може да се добие претстава за изгледот на куќите, алатки, накит, жртвеници (керамички предмети кои поради специфичниот изглед се нарекуваат така. Овој термин според нивната функција не е соодветен па се користи терминот култна масичка, светилници, олтарчиња итн.), печати и садови од керамика со декорација.

### Гробници – некрополи

Сите досега откриени неолитски погребувања во Македонија се лоцирани во внатрешноста на населбите што претставува обредна практика вообичаена и за другите делови од Балканот. Досега не е потврден ниту еден скелет кој излегува надвор од населбата или сугерира постоење на некропола.  Се јавува  и погребување во куќи кои биле едно од најпреферираните места за положување на остатоците од покојниците. Неколку такви погребувања се констатирани кај Амзабегово, Маџари и Ново Село. Од некрополите во праисторискиот период во Македонија се  утврдени остатоци од тумули во вид на цисти, како што е некрополата во локалитетот Висои, Битола.

Во Висои, најдена е некропола - тумул од железно време. Се наоѓа на 17 км од Битола и на околу 300 м од левата страна на стариот пат Битола-Прилеп, на тромеѓето помеѓу селата Црнобуки, Могила и Беранци. Овде уште во 1954 година се констатирани три тумули подредени во еден правец и оддалечени еден од друг од 300-500 м. Со откопување на теренот, на најголемата могила биле откриени гробови со камени плочи. Најдени се 47 гробови од камени плочи-тип циста, радијално распоредени, опкружени со суво ѕидан прстен од камен и централен гроб на средината кој е временски постар. Наодите се чуваат во Музејот во Битола.

## Уметност во предисторијата

Првите артефакти и уметничка активност се пронајдени во доцниот палеолит, мезеолит и неолит.

Најзначаен пример на вакво сликарство е пронајдено во повеќе пештери во Европа: Алтамира во Шпанија, Италија, Франција и др.

Првите уметнички зачетоци во предисторискиот период се забележуваат во орудијата за работа и во предметите за лична употреба. За да го видиме монументалниот израз во сликарството и вајарството, треба да посетиме неколку пештери во Алтамира, Шпанија, Франција, Италија и др. во кои неолитскиот човек со земјени бои прави разновидни слики, како во однос на видот на животните: мамут, бизон, северен елен, коњ, дива свиња, волк, така и во однос на нивното движење: стоење, одење, пасење, трчање, виткање. Секоја слика е одраз на острото око на ловецот-уметник кој прецизно ги памети моменталните движења и ги пренесува на цртежот. Животните се прикажани со изразена особина – живост, итрина, тромавост и достоинство.

Во предисторијата, како уметнички мотив се јавува и скулптурата која може да биде во вид на релјеф со животински мотиви на орудијата за работа и лов кои се наменски обликувани и скулптури на човечки фигури кои се карактеризираат со топчести облици.

Уметничкото изразување во предисторискиот период се јавува кај орудијата за работа. Каменото орудие е обработувано со делкање и мазнење, со што е постигнато совршенство во убавината на формата, пропорциите и прецизноста.



*Вилендорфска Венера*

Неолитската керамика е работена рачно. Таа е едноставна и груба, но со примамлив облик и пропорции. Грнчаријата е украсена со концентрични и цикцак линии, спирали и точки, сите приспособени на обликот на садот, предметите за секојдневен живот, садовите за храна и вода, керамички предмети и други украси. Покрај реално прикажување на сето она што го опкружува човекот во неолитскиот период, има примери и на апстрактно прикажување. Од текстилот е малку сочувано, но затоа има повеќе од предметите за изработка на текстил како вретена, разбои, игли, плетени корпи и сл.



*Пештерско сликарство*

## Предисториски период во Македонија

### Тумба Маџари – населба од неолитско време

Населбата се наоѓа во Скопје, поточно во населбата Маџари во која првите истражувања се направени во 1978 год. Истражен е простор од 1400 м$^2$ во кој се пронајдени урнатини од 7 објекти, шест од нив се живеалишта, а седмиот е светилиште. Во основа, објектите се со квадратна и правоаголна форма, надземно градени. Од артефактите, најзастапени се керамичките садови. Тие се декорирани со кафеава и црвена боја. Садовите се со орнаменти со висока естетика и симболика (дожд, клас од жито, вода). Покрај керамиката, пронајдена е култна пластика со антропоморфни форми меѓу кои Големата мајка божица. Покрај Големата мајка има и други антропоморфни модели, женски и машки статуетки, зооморфни жртвеници и др.

**ЗАПОМНИ**

Предисториски споменици мегалити се: менхири, долмени, систи, кромлеси, тумулуси и киклопски ѕидови.

Како предисториски живеалишта познати се земјанките и соеничите. Република Македонија изобилува со предисториски локалитети од кои позначајни се: Церје с. Говрлево, Вардарски Рид, Стоби, Барутница с. Амзабегово и др.

Во култни артефакти, најчесто влегуваат фигурините, моделите на куќи, жртвениците, печатите, како и антропоморфните и сликаните садови.

Сликарството се јавува во пештерите. Пронајдени се важни артефакти, керамички садови, накит, орудија за работа.

# Модуларна единица 2. СТАР ВЕК

## 2.1. РАЗВОЈ НА ЕГИПЕТСКА АРХИТЕКТУРА И УМЕТНОСТ УСЛОВЕНА ОД ПРИРОДНИ И ОПШТЕСТВЕНИ ФАКТОРИ – РЕЛИГИЈА




*Географска положба на Египет*

Меѓу најстарите култури кои денес ги проучуваме е египетската која се развила во плодниот појас околу реката Нил, широк 20 км и долг 2000 км. Египет постоел пред 5000 години како апсолутистичка држава.

***Општественото уредување*** било робовладетелско. На чело на власта бил фараон кој бил сметан за божество, а покрај него класа на војсководци и свештеници имало многу богати и привилегирани. Од другата страна се безбројните робови кои со големи напори и маки изведуваат за владејачката класа големи градби и работи неопходни за развој на државата. Проучувањето на египетската архитектура и уметност сериозно започнува по походот на Наполеон во Египет кога Французинот (Champollion) Шамполион успева да го дешифрира египетското сликовито писмо. Дури во 1922 г. археолозите успеваат да ја откријат многу значајната гробница на Тутанкамон.

***Економска моќ*** - За силната економска моќ на Египет придонеле два основни фактори:

1. Поволната крајбрежна положба која овозможува трговија со Сирија, Грција, земјите на Мала Азија и др.
2. Климата е сува и топла, но реката Нил обезбедувала вода за напојување и воден транспорт. Плодната почва која останувала по изливањето и повлекувањето на Нил, овозможувала повеќе жетви во годината, а со тоа и благосостојба. Нил е добра река и е споредувана со божество.

***Историски развој*** – Историскиот период во Египет почнува од V милениум пр.н.е., при што се формира религија, заеднички јазик и заедничко сликовито писмо. Владеачките фараони во Египет се групирани во 30 династии. Во историјата на Египет како и во развојот на египетската архитектура се разграничуваат неколку епохи:

- Преддинастиска епоха
- Династиска епоха која се дели на:
  1. „Епоха на Старото Царство (3000-2400 г. пр.н.е.)“ - Обединувањето на Горен и Долен Египет во едно царство како и прогласување на Мемфис за престолнина од фараонот Менес
  2. “Епоха на Средно Царство (2100-1800 г. пр.н.е.)“ – Престолнина е градот Теба.
  3. „Епоха на Новото Царство (1580-1100 г. пр.н.е.)“ – Тоа е времето на најголемиот развој на египетската држава
  4. „Епоха на Доцното Царство (1000-525 г. пр.н.е.)“ – Во овој период Египет ја губи самостојноста. Во 525 г. пр.н.е. потпаѓа под власта на Персијците, а во 332 г. пр.н.е. со територијата владее Александар Македонски. Во 30 г. пр.н.е. Египет потпаѓа под власта на Римјаните.

### Религија

Египќаните биле многубошци, но главно божество им бил богот на сонцето Амон-Ра, претставен како крилато сонце, како и други божества: Озирис, Хатор. Египќаните верувале во задгробен живот и во бесмртност на душата, па затоа станбените објекти се од слаб материјал, додека многу важно било обезбедувањето на солидна



*Погребната одаја на Тутанкамоновата гробница со ѕидно сликарство*

гробница како вечен дом. Телото на покојниот се балсамирало, а во гробниците се ставале златни погребни маски и многу накит, како и предмети од секојдневниот живот за да можел покојниот да се служи со нив во вечниот дом. Ваквото верување давало насока на целиот живот вклучувајќи ја и архитектурата.

***Градежен материјал*** - Освен каменот Египет бил сиромашен со градежен материјал. Глината се употребувала за изработка на непечени блокови во кои понекогаш се вметнувал и слој од сечкана слама.

За обложување на надворешни ѕидови, за греди и столбови се користел гранит и тврд варовник. Во Египет се користеле и гипс и алабастер, а со градежно дрво се снабдувале од Сирија и Либан.

## Конструктивни и стилски карактеристики во египетската архитектура и ликовната уметност

*Египетската архитектура ја карактеризираат тежина и масивност, желба за трајно и вечно да издржи изведениот споменик – монумент, па оттаму ваквата градба се нарекува монументална.*

Египќаните користат архитравен конструктивен систем кој се состои од столбови и греди. Живописноста и скулптурата играат важна улога во градењето на воодушевувачките архитектонски форми. Стеблата на столбовите, обелисците, венците и површините на пилоните се исполнети со богата симболична орнаментика, цртана или изработена во плиток релјеф со издлабени контури. Најчесто се среќаваат мотиви со човечки фигури во препознатлив



*Тутанкамоновата маска од чисто злато, која денес се наоѓа во Музејот во Каиро*

манир, цвеќиња, свети животни, хиероглифи и др.

Ѕидовите од камен се од внимателно обработен клепан камен, со прецизни, речиси невидливи фуги, без малтер, а слоевите се спојуваат со челични врски. Во горниот дел, ѕидовите завршуваат со заокружување од ¼ круг и со венец од полукружен лак, наречен „египетско грло" – сима, кој оди и по рабовите на ѕидот. Ѕидот често бил украсуван со релјеф или испишуван со хиероглифи. Надворешните ѕидови биле закосени, а од горе се поставувала закосена плоча.



*Влез со пилони пред храмот на Хорус во Едфу*

При влезот на храмовите и палатите се граделе ѕидови во вид на кули, кои образуваат **пилон**.

***Техника на градба*** - Камените блокови се носеле со сплавови по Нил за време на високите водостои. До градилиштата се пренесувале со помош на човечката сила – со стрмни рамнини и рампи изведени од набиена земја. Помалите блокови се влечени по песок на еден вид санки. Тркалото го познавале, но не го користеле во градежништвото. Тоа имало примена само за борбените коли.

***Столбови и нивно обликување***

Во архитектурата од камен, основни елементи претставуваат столбот и архитравот, налегнат на столбовите. Првите египетски столбови /столпци/ се со призматски облик со квадратен или правоаголен пресек без базис и капител, украсени од сите четири страни со слики и хиероглифи.

Столбовите се со кружен пресек, составени од прстени, изведени според формата на растенијата од овој крај.

Столбовите се состојат од: базис, стебло и капител. Базисот е ниска плоча со благо заоблени горни рабови. Стеблото на столбот е мазно или избраздено. Капителот е најкарактеристичен елемент од столбот и има форма на стилизиран цвет на лотос, папирус, палма. Според обликот на капителот се разликуваат повеќе видови столбови:

- *лотосов столб* - Стеблото е во вид на сноп од 4-6 прачки, поврзани под капителот со 5 ленти. Капителот е во вид на лотосова пупка, над која доаѓа рамна квадратна плоча абакус. Висината на столбот изнесува 6 долни пречници на стеблото



*Камени столбови со квадратен пресек обработени со релјеф и скулптура*

*1. Капител во облик на лотосов цвет*
*2. Капител во облик на пупка од папирус*
*3. Капител во облик на цвет од папирус*
*4. Капител во облик на палма*





*Капител со лик на божицата Хатор*

- *папирус столб* - Во вид на сноп, како и претходниот или цилиндричен, при што на дното е стеснет. Базисот е потесен од оној на лотосовиот столб, а капителот е во вид на пупка или отворен цвет на папирус. Висината на столбот е 6 долни пречници
- *палмин столб* - Со цилиндрично стебло, со 5 кружни ленти. Капителот е составен од 8-10 палмини лисја сложени во круг. Абакусот е квадратна плоча. Висината на столбот е 6 долни пречници
- *хатор столб* - Во форма на зголемен и стилизиран музички инструмент хатор. Стеблото е цилиндрично, мазно и испишано со хиероглифи и орнаменти. Капителот е коцкаст, на сите негови четири страни е ликот на божицата Хатор, а над него е другата коцка со орнаментни површини.

## Архитектонски споменици: храмови, гробници, станбени објекти, тврдини, јавни градби

Во богатото архитектонско творештво на египетската архитектура се среќаваат



*Голема сфинга чувар на пирамидите во Гиза, со тело на лав и човечка глава; некогаш обоена и позлатена*



*Алеа на скулптури во облик на овен меѓу Луксор и Карнак*

следниве архитектонски творби: сфинги, обелисци, храмови, гробници и станбени објекти.

**Сфинги** - Скулптури од фантастични суштества со тело на лав, со лик на фараон, овен и др. Го симболизираат богот Хорус. Се поставуваат во вид на алеи при приодите на храмовите. Меѓу Луксор и Карнак на должина од околу 2 км, поставени се околу 1000 сфинги со овнови глави. Најпознатата е Големата сфинга кај Гиза долга 57 м и висока 12 м, со тело на лав и глава на фараон.

**Обелисци –** 20-30 м високи монументални гранитни столбови со квадратен пресек, се стеснуваат на врвот и завршуваат со позлатена пирамида. Обелискот служел како пишан споменик со кој се величал основачот на храмот пред кој е и поставен. Изработени се од еден камен блок, поставени на ѕидана потпора закопана неколку метри под земјата. Обелисците биле симболи на сонцето.

***Храмови***

Египетскиот храм претставува област обиколена со градини, водени површини и алеа на сфинги. Храмовите се замислени како живеалишта на одредени божества на земјата. Така и се уредени. Биле опколени со дебели ѕидови, високи, без прозори, со голем број простории (според средствата на оној кој го подига храмот).



*Обелискот на Рамзес II*

*Основа на Амоновиот храм во Едфу*
*1. Пилон со влез*
*2. Двор*
*3. Трем – перистил*
*4. Хипостилна сала*
*5. Светилиште*



Правецот на поставување на храмовите е север – југ, односно по течението на Нил.

Предниот ѕид е пилон, со повисок ѕид од другите, со влез, а пред него еден или два кипа на дарителот, како и два обелиска.

Низ вратата се влегува во двориште, кое од две или три страни е опкружено со столбови. Над столбовите се поставени архитравни греди, кои ја носат покривната конструкција. Во средината често пати се поставува жртвеник.

Со скали или рампа од дворишетето, се влегува во перистил (вестибил), односно трем со столбови.

Одовде се влегува во хипостилна сала со иста ширина како и двориштето, но помала во должина. Таа претставува „престолна дворана“ на божеството. Хипостилната сала е со покривна плоча поставена на столбови, често пати во голем број, па и над 100 столбови, и е базиликално осветлена. Во неа имале пристап само високите класи на народот.

Светилиштето е „вистинскиот“ дом на божеството, опколено со низа простории, кои служеле за богослужба и како магацин за подароци. Тука подот постепено се издигнува, а таванот се снижува, со што светилиштето добива перспективен фокус кон кој се насочени сите линии на долгата оска по која е граден храмот. Тоа било темно, без прозорци, со можни скали во задниот дел, кои воделе до терасата. Овде пристап имале само фараонот и свештениците.

*Храм на Рамзес II во Абу Симбел*





*Храм на Нефертари во Абу Симбел*

Најголемите храмови од тој период се наоѓаат во Карнак и Луксор до престолнината Теба. Храмот на Амон Ра во Карнак е граден и доградуван повеќе од 1500 години. Тој има 11 различни светилишта, долг е 375 м и има неколку пилони од кои еден од нив е со ширина од 113 м и висина 43 м. Големата хипостилна сала е градена од Сетос I и Рамзес II од (1350-1230 г. пр.н.е.) и има димензии 52/103 м.

Во планинските предели, каде што немало простор да се развие целиот храм, се граделе погребни храмови вкопани делумно или целосно под земја т.е. пештерски. Така се познати:

- Храмовите на Рамзес II и неговата сопруга Нефертари, во Абу Симбел. Фасадата на храмот е оформена од 4 колосални седечки фигури на фараонот-градител Рамзес II високи по 20 м. Во времето на градењето на Асуанската брана е дислоциран на повисоко
- Малиот храм, посветен на божицата Хатор во Ипсамбул
- Големиот храм посветен на богот Амон-Ра во Ипсамбул

**Гробници** – Според верувањето на старите Египќани гробниците биле трајниот дом за животот по смртта. Затоа тие требало да ја сочуваат мумијата, но и храната, предметите и сè друго што би му било потребно во текот на „вечниот живот“.

Најпримитивните облици биле прости јами, затрупани со земја или обѕидани со потпорни ѕидови и покриени со камени плочи. Подоцна, во I и II династија, почнува над гробницата да се насипува земја со закосени страни, во вид на пресечена пира-



Реконструкција на мастаба



Скалеста Џосерова пирамида

мида, и се обложува со камен. Овие гробници се наречени **мастаби**. Приодот е со скали од страна, длабоки и до 20 м, а со површина од неколку стотици $м^2$. Висината е од 1 до 2,5 метри.

Мастабите често се граделе од ќерпич и се групирани во некрополи (градови на мртвите).

Подоцна надземниот дел се развива, па добива сала за посети, капела и сердап - место каде што се сместени слики и скулптури на покојниот и каде што се принесувале подароци.

Подоцна (III династија) се добива облик на полна пирамида, која се прави сѐ поголема, со приод од надвор. Овој облик е усвоен и за фараонските гробници, при што значајни се:

- **скалеста пирамида** - Џосеровата пирамида во Сакара, претставува еволуција на гроб – мастаба т.е. неколку мастаби, редени една над друга. Висока е 60 м, а е дело на архитектот Имхотеп



Комплекс на пирамиди во Гиза

- **класичната пирамида** е со квадратна основа, подигната на камена основа, со темели заоблени навнатре, за постигнување на стабилност на почвата. Ги има многу. Во некогашниот град Мемфис, зачувани се над 100 пирамиди.

Најпознат е монументалниот комплекс во Гиза, кој ги опфаќа Кеопсовата, Кефреновата и Микериновата пирамида. Најголемата од пирамидите е на фараонот Кеопс. Квадратната основа има страна од 233 м и висока е 146 м. Изградена е од големи камени блокови од жолт варовник, тешки над 2,5 тони. Надворешната обработка на пирамидата била од полирани блокови. Во пирамидата постојат повеќе простории од кои најгорната била за гробницата на фараонот. Кон погребната просторија воделе вештачки замаскирани и заѕидани галерии.

Пирамидите биле ѕидани од блокови од непечена глина – плитари, или груби камени блокови. Однадвор и однатре биле обложувани со клепан камен. Ходниците во внатрешноста се разгранувале на разни страни, за да се скрие вистинскиот пат кон саркофагот на фараонот.

Во Горен Египет, каде што долината на Нил е претесна, се граделе сиринги - гробници во вид на ходници, издлабени длабоко во карпите.

**Станбени населби и објекти** - Египетската клима, со суви и топли лета, наложувала градење на објекти со дебели ѕидови, со малку прозорци, чии димензии биле мали, со цел да се заштитат од високите температури.

Како точно изгледале египетските градови и какво било нивното архитектонско-ур-



*Египетска куќа (реконструкција)*



*Изглед на египетски куќи*

банистичко оформување не е наполно познато. Тие биле градени од недолготрајни градежни материјали, па со времето, војните и пустинските песоци им се изгубиле трагите. Исто така, за градењето на големите објекти биле потребни голем број работници и робови. За тие потреби во близина на местото на градбите се правеле населби за робовите со градби од непечена тула. Вакви примери се зачувани во градот Кахун, изграден на две тераси. Побогатите станови имале летни простории свртени на север и зимски снабдени со ложиште. Околу куќите се богати градини со палми и базени.

Имало и мали скромни станови – приземни, како и поголеми на еден или два ката. Покривите биле рамни, покриени со слој земја, поради топлинска изолација.

Кралските палати биле градени според истиот принцип како и побогатите куќи, само со уште поголем број простории и поголеми димензии. Тука се среќава одвоеност на приватниот стан – харемот, простории за прием со хипостилна сала, простории за робовите, како и простории за магацини и остави.

## ЕГИПЕТСКА ВИЗУЕЛНА УМЕТНОСТ (СЛИКАРСТВО, СКУЛПТУРА, ОРНАМЕНТ)

Египетската архитектура и уметност со своето огромно богатство и со своите уникатни форми и мотиви даваат голем придонес за развитокот на архитектурата. За создавање на грандиозни згради и комплекси, мајсторски биле искористувани сите средства на архитектурата и уметноста: огромните димензии на зградите; вешто поставување на архитектонските објекти во природна средина; користење на прости форми и силуети оставајќи впечаток на статичност и цврстина; широко користење на симетријата и на долгата оска; повеќекратно повторување на еднакви елементи; упростени детали; силно означување на колосалните димензии на зградите и комплексите; многубојни украси на зградите и умешно искористување на скулптурата, релјефот и живописот за добивање на максимална корелација.

## ЕГИПЕТСКА ВИЗУЕЛНА УМЕТНОСТ

### Сликарство

Уметноста на античкиот Египет е првиот период на класна нееднаквост, односно фараонот и владејачката елита се во фокусот. Фараонот е главна фигура која е прикажана со моќно тело и идеализирани портретни слики.

Во ѕидното сликарство се користат бои на суви површини или во претходно направени жлебови исполнети со бои кои се од природно минерално потекло.

Фараонот секогаш е прикажан поголем од робовите и секогаш е неподвижен.

Гробните одајни ѕидови се обложени со релјеф на кој е насликан секојдневниот живот – одгледување жито и стока, изработка на накит, вазни и грнчарија, лов во пустина



*Слика од секојдневието на господарите*



*Ѕидно сликарство, танцување*



*Египетска вазна*

или во мочуришта, обраснати со папирус, поворки со носачи на жртви и гозби. Користен е плиток релјеф со бои што одговараат на оние во природата.

Човечката фигура е прикажана според египетската формула – главата и нозете во профил, торзото и окото челно.

Сликано е на камен обложен со тенок слој фин гипс. Боите во прав се мешаат со врзно средство-лепило и се користат четки од трска, боите се со ист тон без користење на светло и сенка, а се користи и алабастер за изработка на предмети.

Изработката на градби, скулптури и слики во Египет ја овозможуваат занаетчиите како каменоресци, златари кои изработуваат разновиден накит применуван во египетските облеки и ритуали. Присутни се и мајстори за обработка на дрво, стакло, злато, керамика.

Во новото царство подоцна фигурите се крајно стилизирани, крути, без живост. Сликарството се користи за украсување на гробниците и палатите. Во Египет уметноста има декоративна и применлива дејност.

## ЗАПОМНИ

Египетската архитектура е монументална архитектура. Се користи архитравниот конструктивен систем. Столбовите се обликувани со квадратно и кружно стебло, а според обликувањето на капителите се оформиле лотосов, палмин и папирусен столб. Египетскиот храм содржи: влез со пилони, двор, трем, хипостилна сала и светилиште. Египетските гробници се во облик на пирамиди од кои најзначајна е Кеопсовата пирамида. Скулптурата е применета во обликување на столбови, сфинги и се користи ѕидно сликарство со мотиви од растителен свет, дела на фараонот, задгробниот живот и секојдневниот живот на робовите.



*Слика со мотив од животот на фараонот*



*Слика со мотив од животот на фараонот*



*Војник насликан во египетски канони*



*Ѕидно сликарство*

## 2.2. АРХИТЕКТОНСКИ ОБЛИЦИ, ВИДОВИ СПОМЕНИЦИ И УМЕТНОСТ НА МЕСОПОТАМИЈА И ПЕРСИЈА

### Архитектура и уметност (сликарство, вајарство) на Месопотамија и Персија




*Географска положба на Месопотамија*

На територијата на денешен Ирак и Сирија, помеѓу реките Тигар и Еуфрат, 4000 г. пр.н.е. се развила значајна цивилизација. Месопотамија значи област меѓу две реки каде што се менувале стари култури на градовите на Сумерите и Акадите, старите Вавилонци и Асирци, за подоцна нововавилонската (калдејска) епоха да биде под власт на Персијците.

**Географска положба и историски преглед –** Месопотамија претставувала област што се простирала по текот на реките Тигар и Еуфрат, а ги опфаќала: на исток Калдеја, западниот дел бил Вавилонија, на север Асирија и источно од Калдеја бил Елам.

Одамна можеби пред египетската, тука постоела цивилизација под име сумерска. Сумерите оставиле градови, хидротехнички објекти, како и клинесто писмо, кое се употребувало сè до IV век прн.н.е. и од подоцнежните цивилизации. Тие доста ја познавале астрономијата, го делеле денот на 12 часа, а часот на 60 минути.

Културните центри се менувале, во зависност од тоа во чии раце била власта: Ур, Урук, Вавилон, кој го формирал Набопаласар - таткото на Набукодоносор и кои ја формирале втората калдејска - нова вавилонска држава.

**Економската моќ** – се базирала на плодноста на почвите околу реките Тигар и Еуфрат, со 2-3 жетви годишно, користејќи го мноштвото канали за наводнување што ги поврзувале двете реки, како и на срeќните исходи на војните, водени со соседните земји, при што се запленувале огромно богатство и бесплатна работна сила, т.е. робови.

**Општествено уредување** – Во Месопотамија постоело изразито робовладетелско општество, на чело со семоќен, неограничен владетел. Секој од владетелите се трудел да изгради монументални објекти, со кои би ги надминал претходниците.

**Религија** – Месопотамците биле многубошци. Во Калдеја главно божество бил Бел, а во Асирија Асур. Тие ги обожавале планетите и месечината, како и разни демони и зли духови, од кои човекот требало да се чува. Не се верувало во задгробен живот, па гробниците биле сосема едноставни. Објектите за живеење биле доста удобни, додека секој од кралевите правел престолнина со раскошни палати.

**Градежен материјал** – За широка употреба во Месопотамија се користеле блокови од одлична непечена глина, кои се употребувале во свежа состојба. Камен имало во мали количества и со слаб квалитет, а се употребувала керамика во боја, додека ѕидовите се обложувале со метални плочи. Бидејќи дрвото го немало, тоа се увезувало. Како врзно средство се употребувал асфалт во природна состојба. Затоа што во Асирија имало злато и сребро, било развиено кујунџиството.

#### Конструктивни и стилски карактеристики во архитектурата и ликовната уметност во Месопотамија и Персија

Во Месопотамија се применува архиволтен конструктивен систем од лаци и сводови.

Објектите не се фундирале, туку се издигале на платформи со висина од 15 и повеќе метри, поради честото поплавување на теренот.

*Ѕидовите* биле од несушен ќерпич без малтер, или сушен ќерпич со малтер од кал



*Ѕид околу Вавилон*



*Капители и базиси на столбовите во Месопотамија*

и пепел. Дебелината на ѕидовите била од 3-5 па и повеќе метри. Однадвор ѕидовите се обложувале со печена тула, глазирана ќерамика (фајанс) или камени плочи, а понекогаш се малтерисувале со варов малтер.

*Столбовите*, како носечки елементи, ретко се употребуваат, а се состојат од базис, стебло и капител. Стеблото е цилиндрично, капителот е во вид на торус, украсен со мрежеста орнаментика или со двојни волути; базисот е торусен или се подметнати фантастични животни. Столбовите почесто се употребуваат како декоративни елементи во вид на пиластри или полустолбови, и тоа збиени или поединечни.

Стилска карактеристика се големите ѕидни маси со запчести завршетоци, со рамни површини или плитка пластика. Најнагласени се импозантните „лачни влезови“, украсени со еден или повеќе парови на крилести лавови. Објектите поседуваат експресивна фигуралност, но не и монументалност, како во египетската архитектура.



*Обработка на ѕид со глаз*



*Мотив на крилест бик*

# АРХИТЕКТОНСКИ ОБЛИЦИ, ВИДОВИ СПОМЕНИЦИ И УМЕТНОСТ НА МЕСОПОТАМИЈА

*Споменици* – во Месопотамија се градиле кралски палати, храмови, станбени објекти.

Храмовите се наречени **зигурати**. Од нив немаме остатоци, но има записи од Херодот. Постоеле два облика на храмови:

1. Во Калдеја, три огромни паралелопипедни блокови со различна висина и со помали димензии, формираат тераси до кои водат скали. Над последниот блок има капела – вистинско светилиште

2. Во Вавилонија и Асирија зигуратите биле во вид на скалеста кула – еден вид пресечена пирамида. Основата била квадратна со површина од 40 до 90 м, на седум ката. Секој кат бил посветен на друго небеско тело, а приземјето на Земјата. Ориентацијата на секој раб на основата на зигуратите е на една страна од светот. Вештачкото брдо – планина, е иззидано со ќерпич, а потоа обложено со глеѓосана тула. Секој кат бил во друга боја. До секој спрат води блага рампа со назапчена ограда. На врвот е капела со сина боја или обложена со емајлирани тули, а во неа богато украсена постела и покрај неа златна маса за божеството. Покрај верските обреди, се смета дека тука се вршеле и астрономски набљудувања. Познатата од преданијата „Вавилонска кула“ изгледа била објект од овој вид.



*Реконструкција на зигуратот Етеменанки (тип на зиграт во Вавилонија и Асирија)*



*Влезна порта во Саргоновата палата во Корсабат*

***Станови и палати*** – Сознанијата за нив се добиени од списи и цртежи. Зградите биле приземни или на кат, со дрвена меѓукатна конструкција. Ѕидовите биле дебели без или со сосема малку отвори. Покривите биле во вид на сводови, а над зградата имало тераси до кои воделе скали, каде што се спиело за време на летните горештини. Влезот водел во просторен двор поплочен со камен или тула. Од тука се влегувало во главната просторија, која служела за престој и прием. Покрај неа имало соби за спиење и за магацини.



*Висечки градини - Семирамидини*



*Калдејски храм – зигурат*

***Палати*** – се слични на куќите, но со многу побогата содржина. Тие биле приземни, ѕидани со ќерпич и издигнати 10-15 м на вештачки тераси. Имале канализација




*Палата на Гудеј во Тело (основа)*
*1. Главен влез*
*2. Двор*
*3. Кралски стан*
*4. Харем*
*5. Економски простории*



*Релјеф со мотив лов на лавови*

и дренажи за одвод на водата. Кај палатите постои јасна поделба на просториите за престој – сали и интимен дел – харем. Најстарата палата е **палатата на Гудеј** во Тело, со димензии на основата 53/31 м. Подигната е околу 2400 г. пр.н.е., а најдобро зачувана е **Саргоновата палата** во Корсабад од 800 г. пр.н.е. со 200 сали и 30 внатрешни дворишта. Подовите биле од мозаик од глеѓосана глина, а ѕидовите биле украсувани со орнаменти и фризови.

Висечки градини **–** Семирамидините градини ги подигнал Набукодоносор, кралот на Вавилонија. Тоа биле градини на амфитеатрално изѕидани тераси, изолирани со асфалт и со насип од земја. Изведени биле меѓу двете кралски палати.



*Ѕидна керамика*



*Глинена фигура од Вавилон*



*Ѕиден релјеф*



*Сад со крилести бикови*

Во Месопотамија вајарството и сликарството се секогаш присутни во архитектурата. Се користи релјеф, поретко се користи полна пластика поради недостиг од камен.

Изработувани се помали печати од разни видови камен со мали димензии, втиснувани во плочи со клинесто писмо.

Металот се користи за изработка на орудија и садови. Металот се лие или гравира. Златото го има во изобилство и се користи за изработка на шлемови, музички инструменти украсувани со златни уметнички детали, како што е на пример бикова глава.

Вајарските дела се јавуваат на влезовите од дворците како божества и животни.




*Географска положба на Персија*

## АРХИТЕКТОНСКИ ОБЛИЦИ, ВИДОВИ СПОМЕНИЦИ И УМЕТНОСТ НА ПЕРСИЈА

### Природни и општествени фактори

Географска положба - старата Персија со Мидија се наоѓала помеѓу Месопотамија и Персискиот Залив на запад и Иранската Висорамнина на исток.

***Историски развиток*** - Двете држави ги обединил мидискиот крал, при што престолнина бил Екбатана.

На половината на VI век пр.н.е. превласта ја добива персиската династија Ахеменида со кралот Кир, по кој доаѓаат Камбис, Дарије и Ксерекс. Резиденциите им се во Пасаргад и Персеполис, а главен град е Суза во Елам, каде што имало блага клима. Ова е првата персиска држава од IV век до 331 г. пр.н.е., со голем подем и многу жива архитектонска дејност. За време на овие владетели, Персија завладеала со западните земји и Мала Азија, а водела војни и против Грција. Нејзиното пропаѓање е во 331 г. пр.н.е., кога ја покорил Александар Македонски.

***Климатски услови*** – Климата е остра со жешки лета и ладни зими. Денот е топол, а ноќта е ладна. Владетелите престојувале во западниот дел, во близината на Елам, бидејќи климата била поблага.

***Општествено уредување*** – Персија била робовладетелска држава, на чело со неограничен владетел, кој живеел во раскош, а управувал преку своите сатрапи – службеници и моќната аристократија. Власта се должела на многу силната и одлично обучена војска и на непобедливата коњица, со бројни освојувања. Биле изградени одлични патишта, кои биле добро чувани. По нив се одвивала и организирана пошта, како и жива трговија.

***Религија*** – била едноставна со морално филозофските сфаќања на пророкот Заратустра, со „обожавање на светиот оган и добри и зли духови“. Главни божества биле: Ормузд (бог на доброто и светлината) и Ариман (бог на злото и мракот).

***Градежен материјал –*** Персија била богата со градежен материјал, особено со варовник со жолтеникава боја, кој лесно се кршел во големи блокови. Дрвото го набавувале од Мидија, а се ѕидало со ќерпич, до-

дека ѕидните блокови биле од камени квадари или печена тула со димензии 36/36/9 и 36/36/18.

Рудното богатство го носеле од планините на Иран. Оттука се искористувало: бакар, железо, злато и сребро, па затоа се употребувала и позлатена бронза при декорација на палатите.

### Конструктивни елементи и стилски карактеристики

***Ѕидови*** – Тие се од ќерпич, однадвор се измалтерисани или обложени со печена или глеѓосана тула.  Камените ѕидови се од блокови долги 2-3 м и високи 1 м, добро тесани, ѕидани без малтер, поврзани со бронзени врски во облик на двоен опаш од ластовица. Горните краеви на ѕидовите се во вид на назапчени надѕидоци, како во Месопотамија, додека на влезните врати се среќава египетското грло (сима).

***Столбови*** – Често се употребуваат во кралските палати, како конструктивни елементи, но и како декоративни мотиви. Висината на столбовите е до 20 м. Односот на висината на столбот и ширината на стеблото на столбот е висина: ширина = 1:10-1:13.



*Реконструкција на палата со столбови кои се канелирани и капители со карактеристични седечки фигури кои ги поттираат таванските греди*

Распоните помеѓу столбовите се од 5-8 м, што е условено од дрвените архитрави, во вид на сноп од неколку дрвени греди. Стеблото на столбот кон врвот се стеснува, тоа понекогаш е мазно, но обично е со 32-52 канелури. Базисот е со различни облици, и тоа:

- обична квадратна плоча – плинта, над која лежи елемент во вид на хоризонтален канелиран торус;
- плинтата е повисока и исто така канелирана;
- два торуса лежат на две квадратни плинти;
- сложен базис со два торуса на кружен постамент во вид на ѕвоно украсено со орнаментти.

Капителот на столбот е доста оригинално решен и погоден за налегнување на архитравот. Составен е од две седечки фигури на фантастични животни, најчесто бикови кои го потпираат архитравот со главата, правејќи седло помеѓу столбот и хоризонталната греда.

***Сводови*** – Иако архитектурата во Персија е претежно архитравна, сепак во династијата на Сасанидите од III до VII век в.н.е., се развива систем на засводени конструкции.

Тоа е полуцилиндричен свод со косо поставени лачни слоеви, со што се намалува притисокот на потпорите.

***Стилски карактеристики*** – Персиската архитектура не е оригинална, зашто своите елементи ги црпела од:

- Египет, и тоа завршниот венец со голема облина – сима
- Асирија, запчестите краеви на ѕидовите и крилестите животни на влезовите на палатите
- Грција, обликот на стеблото на столбот, фризовите со запци, волутите и орнаментиката.

Сепак, и покрај овие позајмувања, целата основна концепција и архитектонска композиција имаат свој специфичен карактер. Персиската архитектура се одликува со: живописен изглед, совршена елеганција, отменост, чувство за мерка.

Целокупната надворешна и внатрешна архитектура остава впечаток на богатсво и сјај. Ваквиот висок израз на архитектонско




*Светилиште на „Светиот оган“, основа*
*1. Двор 3. Вестибил*
*2. Трем 4. Светилиште*



*Палата на Дарие*

претставување укажува на работа на извежбани мајстори, чии имиња се врежани во камените квадери.

**Споменици во Персија**

Храмовите биле наменети за молитви на свештениците, принесување на жртви и одржување на светиот оган. За оваа цел се граделе „мали жртвеници“ на височинки – брда и помали згради за молитви и одржување на светиот оган.

Гробниците немале посебно значење. Мртвите се изложувале на ѕверовите, за да не се загадуваат земјата, водата и воздухот. Само кралевите биле погребувани. Познатата Кирова гробница во Пасаргад е ѕидана од бел мермер, во вид на скалеста пирамида. Пристапот до гробницата е со скали на тераса, на која има ќелија со двоводен покрив и во неа гори „вечен оган“.



*Гробницата на Кир во близина на Пасаргад*

***Палати и ападани*** – Палатите биле градени на високи тераси, како во Месопотамија, од ќерпич, па затоа има незначителни остатоци.

Повеќе податоци има за ападаните, кои служеле како дворани за аудиенција – „престолни“, обложени со камен. Познати палати се:



*Влез во Ксерокосвата палата*



*Ападана на кралот Кир во Пасаргад*

- Дариевата *палата* во Персеполис, со четири столбови во тремот и сала со четири реда по четири столбови;
- Ксероксова *палата во* Персеполис.

Познати ападани се:

- Ападаната на кралот Кир во Пасаргад, со 100 столбови во салата;
- Дариевата *и Ксероксовата* ападана во Персеполис;
- Ападаната во Суза на кралот Артаксеркс.

Персиската уметност е царска со висок сјај, со размер, материјал и раскош во боите.

Декорација со релјеф се јавува на камените столбови и скали, на релјефни фризови, на капителите на столбовите со совршена вештина на делкање камен. Најчесто се употребуваат животински мотиви. Таков пример имаме во изработка на капителите на канелираните столбови. Капителот се состои од два бика поставени над двојни волути. Во царските дворци ѕидовите се во плиток релјеф издвоени со лентовидни орнаменти, а завршуваат скалесто со декоративни мотиви. Во сите скулптури, независно од нивната декоративност, има свечена смиреност, нешто надреално. Персиската уметност е позната по обработката на злато, сребро и бронза во накит, украсни предмети, како и предмети за секојдневна употреба, кваки на врати, кои најчесто се во облик на фантастични животни. Формите на животните се крајно стилизирани и поедноставени, така што нивниот облик создава смела арабеска која одговара на овој материјал.

**ЗАПОМНИ**

Во областа Месопотамија помеѓу реките Тигар и Еуфрат се развила цивилизација која имала свој календар, клинесто писмо, утврдени мерки за должина и тежина. Во Месопотамија се градат кралски палати и храмови - зигурати. Карактеристичен архитектонски елемент е скалеста завршница на ѕидовите. Се применува непечена тула и малтер за градење на ѕидови. Столбовите се конструктивни и декоративни елементи. Во палатите и ападаните влезовите се лачни и импозантни.

Во персиската архитектура се користат елементи од Месопотамија, Грција и Египет. Карактеристични објекти се палатите и ападаните (престолни објекти), од кои најзначајни се Дариевата и Ксероксовата палата во Персеполис. Позначајни ападани се оние на кралот Кир во Пасаргад, Дариевата и Ксероксовата во Персеполис и ападаната во Суза на кралот Артаксеркс.

## 2.3. АРХИТЕКТОНСКИ СПОМЕНИЦИ: ХРАМОВИ, ГРОБНИЦИ, ТВРДИНИ, ЈАВНИ ГРАДБИ НА КРИТ И МИКЕНА




*Географска положба на Крит и Микена*

Третиот фокус на уметноста и архитектурата, по Египет и Месопотамија, е од 3000 г. пр.н.е. на територијата на островите и брегот на Егејското Море. Првата цивилизација овде се развива на островот Крит, од каде што ќе почне снажно да зрачи на идните грчки области, на самиот грчки континент, потоа во Микена – и во областите на Мала Азија (Фригија, Лидија, Ликија и Карија).

Секоја од овие области создала своја оригинална архитектура, но сепак има една тесна поврзаност и блискост меѓу нив, што било условено од: сличните услови за живот, меѓусебната поврзаност по морски пат, како и истите уметнички влијанија под кои потпаѓале.

Под влијание на одредени климатски и економски услови, ќе се создадат архитектонски дела, кои можат да се наречат оригинални. Егејските народи немаат гигантски споменици, бидејќи за ова немаат ниту можност, ниту услови.

И тука имало класна поделба на општеството, на чие чело бил моќен владетел, додека политичките услови и религијата доста се разликуваат од источните династии. Религиозната архитектура е слабо развиена, но затоа многу се посветува внимание на земниот живот. Во Крит се градат населби, станбени згради и палати со виден напредок во културата на живеење. Во Микена се подигале тврдини, а во Мала Азија наоѓаме значајни дела од специфични гробници.



*Ѕидна декорација*

### Критска архитектура

***Земја и народ*** – Крит е голем остров на јужниот дел од архипелагот меѓу грчкото копно, Мала Азија и африканскиот брег и тоа приближно еднакво оддалечен од нив. Заради близината на овие висококултурни земји, Крит бил под силно влијание на овие три култури, но сепак ќе создаде свое обликување, приспсобено на домашните прилики и услови.

Благодарение на својата положба, Крит не бил изложен на напади, па затоа не се граделе тврдини, а за одбрана доволна била морнарицата. Затоа големи средства се употребувале за градење на палати и станбени згради.

Според познатите остатоци, целокупната критска уметност може да се подели на три периода:

1. Ран период – до 2100 г. пр.н.е. со остатоци од четириаголни камени куќи, кои биле густо групирани, со лоша обработка, а подоцна и разредени, на повеќе спратови. Од овој период има и остатоци од боена и глазирана керамика
2. Вториот период – трае од 2000 до 1500 г. пр.н.е., со остатоци како: палати од Кнос и Феста, разрушени во разни земјотреси, а подоцна реконструирани и прикажани како поусовршени од оригиналните; разни споменици, гробници, вили со фрески на кои луѓето, билките и животните се

реалистично прикажани, со живи бои и послободни цртежи

3. Периодот од 1500 до 1400 г. пр.н.е. е кулминација на критската уметност, чиј процут ќе го прекине инвазијата на Ахајците.

Истовремено со развитокот на архитектурата на Крит, се појавуваат потчинети на неа уметнички творештва на другите острови од архипелагот: Мохлос, Мелос, како и во Грција и во Мала Азија.

***Климата*** – е со жешки лета, јаки дождови и ветрови, што влијаело на обликувањето на објектите и нивната заштита.

**Градежен материјал и конструкција во Крит**

***Градежен материјал*** - на Крит, најшироко употребуван и најомилен бил каменот, присутен во сите значајни архитектонски бои. Се користел шкрилецот со светлосина и црвеникава боја, за обложување и гипс, тесан во многу тенки плочи.

Дрвото го имало доволно, па се користело во таванските конструкции, слободни потпирачи, и како серклаж во ѕидовите.

Ќерпичот е основен градежен материјал, каде што блоковите имаат квадратен облик со димензии 45/45/12 см. Печената глина се употребува во грнчарството како занаетчиска уметност, и за канализациски и водоводни цевки.

Мермерот и алабастерот се употребуваат за обложување на ѕидовите од ќерпич или кршен камен, како тенки плочи со дебелина од 2 см. Ѕидовите се најчесто од дробен камен со употреба на глина како врзно средство, наместа зајакнати со дрвени решетки. Среќаваме ѕидови со две лица од камен (тесаник), со дебелина од 50 см. Полнетицата е со дебелина од околу 1 м, од кршени камења наместа поврзани со гредички за вкрутување. Во палатите среќаваме цокле од блокови од варовник, кое често има ниска стопа, издадена од ѕидот. Ова подоцна ќе се пренесе и во грчките ѕидови, како една од важните карактеристики. ***Ѕидовите*** често пати се малтерисувале со варов малтер или гипс.

Довратниците и рамките на прозорците се прават од дрво и се исполнети со гипс.

Подовите се поплочуваат, и тоа во дворовите со камени плочи, а тремовите и просториите со плочи од гипс и шкрилец или се само од набиена земја. Се поплочуваат и патеките околу куќите, како заштита од влага, а и од хигиенски причини.

Конструкцијата е архитравна, освен при гробниците. Таваните на палатите се дрвени, а покривите се рамни тераси или двоводни кај куќите. ***Столбот*** е конструктивен елемент, а како слободна потпора се среќава кај меѓукатните конструкции, тремовите, образните греди, скалите и друго.

Стопата е кружна или квадратна плоча со ширина од 70 до 80 см и околу 20 см висина. Се среќава со висина и до 80 см.

Стеблото е кружно или конусно, со проширување кон горниот дел. Се изработува од камен, а ги имало и од дрво. Често се со канелури, понекогаш спирални. Димензиите се мали – долниот пречник е до 0,5 м.

Капителот е голема квадратна плоча, под која доаѓаат профили во вид на сима или торус. Понекогаш над неа доаѓаат камени цилиндри.

Боената декорација е извонредна, особено при обработка на ентериерот кај столбовите, ѕидовите и подовите. Мотивите биле геометриски, религиозни и вегетабилни. Омилени бои кои извонредно се комбинирале, биле: црвена и светлосина, сино-зелена, како и жолта, сива, бела и црна.

Критската архитектура нема своја стилска карактеристика, но најзначајни се декорациите, куќите и палатите, чија удобност не била дотогаш надмината.

***Архитектонски споменици***

Мироѓубивиот критски народ имал добри односи со своите соседи, не војувал, а целото богатство, стекнато по пат на трговија, се употребувало за градење на удобни станови за живеење, патишта, цистерни, канали, бањи и др.

***Гробниците*** се скромни во вид на вдлабнатини во карпа, до кои се доаѓа со скали, или се подземни во вид на камени сандаци. Интересни примери има од Кносос, со кружна основа, во пресек параболични, а покривот е во вид на купола.

***Палатите*** сочинуваат еден вид урбанистичка целина околу пространото правоаголно двориште, со мноштво правоаголни простории, несиметрично групирани и секогаш со можност за доградување.

Решенијата биле доста сложени, ако се имало предвид дека владетелот вршел разни должности: политичка, судска, свештеничка, домаќинска. Во многуте ходници често можело да се залута, па Грците ги нарекле „лавиринти“. Просториите се групирани според намената: дворани, стан на кралот, харем, простории за домаќинство, ризници, бањи, цистерни, жртвеник, мал театар.

Во палатите ѕидовите се полни, без надворешни отвори, а во двориштата има тремови, поплочени и со одводна инсталација. Сето тоа служело за заштита од екстремно жешки лета и дождовни зими. Често пати меѓу групите простории нема врати со што се обезбедува провев. Скалите се со прави краци и благ нагиб, за врска со горниот кат и терасите. Покривите се рамни плочи со набиена земја над подлога од јаки и цврсто поврзани кружни греди. Карактеристичен пример е Миносовата палата во Кносос.



*Миносовата палата во Кносос*





*Основи на куќи на занаетчии во близина на кралската палата во Кносос*

***Станбените објекти*** – биле доста помали, на повеќе катови, со квадратна или елипсеста основа, покриени со двоводен покрив. Отпрво се граделе густо една до друга, за цели родови – 4000 г. пр.н.е., кога населението сè уште се занимавало со сточарство и грнчарство. Подоцна со развитокот на занаетчиството и трговијата – 3000 г. пр.н.е., се градат и посовремени фамилијарни куќи, удобни со бањи и поплочени.



*Керамички сад за вино и масло*

***Јавни објекти*** – Се градела густа мрежа од патишта, а на раскрсниците се граделе гостилници со низа простории, како: одаи за одмор, базени за миење на нозе, поила за стока. Се граделе вијадукти, кај палатата во Кносос, мостови и др.

## Микенска архитектура

Микена е град во Арголида, на североисточниот дел од Пелопонез, земја на кралот Агамемнон, познат од Тројанската војна. Според легендата, овој град го основал Персеј, синот на Зевс и Данаја.

Најзначајни остатоци од архитектурата и културата од оваа епоха се најдени во Микена и Тиринс, иако ги има и по целиот Пелопонез, како и целиот грчки брег. Арголида со Пелопонез била моќна и богата земја, со сите услови за културен развиток. Периодот на сјајот на микенската архитектура трае сè до XII век пр.н.е., кога се прекинува инвазијата на Дораните.

***Конструкција и обликување на градбите***

За високиот степен на градежното творештво, покрај политичката превласт и богатство, придонеле климата и изобилството на градежен материјал – како каменот и дрвото.

***Ѕидовите*** на обичните куќи, па и на палатите се ѕидани од ќерпич со димензии 48/36/10 и 65/45/12. Ги има и од дрво, но од нив нема зачувано. Само за долните делови – цоклето, се употребува кршен камен, а палатите се правеле со блокови со големи димензии – киклопски ѕидови.

***Столбови*** - Најчесто биле дрвени на камена плинта. Кај палатите се среќаваат и камени столбови. Слични како во Крит, по облик се: конусни и украсени со орнаменти или цилиндрични со канелури. А растојнието меѓу столбовите е 2,50 м.

***Градежни објекти***

Арголида била постојано во војни, па најголем дел од градежното творештво се однесува на тврдините.

Тврдини - од нив зачуван е „градскиот ѕид во Микена“ од правилни блокови. Во овој ѕид е зачувана градската порта наречена „Лавовска порта“, со средна ширина од 3,0 м, што се стеснува кон врвот. Довратниците се од камени блокови, а надвратникот е камена греда. Над неа има триаголен простор, добиен со постепено испуштање на блоковите, кој е исполнет со камена плоча. На неа во релјеф се изработени два лава, а меѓу нив микенски столб. Ова е најстаро вајарско дело најдено во Грција.



*Лавовската порта во Микена*

Гробници – Најстарите гробници претставуваат изѕидани вдлабнатини во земјата, покриени со камена плоча. Подоцна се длабат во камен со 2-5 м длабочина и 2-3 м висина. До него води ходник од камени плочи, кој потоа се затрупува со земја.

Во развиениот период кралските гробници се со кружна основа, до која води ходник. Кај *„гробницата на Агамемнон“*, позната како Атреева ризница, води ходник долг 40 м, во кружна просторија со пречник од



*Микенски столбови*




*Основи на микенска куќа – мегарон*

| | |
|---|---|
| *1. Трем* | *1. Трем* |
| *2. Одаја* | *2. Вестибил* |
| *3. Огниште* | *3. Одаја* |
| | *4. Огниште* |



*Реконструкција на градот Троја*



*Атреева ризница (гробницата на Агамемнон) во Микена*



*Амфора*

14,50 м. Од неа се влегува во гробницата, чии ѕидови биле обложени со метални плочи. Целата гробница е покриена со насип од земја.

Палати - моќта и богатството на кралеви-те дозволувале градење на раскошни двор-ци и палати, како и гробници. Немало храмови, туку само капели во кралските палати и отворени жртвеници, како во Крит. Од нив позната е палатата во Тиринс.

## ВИЗУЕЛНАТА УМЕТНОСТ НА КРИТ И МИКЕНА

Егејската уметност е весела уметност, полна со фантазија и природност, а не апстрактна. Таа се огледува во раскошно декорирани палати, убави керамички предмети. Крит и Микена имаат визуелна уметност полна со фантазија и природност.



*Божицата на змиите*

Палатите го содржат целосно критскиот уметнички израз. На ѕидовите на палатите, насликани се фрески со мотиви од животот на копно и море, а подовите се живописно поплочени. Постои разноликост во мотивите во керамиката и сликарството.

Пример е дворецот на царот Минос во Кносос.

Релјефни скулптури се изработуваат во камен, глина, слонова коска, која е комбинирана со злато и разни метали, а мотивите



*Ѕидно сликарство*



*Ѕидно сликарство*



*Керамички сад*

се критски жени прикажани во секојдневниот живот, кои се едноставно моделирани.

Во дворецот-тврдина во градот Тиринс, ѕидовите се дебели околу 6 метри делкани од камен, таканаречени киклопски ѕидови. Центарот на дворецот е свечената сала позната како Мегарон. За разлика од критската весела уметност, во микенските дворци се чувствува строгост, која се намалува со насликаните фрески слични на оние на Крит.

Се изработуваат скулптури во боена глина, како вазни, стомни, амфори (ќупови), пехари од злато. Кај производите од глина, наместо геометриски и стилизирани шари се применуваат декоративни мотиви од морската флора и фауна, како: делфини, рибарски мрежи, морска трева, октопод, а како декоративни мотиви од копното се: шафран, перуника, трска, трева, кои се реално прикажани и имаат континуитет на волуменот на садот.



*Ѕидна фреска*

## ЗАПОМНИ

Во Крит се градат архитектонски споменици, удобни палати, куќи, патишта, цистерни, канали, бањи, карван-сараи и др. Значајни се критските декорации на куќите и палатите. Столбот е со конусно стебло кое се шири кон капителот.

Во Микена се градат тврдини и градски порти. Формата на микенската куќа-мегарон е основа која подоцна се користи за изградба на грчките храмови. Позначајна е „Лавовската порта“ која е прво вајарско дело на егејската цивилизација. Столбовите се слично обликувани како критските и биле богато декорирани. Од некрополите најзначајна е гробницата на Агамемнон, позната како Атреева ризница.

Крит и Микена имаат визуелна уметност полна со фантазија и природност. Таа се огледува во раскошно декорирани палати, убави керамички предмети.

## 2.4. АРХИТЕКТОНСКИ ОБЛИЦИ, ВИДОВИ СПОМЕНИЦИ И УМЕТНОСТ НА АНТИЧКА ГРЦИЈА




*Географска положба на Грција*

### Фактори што влијаеле врз развојот на архитектурата

***Географска положба*** – Подрачјето на грчката архитектура го опфаќа грчкото копно до Епир и Тесалија, островите на архипелагот, западниот брег на Мала Азија и Јужна Италија со Сицилија.

Во Лаконија и на Пелопонез живееле Дорци, а на малоазискиот брег и на античкиот полуостров Јонци. Овие две племиња развиле свои архитектонски стилови – јонски и дорски, кои со текот на времето ќе почнат да се применуваат во сите краишта, а понекогаш, на ист објект истовремено.

***Општествено уредување*** – Во почетокот, уредувањето било родовско, но со развојот на сточарството, земјоделството и трговијата доаѓа до раслојување и имотна нееднаквост и до појава на робовладетелско општествено уредување на чело со крал. Бидејќи Грција била поделена на многу држави имало и многу кралеви, кои се бореле за превласт. Со разни меѓусебни борби, најјаката од нив – Атина околу 480 г. пр.н.е., успева да завладее. Таа станува културен, економски и политички центар со општествено уредување - родовска демократија. Секој граѓанин со исклучок на робовите, имал право јавно да го изнесува своето мислење во врска со државното уредување, економијата, науката, културата и др. Во V век пр.н.е., започнува време на процутот т.н. „златен век“, особено во архитектонското творештво. На ова, покрај економската моќ влијаела и благата клима како и изобилството на градежен материјал. Со освојувањето на колониите во Јужна Италија и во оваа земја е пренесена грчката култура.

***Религија*** – Грците биле многубошци. Главен бог им бил Зевс, како и други божества со човечки особини, кои „живееле“ на Олимп – на границата меѓу Тесалија и Македонија.

***Културен развој*** – Во Грција може да се поделат три периоди:

- доба на ахајскиот стил (776-500 г. пр.н.е) – од почетокот на Олимписките игри
- доба на процутот (500-338 г. пр.н.е.), од почетокот на Персиските војни, до почетокот на македонското владеење
- доба на опаѓање (338-146 г. пр.н.е.), времето на потпаѓање под Рим.

### Градежен материјал и конструкција во Античка Грција

***Градежен материјал*** – Во Грција имало варовник, мермер и травертин во изобилство, додека дрвото се увезувало. Мермерот, освен за градење се употребувал и за вајарски работи.

***Ѕидови*** – До VI век пр.н.е. ѕидините се граделе од ќерпич, со зајакнувања од дрвени греди и талпи. Каменот се употребува за подножјата на зградите, а подоцна и се ѕида од камен, додека квадарите се паралелопипедни. Камењата се вградуваат без малтер, по вертикала се спојуваат со „мождaници“, а по хоризонтала со „пијавици“.

***Столбови*** – До VI век пр.н.е. се и монолитни, а подоцна составени од прстени. По




*Ѕид обложен со обработен камен и исполнет со кршен камен*

*А. Пресек*
*Б. Основа*



*Спојување на одделни тамбури од столбовите*

*1. Допирна површина*

*2. Чепови*

*3. Канали за залевање со олово*

обликот на стеблото, базисот и капителот, како и архитравната конструкција над столбот, се јавиле различни стилови – дорски, јонски и коринтски. Дорскиот се развил на Пелопонез и Голема Грција (Јужна Италија и Сицилија), а јонскиот стил на малоазискиот брег, од каде што се пренел на целата земја. Овие два стила немаат строго одредени подрачја на употреба, така што во одредени подрачја се употребуваат двата истовремено, па дури и на ист објект.

### Архитектонски облици карактеристични за Античка Грција

#### *Дорски столб*

Дорскиот стил е израз на сериозност, скромност, мир и јачина со неговото чисто и едноставно обликување. Преовладува во европска Грција, Јужна Италија и Сицилија. Дорскиот столб нема базис. **Стеблото** му е цилиндрично, со стеснување кон врвот по блага параболична линија - **ентазис**, со што се избегнува оптичката илузија дека е потенок во средината. Стеблото му е канелирано со 20 канелури, а висината изнесувала 5-6 до 7 пречници.

**Капителот** е квадратен (абакус и овален) ехинус, свиткан под агол од $30^0$, а подоцна под $45^0$. Под ехинусот се три хоризонтални ленти – анули.

**Антаблемент гредоред** – Грчката архитектура користи архитравна конструкција.

**Антаблементот (гредоредот)** се состои од два дела: видлив на фасадите, кој е составен од три конструктивни и архитектонски елементи: **архитрав, фриз и венец и внатрешен од хоризонтални (тавански) камени плочи.**

**Архитрав** е камена греда, која го премостува распонот меѓу столбовите, околу 4,2 до 6,5 м. Составена е од две или три архитравни плочи.

**Фриз** – по правило во висина на фризот лежат таванските греди и тој ги прикрива. Челата на таванските греди се обработени со „триглифи“, а отворите се покриени со повлечени камени плочи **„метопи“**. Тие се мазни или обработени со митолошки мотиви.

**Венецот** – **гејзон** е рамна издадена плоча. Од долната страна е закосена со пад кон надвор, што служело како окапница, а над секоја метопа и триглиф – исфрлена е рамна тенка плоча, со 3 реда по 6 гутули-солзи.

#### *Јонски столб*

Јонскиот столб е израз на виткост и убавина. Создаден е во Мала Азија и најмногу се развива во времето на Александар Македонски.

**Стопите** кај овој столб се од различни видови, но главно се составени од два торуса и еден висок, плитко издлабен „трохилос“. Стеблото е канелирано со 24 канелури, а може и со повеќе. Капителот се состои од: абакус, волута, фасција и ехинус сима – речиси секогаш украсена со 20 јајцевидни листови. Волутите ги има на секој агол.

**Архитравот** е полесен и подекоративен од дорскиот, а се состои од 2-3 хоризонтални појаси.

**Фриз** – Во рамнината на првиот појас на архитравот се јавува рамната површина на фризот, но често се среќава и декориран со релјефи со митолошки ликови.

#### *Коринтски столб*

Коринтскиот столб остава впечаток на накитеност и декаденција (назадување) во уметничкото изразување.

Во коринтскиот стил ѕидовите и столбовите се издигнати на заедничка платформа – стилобат, со различен профил.

**Стопата** е изработена според јонската, но има уште и плинта. Двата торуса се полукружни и со пластични украси.

**Стеблото** е канелирано монолитно, со 24 канелури, со полукружен пресек, а кај пого-





*Капител*

*Јонски столб*



*Дорски столб*

лемите споменици од повеќе прстени. Доста е витко и елегантно.

Капителот е најкарактеристичен дел за коринтскиот стил. Се состои од три дела:
- долен – чашка опкружена со акантусови лисја;
- среден – стилизирани стеблинки повиени во волута;
- горен – абакус завршен со сима.



*Капител на коринтски столб*

**Главниот венец** одговара на јонскиот, со мали отстапувања во прилог на поголема пластичност и нови мотиви. Архитравот е составен од три појаси и завршува со сима.

**Фризот** е понизок од архитравот, декориран со мотиви од митологијата. Се користат столбови во облик на женски фигури – каријатиди, на пример храмот Ерехтеон, или пак наведнати машки фигури-атланти, како кај Бахусовиот театар во Атина. Грчките храмови се покриваат со двоводен покрив, а на калканските ѕидови се формира триаголен простор-тимпанон, секогаш декориран со релјеф од митолошки мотиви. Покривот е украсен со акротерии и палмети.

**Архитектонски споменици: храмови, гробници, станбени објекти, тврдини, јавни градби во Античка Грција**

Архитектурата во демократски уредената Грција не е владетелска, туку граѓанска и верска. Најзначајни објекти се: храмови, јавни згради за собири, за гимнастика,





*Грчки декорации*

*Столб женска фигура – каријатида*

театри, споменици на заслужни граѓани и гробници-мавзолеи.

### Сакрални градби - храмови

Храмови - Кај Грците, како и во Египет, храмот е „заемно живеалиште“ на божеството. Во наједноставниот облик храмот е една правоаголна ќелија. Постојат повеќе видови храмови, различни според нивната основа:

- ќелија - наос;
- пронаос - кај поголемите храмови, постои уште еден претпростор пред наосот;
- ѕидовите на наосот често биле издадени преку површината на челниот ѕид и завршувале со пиластри-анти и ред столбови;
- храм со опистодом и зад наосот простор како пронаосот;
- периптерос е храм со ред столбови околу него;
- диптерос е храм со двоен ред на столбови;
- псеудопериптерос е периптерос кога столбовите му се само полустолбови потпрени на ѕид;
- моноптерос е храм со кружна основа.

Храмот е издигнат над површината на теренот за 1-2 м, што се нарекува стилобат.

Меѓу постарите храмови што потекнуваат од I век пр.н.е. е и Храмот на Посејдон во Пестум, кој е периптерос долг 110 м и широк 50 м. Столбовите му се со дијаметар од 2,4 м.

Најзначајни од средниот период се храмовите на **Акропол** во Атина. Тоа е плато издигнато 60 до 70 м. За време на монарсите, овде била кралската палата, а подоцна земјиштето е осветено и на него се подигнати најзначајните храмови: Партенон,



*Атински акропол*



*Дорски храм*



*План на Акропол*

*1. Партенон*
*2. Стар храм на Атина*
*3. Ерехтеон*
*4. Статуа на Атина Промахос*
*5. Пропилеи*
*6. Храм на Атина Нике*
*7. Ѕидови на Акропол*
*8. Светилиште на Артемида*
*9. Објект за трговија со бронза*
*10. Светилиште на Пандросус, ќерка на првиот крал на Грција*
*11. Работилница-ткајачница*
*12. Статуа на божицата Атина*
*13. Светилиште на Зевс*
*14. Светилиште на Пандион*
*15. Одеон на Херод Атикус*
*16. Стоа на Еумена*
*17. Светилиште на Асклепиј*
*18. Театарот на Дионис*
*19. Одеон на Перикле*
*20. Простор на Дионис*
*21. Аглауринин храм*



*Храмот Партенон*



*Храмот на Нике Аптерос*

Ерехтеон, Нике Аптерос и во подножјето храмот Тезеон.

До Акрополот водат пропилеи - монументална порта со тремови, столбови и скали. На Акрополот има Пинакотека, цистерна, одеон на Херод Атикус, Стоа Еумена, театар на Дионис и храм на Асклепиј.

***Партенон*** е најзначаен грчки храм. Тој претставува дорски периптерос, ѕидан за време на Перикле од архитектите Иктинос и Каликратес и скулпторот Фидија, а посветен на божицата Атина. Храмот има 8 столбови на лицето и 17 по должина. Крепидомот е со 3 скали. Наосот е подигнат на две скали, а со два реда столбови е поделен на три брода. Во средниот е скулптурата на Атина. Тимпанонот е украсен со скулптури, а на краевите со акротерии.

***Ерехтеон*** е еден од најубавите и најзачуваните храмови, ѕидан во јонски стил. Наосот е долг 20 м, широк 11,2 м, поделен со попречен ѕид на два дела: источен ѕид посветен на Атина Палада, а западниот на Посејдон. Едниот од тремовите е на јонски столбови, а другиот на каријатиди. Еден ходник ги поврзува тремовите и има два прозорци, така што се разликува од другите храмови.



*Храм Ерехтеон*

***Нике Аптерос*** е храм на божицата на победата и е разорен од Турците. Тој е изграден во јонски стил за време на Перикле. Наосот е 4,19/3,78 м.

***Храмот на Зевс*** во Олимпија е дорски периптерос со пронаос и опистодом со анти. Приодот му е преку рампа долга 13 м, а е подигнат на крепидом висок 1,6 м. Наосот е со три брода, со метални огради меѓу столбовите. Подот е од бели мермерни плочи, а во пронаосот мозаик од црни и бели орнаменти. Во средниот брод се наоѓа скулптурата на Зевс од слонова коска и злато, од скулпторот Фидија. Тимпанонот и метопите се украсени со скулптури.

*Храмот на Атина* на Егина е дорски периптос со 6/12 столба на опистодом. Има пронаос со анти, а над столбовите има уште еден ред столбови - во наосот.

**Модул**

Во сите елементи на грчкиот храм, како и во целата архитектонска композиција, многу се внимавало на пропорциите. Веќе споменатата мерка - долниот дијаметар на столбот, содржи два радиуса. Овој радиус е наречен модул, и е усвоен како единствена мерка за должина, со чии делови се одредуваат димензиите на сите елементи на храмот, а исто така и односот на ширината спрема должината и висината. Со модулот се мереле дури и подготвителни делови

за градба, како што се: камените квадери, блоковите, цилиндрите (тамбурите) за столбовите, составните плочи и др.

**Профани градби**

***Театри*** - Во почетокот театрите биле со верско обележје т.е. околу олтарот се играло и се пееле песни за богот Дионис. Театарот се состоел од оркестра-простор за рецитирање и пеење, олтар и полукружен простор за гледачи околу оркестрата.

Подоцна, кога почнале да настапуваат и глумци, театарот добива и скена - правоаголен простор зад оркестрата, која често е објект со три влеза. Седиштата се поставени амфитеатрално, на природни падини, каде што самиот терен ги дава нагибот на седиштата и извонредната акустика. Надворешниот пречник на театарот во Епидаурус е околу 120 м.

***Одеони*** - се згради за музика, слични на театрите, но помали од нив и покриени со дрвени покриви. Одеонот во Атина има надворешен пречник од 77 м.

***Стадиони*** – се згради за тркачки вежби и натпревари. Во основа тие се долги терени со седишта од двете страни, кои завршуваат полукружно. Стадионот во Олимпија е долг 192,5 м и служи како пример за сите стадиони градени по него.

***Агори*** - се шеталишта со чаршија - дуќани. Тие се тремови потпрени на столбови.



*Театар во Епидаурус*



*Реконструкција на атинскиот стадион*



*Агора во Атина*



*Булевтерион во Милет*



*Атинска стоа во основа и пресек*

***Булевтериони*** - општествени згради наменети за судници.

***Стои*** - Објекти за свечености.

***Палестри и гимназиони*** – згради за вежбање бокс со простории за учење.

***Гробници*** - Не се обрнувало големо внимание на гробниците. Архитектонско значење имаат мавзолеите - монументални гробници на видни личности. Позната е гробницата на кралот Маузол во Халикар-



*Основа на гимназион во Епидаурус*



*Лизикратов споменик*

нас - Мала Азија, изграден од архитектот Питеос во вид на периптерос со 8/10 јонски столбови. Над архитравот се наоѓа висока скалеста пирамида од 11 м, на врвот има квадрига со кип на кралот и неговата жена. Висината е 41 м.

Други позначајни објекти се:

***„Кула на ветровите“*** во Атина - служела како воден и сончев часовник и за покажување на правецот на ветровите. Основата е осмоаголник со полукружна апсида, во која имало базен со вода за водениот часовник. На фризот се изработени релјефни фигури на ветровите. Покривот е шаторест, а на врвот е Тритон, кој со стап го покажува правецот на ветрот.

***„Лизикратов споменик“*** во Атина, подигнат во чест на Лизикрат, кој бил победник во пеење на Дионисовите свечености. На квадратно подножје високо 4 м, стои



*Гробница на Маузол во Халикарнас*



*Кула на ветрови во Атина*



*Грчки станбени објекти, основа и реконструкција*

цилиндар со камени плочи со 6 коринтски полустолбови. Покривот е една плоча, а на неговиот врв е стилизиран цвет и на него метален триножник, кој бил подаруван на победникот. Споменикот е изработен од бел мермер.

***Станбените објекти*** - не биле многу комфорни што се гледа по остатоците најдени во Приена и Делос. Грците не обрнуваат многу внимание на удобноста на станот. Кон тоа придонела благата клима, како и големата заинтересираност за општествените објекти. Грчката куќа има мало централно двориште, околу кое се редат просториите за живеење. Често имало и кат и тераса, на која летно време се спиело. Прозорци немало, или пак биле мали и високо поставени. Една просторија служела за дневен престој, трпезарија и салон, а собите за спиење биле доста мали.

## ВИЗУЕЛНА УМЕТНОСТ ВО АНТИЧКА ГРЦИЈА

Грчката уметност од најстарите денови до крајот на V век поминала низ две развојни фази: архаична и класична. Сите дела се одликуваат со извонредна убавина.

Во почетниот период скулптурата, како и релјефот и полната пластика служат за архитектонска декорација, но се создавани и самостојни скулптури направени за религиозни традиции. Многу од нив се делкани од истиот материјал од кој се направени зградите. Скулпторот делка директно во камен со минимална употреба на глина. Бронзата е користена полно лиена или преку дрвени модели или лиена со помош на восок. Позната е големата скулптура на Атина во храмот Партенон која била изработена од злато и слонова коска од скулпторот Фидиј.

Пример, скулптура на Аполон, Хера и др.



*Скулптура на Атина*



*Сократ*

**Сликарство, скулптура, орнамент**

Грците, покрај архитектурата и скулптурата, многу оригинално се истакнувале и во други уметнички гранки, како изработка на накит, керамика, ковани монети и изработка на оружје. Нивните занаетчии ја држеле патеката на архитектите и вајарите и создавале дела со сличен развој од строго стилизирани архаични облици, до извонредно реални во подоцнежниот период. Во Грција постоеле сликарски школи кои се развивале паралелно со скулптурата од геометриско стилизирано до натурално прикажување. Оригиналните слики потполно се изгубиле, како по јавните згради така и врамените слики. Меѓу позначајните сликари се спомнува Полигнот, кој бил сликар и



*Дискоболос-Мирон (фрлач на диск)*



*Скулптура на Артемида*



*Ѕидно сликарство*





*Грчки орнаменти*



*Меандри*

вајар и кој се обидувал да ги претстави фигурите една над друга со одредена длабочина, користејќи малку боја. Тој создал монументален стил во сликарството. Бидејќи сите дела на монументалното сликарство се изгубени, грчките вазни претставуваат главен извор за запознавање на грчкото сликарско творештво.

Производството на грчката керамика е со свој сопствен стил, со карактеристични форми и украси, кои се базираат врз принципите на грчката монументална уметност. Грците воделе сметка за намената на предметите и за естетскиот изглед и на тој начин се давала формата на вазната. Една од најбројните садови била амфората, срцевидна вазна со долг тенок врат и две рачки. Хидријата била стомна за носење вода и имала три рачки, едната служела за држење на садот при истурање на водата, а другите две за носење. Посебно бил обликуван садот за мешање вино и вода, наречен кратер во облик на превртено ѕвоно и сад за вино – ојнос.



*Грчки сад*

Покрај керамиката во уметноста се користат и златарски производи, односно накит, ѓердани, обетки, игли, белегзии, прстени кои играле важна улога во облекувањето на грчките жени. Златото се лиело, ковало, гравирало, лемело и се развлекувало во жица. Разноликоста во бојата се постигнувала со умерена употреба на емајл, а подоцна и со употреба на благородни камења, што довело до зголемен впечаток.

## Запомни

Во грчката архитектура најчесто се применува архитравниот конструктивен систем од столбови и греди од камен. Се развиле три стила на столбови: дорски, јонски и коринтски, и столбови во вид на женски и машки фигури. Се градат храмови од кои најзначајни се: храмот Партенон, храмот на Атина Нике, храмот на Зевс на Олимпија, храмовите на Посејдон и Деметра во Пеступ и др. Во профаната архитектура се градат театри, одеони, стадиони, хиподроми, агори, булевтериони, палестри и гимназиони. Во целата архитектонска композиција има пропорционалност користејќи модул како единица за должина.

Модулот е два радиуса на долниот пресек на столбот.

*Грчки златен накит*



*Скулптура на Зевс*



## 2.5. АРХИТЕКТОНСКИ ОБЛИЦИ, ВИДОВИ СПОМЕНИЦИ И УМЕТНОСТ НА РИМ




*Географска положба на Рим*

### Фактори што влијаеле врз развојот на римската архитектура

***Географска положба и историски преглед***

Латините го основале својот главен град Рим во 743 г. пр.н.е. и набргу силно го развиле. Под името Римјани во 283 г. пр.н.е. го покориле јужниот сосед Етрурија и понатаму непрекинато војувале и создале империја со огромна територија.

Во западниот дел ги опфаќа: Италија, Галија, Велика Британија, Пиринејскиот Полуостров, Северна Африка и Балканскиот Полуостров. Источниот дел го сочинувале: Грција, Мала Азија, Сирија и Арабија.

Овој развој во различни периоди и под различни влијанија, кои се појавиле со освојување на држави со веќе развиени цивилизации, можеме да го поделиме на три периоди.

Првиот период е од крајот на I век до средината на II век пр.н.е., познат како „време на создавање на империјата“. Во овој период доминираат борбите на плебејците против патрициите за добивање на политички права. Притоа се градат следниве објекти: патишта (Виа Апија), водоводи, мостови, храмови, базилики, циркуси и друго. Државата е република.

Вториот период е од половината на II век до 27 г. пр.н.е. Како последица на внатрешните немири помалку се гради, но затоа објектите се побогати. Се градат станбени објекти на граѓаните, збогатени во војните и државниците.

Третиот период е „време на царството“, сè до V век пр.н.е. Ова е период на големо и сјајно архитектонско творештво во сите краишта на Римската Империја. Се граделе сите видови објекти и тоа од јавен, приватен и верски карактер. Куќите станале поголеми и пораскошни, сразмерно со зголемувањето на богатството на патрициската класа.

Римјаните ги примале сите влијанија од околните и освоени земји и доследно ги разработувале применете мотиви, според својата практична смисла и склоноста кон монументалноста и големината.

Од Етрурците ја примиле вештината на ѕидање сводови, но ја развиле до засводување на огромни димензии на просторот. Од нив го прифатиле и обликот на храмот, како и основата на станбените објекти.

Од грчките колонии во Јужна Италија го преземале дорскиот, јонскиот и коринтскиот стил, но го разработиле според своите концепции.

***Градежен материјал и конструкција во Рим***

Рим со околните провинции имал доволно количества градежен материјал. За изработка на тули имало соодветна земја; од камен имало вулкански туф; варовнички травертин, а од Грција се увезувал мермер, како и специјални видови камен од Шпанија и Африка. За подготовка на малтер се употребува вулкански песок, од кој се добивал познатиот „римски цемент“. Дрвото во поедини области го имало во изобилство: орев, даб, костен, бука, смрека, ела, јасен, липа, бор, кипарис и др. Се употребувало најчесто за архитравните и покривни конструкции.

Од металите во градежништвото најмногу се употребувало железото, а имало и доста бакар, олово и калај, од кои се лиела бронза. Стаклото во вид на лиени плочи се употребувало за прозорци, сводови, мозаици и др.

***Ѕидови*** – Најчесто ѕидовите се од тула, а само во најраниот период од ќерпич, со врзно средство малтер, изработени од пуцоланска глина. Печените керамички производи се среќаваат во најразлични форми: полна или шуплива тула, плочи со триа-

голна, четириаголна, осмоаголна и кружна форма и др.

За ѕидање на мешовити ѕидови се употребувале кршен камен и тула со варов малтер како врзно средство со дебелина од 4 см и либажни слоеви од тула или дрвени греди.

Ѕидовите од камен биле од тесаници со прецизно обработени рабови, меѓусебно прицврстени со метални врски. Цврстината на каменот се избирала според интензитетот на оптоварувањето.

Ѕидовите напрегнати под притисок од сводовите биле зајакнувани со контрафори или биле делени по дебелината на полиња меѓусебно поврзани со попречни ѕидови или лаци. Воздушните слоеви служеле како изолација од топлина и влага.

Лаците и сводовите се ѕидале од тула и од камен. Лачните тесаници биле меѓусебно поврзувани со метални врски. Најчесто се употребувал полукружен лак. На отворите за порти над рамниот лак, понекогаш доаѓал и полукружен лак, поради растоварување, како што е северната порта на Диоклецијановата палата во Сплит.

***Столбови*** – Во римската архитектура постојат повеќе облици на столбови и капители: три грчки, тоскански, композитен и некои облици со фантастични композиции, кои се јавуваат кон крајот на царскиот период.

***Тосканскиот капител*** е од етрурско потекло и е сличен на дорскиот. Базисот е антички-јонски на квадратна плинта. Понекогаш столбот стои на постамент висок до 1/3 од висината на столбот. Стеблото е благо-



*Римски столбови - капители*



*Столб со композитен капител*

конусно и канелирано со 20 до 24 канелури. Капителот има абакус со горен профил ехинус-свиткан по ¼ од кругот или како сима. Меѓу капителот и стеблото има цилиндричен врат со долен профилиран прстен.

Композитниот капител е комбинација од јонскиот и коринтскиот. Над два реда акантусови лисја е поставен јонски капител со јајчеста низа меѓу четири аголни волути. Во подоцнежниот период капителот се ком-плицира со замена на волутите со фигури на крилати животни, меѓу кои се наоѓаат цветови, розети, фестони. Пример за тоа е капителот од храмот на Марс - победникот со пегази, како и капителот на столб од Ка-ракалините терми, со човечки фигури.

### Архитектонски споменици: сакрални и профани градби, станбени објекти, тврдини, јавни градби во Рим

Од огромниот број разновидни објекти, кои се граделе доста бргу и квалитетно во Римското Царство, од архитектонска глед-на точка, позначајни се: водоводите (аквадукти), храмовите, амфитеатрите, **термите, циркусите, базиликите, форумите, триум-фалните порти, спомен-столбовите, пала-ти и куќи**

Водоводите служеле за снабдување на градовите со вода и имале таква совршена изведба, што некои од нив се зачувани дури до денес и сè уште се употребуваат. Од посебно значење се деловите каде што водата се пренесува високо над земјата, преку долини.Тоа се лачни аквадукти со суперпо-



*Римски аквдукт во Пон ди Гар*



*Храм Портунус*

нирани аркади во неколку редови, според висината на доводната цевка над земјата. Таков е водоводот во Пон ди Гар, во Ним - Франција.

**Сакрални објекти**

Храмови – Римските храмови се во основа преземени од Етрурците и не се разликуваат многу од Грчкиот храм. Овие храмови содржат само ќелија со кипот на божеството и предмети на култот. Понекогаш храмот бил заеднички за две или три божества, па затоа имал две или три ќелии. Пред храмот често имало широк портикус со столбови, како кај Етрурците, кој бил подигнат на подиум со пристапни скали и потпорни вертикални ѕидови. Околу храмот понекогаш се правеле ред столбови или полустолбови, како кај грчкиот периптерос или псевдопериптерос.



*Основа на римски храм*

***Храмот на Венера и Ром*** е ѕидан во времето на Хадријан, т.е. во 135 г.н.е., во близина на Колосеумот во Рим. Тоа е голем периптерос со две квадратни цели, кои ги допираат апсидите. Ѕидовите се обложени со мермер и однадвор и однатре, а покривот бил покриен со бронзени црепови.

Често пати се граделе и храмови со кружна основа, меѓу кои најзначајни се:



*Римски пат*




*Храм Пантеон*
*1. Портик 2. Ротонда*
*3. Купола 4. Кружен прстен*
*5. Кассетирана таваница 6. Ниша*

Пантеон во Рим и храмот на Веста во Тиволи крај Рим.

***Пантеон*** е подигнат во чест на богот Јупитер од императорот Август, во 26 г. пр.н.е. Во основата се наоѓа голема ротонда со пречник од 43,5 м, пред која има правоаголен портикус со 16 коринтски столбови, распоредени во четири реда. Ѕидовите на ротондата се дебели 6 м, а во нив се издлабени 4 правоаголни и 3 полукружни ниши. Кубето е масивно ѕидано, а на внатрешната страна касетирано и покриено со црепови од позлатена бронза. На темето има отвор со пречник од 9 м поради осветлување. На портикусот се наоѓа тимпанон, како на храмовите со правоаголна основа.



*Реконструкција на базилика*

**Профани објекти**

***Базиликите*** се покриени објекти наменети за трговија, јавни собири и судски расправи. Основата им е правоаголна, поделена со столбови на три дела или на пет брода, а во дното била полукружна апсида. Потесните базилики биле осветлувани бочно, а поироките биле базиликално осветлени. Меѓу позначајните базилики ги издвојуваме следниве: Базиликата на Форумот во Помпеја, Базиликата на Јулие во Рим, Базиликата на Константин во Рим, како и Максентиевата базилика во Рим.



*Римски форум*



*Палестра*

***Терми*** се јавни бањи со топла и ладна вода. Објектите биле пространи и раскошно опремени, загревани со топол воздух, чија внатрешност била поделена на:

- аподитериум - простор за соблекување и облекување;
- фригидариум - простор со ладен воздух;



*Основа на базиликата на Махенциус и Константин*



*Основа на Каракалините терми во Рим*



*Урнатини на Константиновите терми*



*Колосеум*
*1. Влезови 2. Лакови*
*3. Четврти кат*
*4. Подвижна стреа*



*Циркус Махенциус во Рим*

- Тепидариум - простор со умерено топол воздух;
- Калдариум - простор со топла вода;
- Лаконикум - парна бања.

Најзначајните терми се: Каракалините терми во Рим и Диоклецијановите терми во Рим.

***Циркусите*** се граделе за трки со коли и одговараат на грчките стадиони, со кои и основата им е слична, само што арената е поделена на две патеки со низок ѕид, и тоа: патека за поаѓање, која била поширока и патека за пристигање на целта. Најпознат е Циркусот на Максенциус, со должина од 670 м и капацитет од 150.000 гледачи.

***Амфитеатрите*** се налик на грчките театрони, но со основа во вид на полна елипса, а служеле за борби на гладијатори меѓу себе или со диви ѕверови. Најголем од нив е амфитеатарот на Флавиј во Рим - Колосеум. Неговата основа е елипсоидна со дијаметри 188 м и 156 м. Гледано однадвор тоа е зграда на четири ката, каде што првите се со расчленети ѕидови - со арки. Капителите на столбовите се: на 1 кат во дорски стил, на 2 кат во јонски и на 3 спрат во коринтски стил. Столбовите се широки по 2,4 м, а се наоѓаат на растојание од 6,8м. Висината на катовите е 11,4 м, а на приземјето 12,45 м. Зградата е без покрив, но можела да се заштити со платна од сонце или дожд.

Амфитеатарот во Пула има 4 ката и надворешните ѕидови се целосно зачувани.

***Триумфални порти*** се подигани во чест на царевите-победници, при нивното враќање од воените походи. Имале еден



*Флавиев амфитеатар – Колосеум*



*Константинова триумфална порта*



*Сергиева триумфална порта*



*Инсула – повеќесемејна куќа*

или три лачни отвори, украсени со столбови, полустолбови, релјефи и скулптури. Над столбовите обично се наоѓа висока атика, на која е напишана посветата кому му го подига овој објект Римскиот сенат. Такви примери се Триумфалната порта на Тит во Рим, со еден отвор, Триумфалната порта на Константин во Рим, со три отвори и богато украсени и Триумфалната порта на Сергие во Пула од III век, со еден отвор и по 4 столбови од страните.

***Спомен-столбовите*** се подигани со иста цел како и триумфалните порти. Најпознат од нив е Трајановиот столб во Рим подигнат во 113 год. на Форумот. Овој столб е висок 40 м, има долен дијаметар 4 м, внатре е шуплив со спирални скали кои водат на горна платформа, каде што се наоѓа позлатениот кип на Трајан. На надворешната страна спирално и во релјеф е прикажана борбата на Трајан во Дакија, со над 2500 фигури.



*Трајанов столб во Рим*

***Станбените објекти*** се развиле според етрурската куќа. Во големите градови, како во Рим, се граделе станбени згради (инсули) за издавање на посиромашната класа. Тие биле на повеќе катови, со висина до 20 м, со неудобни станови ѕидани од лесен материјал, со дрвена таванска конструкција и без оџаци. Како такви тие често страдале од пожари.

*Куќите* на моќните граѓани имаат во средината голем простор-атриум, од одоколу покриен со покрив и отворен во средината - комплувиум. Под отворот се наоѓа базен - имплувиум, за примање на дождовна вода. На дното се наоѓа таблинум - квадратна просторија со отворен преден ѕид, која служи како работна соба и салон за примање. Другите простории се спални и наменети за потребите на домаќинството.



*Диоклицијанова палата во Сплит*



*Флавиева палата во Рим*



*Мавзолеј на Флавиј (Ангелска тврдина)*

*Куќите на високите функционери и царските вили и палати* се граделе според истата концепција, само што биле поголеми и пораскошни. Таква е, на пример, Палатата на Флавие на Палатин во Рим, која имала престолна дворана, базилика со апсида и приватна капела.

Диоклецијановата палата во Сплит е во вид на римски воен логор (каструм) со речиси правоаголна основа со димензии 181 и 175/215 м. На секој агол се наоѓала по една голема кула, а покрај секоја порта по две осмоаголни кули и уште шест кули покрај ѕидините на копното. Ѕидините, со дебелина од 2 м и висина од 17 до 24 м, го обиколувале комплексот, кој покрај палата содржел и мавзолеј, мал храм, збир на згради за дворјаните и гардата, како и магацини. На јужната фасада, спрема морето, изведен е трем со 42 аркади и три лоѓии, до кој императорот имал директен пристап од дворот. Како и во секој каструм, две улици го поврзувале дворот со златната порта и сребрената со железната порта. Во пресекот на овие улици се наоѓа предворје со димензии на основата 13,2x24 м, опколено со по седум аркади носени од коринтски столбови. Диоклецијановиот мавзолеј бил воедно и храм на Јупитер, со осмоаголна основа и висина до 25 м. Внатрешноста на храмот е кружна со дијаметар 13,35 м, а под него се наоѓа гробница-крипта. Спроти мавзолејот се наоѓа храм посветен на богот на здравјето Асклепиј. Водовод со должина од 9 км носел вода до палатата од реката Јадро, а остатоци од аквадуктот се сочувани до денес.

Гробници - Римјаните ги спалувале своите мртви, а општите гробници биле квадратни, засводени и со ниши во ѕидовите за сместување на урните. Доколку мртвите се закопувале во земја, гробот се обележувал со столб, надгробен споменик или капела. Најдени се камени саркофази од II век в.н.е.

За овој период се значајни и мавзолеите подигани за царевите како што е мавзолејот на Хадријан во Рим од 130 г.н.е. и на Диок-лецијан во палатата во Сплит и др.

## ВИЗУЕЛНА УМЕТНОСТ ВО РИМ
### (сликарство, скулптура, орнамент)

Во Рим сликарството, скулптурата и орнаментот како визуелни уметности имаат примена во изобилство.

Орнаментот е декорација на жртвеници, столбови и други конструктивни елементи во објектите, користејќи детали на билни и птичји облици, делкани во мермер.

Фигурални релјефи се прикажани (пример: Arapacis) во поворка од човечки фигури со различна возраст и овде лицата имаат портретски карактер.

Орнаментите се делкани во камен или штуко обработка со геометриски шари.




*Ѕидна фреска на позлатена основа*



*Ѕидна фреска*



*Скулптура на Цезар*



*Скулптура на римска божица*



*Релјеф на саркофаг*



*Римска терма*

**Вајарство**

Скулптурите се поставуваат многу често на форумите, во семејните куќи, термите. Скулптурите се во природна човечка големина со детално обработен лик-портрет.

Сликарството е во спрега со архитектурата и се користи како ѕидна декорација, работена во фреско-техника на влажни малтерисани површини. Боите се јаки, најчесто црвена, црна и бела.

Покрај ѕидните имало и одвоени слики со различна намена: подарок во храмовите, портрети за библиотеки и приватни домови.

**Применета уметност**

Во богатите римски семејства се користат предмети од благородни и полублагородни камења на кои биле изгравирани митолошки и религиозни мотиви, мотиви од лов и сл. Се изработувале производи од стакло како чаши, шишиња, вазни, садови за овошје од безбојно стакло. Исто така е користено зелено-сино стакло. Подоцна на ваквите садови се вметнуваат делови од злато, сребро и разнобојни стакла.

Римјаните поседуваат вештина за обработка на метали за лиење на големи скулптури и мали бронзени декоративни предмети како свеќници, делови од мебел. Од злато и сребро прават садови кои ги дополнуваат богатството и сјајот на раскошните трпези. Исто така, се изработувал накит за жените, кој често бил декориран со ликови од грчката митологија.

## ЗАПОМНИ

Во градбите применуваат архиволтен систем користејќи лак и свод. Типичен римски елемент се атиката, композитниот столб и композитната архитравна греда. Разликата меѓу античка Грција и антички Рим била во односот кон архитектурата. Римјаните граделе насекаде низ регионите и се воделе од девизата „од корисно кон убаво“, а Грците граделе само во познатите центри. Римјаните користат најразлични облици на тула, метал, дрво, малтер од вар и пуцолан (римски цемент). Градат храмови и базилики, форуми, терми, амфитеатри, циркуси, триумфални порти, палати, воени логори (каструми) и др. Сликарството, скулптурата и орнаментот како визуелни уметности имаат примена во изобилство. Орнаментот се користи на столбовите и другите конструктивни елементи. Скулптурите се поставуваат на форумите и другите јавни објекти. Сликарството се користи како ѕидна декорација во фреско-техника.Има и одвоени слики – портрети. Римјаните користат лиење на метал за големи скулптури, предмети во домовите и накит.

# Модуларна единица 3. СРЕДЕН ВЕК



Пресек




Основа

*Легенда:*
*1. Влез*
*2. Атриум*
*3. Нартекс*
*4. Наос*
*5. Трансепт*
*6. Апсида*

## 3.1. РАНОХРИСТИЈАНСКА АРХИТЕКТУРА

### Услови за развој на ранохристијанска архитектура

По признавањето на христијанската вера со Миланскиот едикт во времето на владеење на царот Константин, во 313 год. н.е. почнуваат да се градат слободно првите христијански сакрални објекти - *црквите*.

Првите христијани поради тогашните прилики почнале да градат под земја. Во време на прогоните, подземните ходници служеле за тајни состаноци и вршење на ритуали и обреди на христијаните. Долапите издлабени во страничните ѕидови на катакомбите служеле за погребување на христијанските верници и гробовите биле затворани со обични камени плочи без орнаменти.

За изградба на христијанските храмови се употребувал претежно материјалот од претходните светилишта, што ќе се најде на лице место како обликуван и подготвен камен. Оваа употреба на готов материјал со рушење на античките објекти ја прекинал владетелот Теодор со донесување на закон и така ги заштитил римските споменици.

### Главни карактеристики Споменици

Спомениците од ранохристијанскиот период се претежно од верски карактер.

- Сакрални објекти (базиликална и централна градба)
- Крстилници (баптистриуми)
- Камбанарии (кампанили)
- Мавзолеи.

Ранохристијанското градителство се одликувало со два типа цркви:

1. базилики
2. централни цркви.

### Базилика

Во основа базиликата е долгнавест правоаголник со две еднакви колонади кои го одвојуваат главниот брод од страничните бродови кои и биле пониски за да можело над нив да се поставаат низа прозорци. Пред влезот се наоѓа атриум, па потоа следува претпросторија или нартекс, потоа просторијата на самата црква или наос, сè до триумфалниот лак, зад кој базиликата завршува со полукружна ниша или апсида.

### Трибродна базилика

**Атриумот** е непокриен простор, опкружен со пониски покриени тремови. Во средината на атриумот се наоѓал бунар кој служел за симболично миење пред влегување во храмот. Истите овие бунари ќе ги сретнеме и подоцна во исламската архитектура.

**Нартексот** е покриен претпростор на влезот во црквата. Може да има еден, три или пет влеза, во зависност од бројот на бродовите во наосот.

Главната црковна просторија, **наосот**, служи за собир на верниците и одржување




*Петобродна базилика на св. Петар во Рим*

на верски обреди. Поделена е со низа столбови на три или на пет брода. Средниот брод е двојно поширок од страничните бродови, кои пак меѓусебно се еднакви.

**Апсидата** е полукружна ниша на крајот на оската на средниот брод на базиликата.

Во неа се наоѓаат олтарот, седишта наместени во полукруг за свештениците и истакнато седиште на средината на полукругот наменето за бискупот.

Галериите што се градени над страничните бродови се отворени со аркади кон средниот брод и се викаат **емпори**. Овие галерии служеле за да можеле и жените, одвоено од мажите да присуствуваат на верските обреди. Основата на базиликата во облик на крст не е само од симболичко значење. Попречниот брод проектиран пред олтарот служи да можат да се сместат што поголем број монаси кои пееле за време на одржување на литургиите.

Значи, сите простории имаат јасна намена. Во атриумот стојат верски приправници, нартексот ја означува подготовката за влез во храмот, во наосот стојат машките верници, на емпорите женските, трансептот се пополнува со пејачи, а во апсидата обред извршуваат свештениците.

Столбовите се слични на римските само што кај ранохристијанските столбови повеќе не се внимава на пропорција и модул. Капителот е римски, но добива и други украси, листови и спирали. Подоцна над капителот се појавува додаток – **импост** кој служи како лежиште за лакот. Додатокот има облик на обратна четиристрана пирамида.

**Централна градба**

Се состоела од кружен или осмоаголен простор кој бил осветлен со помош на високо поставени прозорци. Сите овие објекти се покриени со шаторест покрив или со купола. Преминот од квадратна во кружна форма е со сферни триаголници – **пандатифи**.

Во средината на основата стои олтар, саркофаг или базен од камен за крштавање.

Позначајни базилики се:

- Св. Петар во Рим - петобродна базилика
- Базилика Либеријана, денешна Санта Марија Маџоре во Рим – трибродна базилика богато украсена со мозаици



Кружна основа на мавзолејот Св. Констанца

- Базиликата на Св. Павле во Рим – најголема од петобродните базилики
- Базиликата Сан Лоренцо во Рим.

**Крстилници**

Во близина на базиликите се правени и крстилници (баптистериуми) кои биле наменети за крштавање и имале форма на ротонда или на рамностран осмоаголник.

Најпознат е осмоаголниот Латерански баптистериум во Рим.

**Камбанарии**

Камбанарии (кампанили) се објекти со квадратна основа, ѕидани на катови покрај базиликите. Најпозната е камбанаријата покрај црквата Пуденцијана во Рим.

**Мавзолеи**

Еден од позначајните мавзолеи е мавзолејот Св. Констанца во Рим со кружна основа и аркади однадвор. Во ѕидовите има засечени правоаголни и полукружни ниши.

## ВИЗУЕЛНА УМЕТНОСТ ВО РАНОХРИСТИЈАНСКИ ПЕРИОД

Во уметноста во ранохристијанскиот период во првата половина на IV век се појавува резбарска декорација на САРКОФАГ. Саркофагот е камен гроб за погребување на ковчегот или телото на починатиот.

Во ранохристијанскиот период се појавува украсување со мозаици на ѕидовите и таваните во базиликите и црквите.

Во црквата Сан Витале, од страната на олтарот, има прекрасен мозаик кој ги



Трибродна базилика богато украсена со мозаици - Санта Марија Маџоре во Рим



Резбарска декорација на САРКОФАГ од првата половина на IV век



Мозаик од Сан Витале во Равена, на кој е претставен Јустинијан I. Епископот Равенски Максимилијан опкружен со војници и свештеници

симболизира и ги одразува моќта и славата на императорот. Мозаикот го отсликува византискиот идеал за убавина: високи тенки фигури, издолжени глави со големи очи, заоблени веѓи, долги и тенки носеви, мали усти, мали нозе во однос на големината на телото и раскошно украсена облека, а задницата е златна (небото е секогаш со боја на злато во раното христијанство).

## 3.2. ВИЗАНТИСКА АРХИТЕКТУРА

### Услови за развој на архитектурата

По распаѓањето на Римската Империја во 395 г. Западната Римска Империја потпаднала под власта на Готите, додека Источната останала самостојна.

Во времето на Јустинијан, Византија се протегала преку Мала Азија, во Ерменија, Сирија, па дури и на северниот дел на Иран. Со тоа ја обогатила својата уметност под влијание на малоазиските култури, а од Рим ги наследила типовите јавни градби и нискоградбата. Религијата имала апсолутно влијание врз архитектурата која пак во потполност служела за јакнење на царската и црковната сила и моќ. Не постоела граница помеѓу световната и црковната моќ, како ни црковните и дворските церемонии. Тоа најдобро го покажува ентериерот на византиските цркви кој бил свечен и раскошен, строгно и обилно орнаментиран. На позлатените мозаици се прикажувале и светците и царевите на сличен начин.

На европскиот брег на Босфор, на местото на некогашниот град Визант, во IV век н.е. царот Константин го подигнал и изградил градот Константинополис или Цариград (денешен Истанбул). Тој град се наоѓал на раскрсница на трговските патишта помеѓу Европа и Азија и за многу краток период прераснал во многу богат центар на културата, занаетчиството и трговијата. Откако Турците го зазеле Константинополис во 1453 год. прекинало силното културно влијание на византиската култура и архитектура врз другите западни народи. Како што можеме да согледаме, византиската култура врз архитектурата во тогашниот свет имала големо влијание во континуитет од десет века, односно од V до XV век н.е.

### Конструктивни и стилски карактеристики

#### *Видови градби*

Византија вовела централен тип градба со полигонален свод или купола. Со комбинација на базилика и централна градба настанал карактеристичен тип на византиска црква каде што на составот наосот и попречниот брод се издига валчест тамбур со купола на врвот.

Во Византија се граделе *раскошни дворци, јавни установи, водоводи, цистерни, мрежа на патишта, уредени и организирани пристаништа*, што укажува на висок степен на развој на архитектурата и културата во тоа време.

Уште во 334 година царот Константин донел едикт за задолжително школување на млади луѓе во уметноста и градежништвото. Така започнала големата изградба на Византиското Царство. Се создавале генерации школувани градители кои биле еднакво добри како во нискоградба, така и во високоградба.

#### *Градежни материјали*

Основен градежен материјал при изградбата на монументалните објекти биле *каменот* и *тулата*. Фасадите не се малтерисувале. Тие се формирале со наизменично редење во слоеви на каменот и тулата кои се разликувале и така се градел архитектонски детаљ. Варовиот раствор бил измешан со парчиња од тула и се ставал во дебела надворешна фуга за декоративно



*Византиски лакови во слоеви*

оформување на фасадата, а се користеле и различни по форма глазирани елементи. И лаците се ѕидале наизменично со камен и тула. Овој начин на градба е препознатлив во Византија и исламот.

***Купола***

Во византиската архитектура куполата масивно се употребувала.

По дефиниција, куполата е сферен облик на сводот и се добива со ротирање на лакот околу својата оска на симетрија. Човечкиот ум со векови се обидувал да направи нешто слично на небескиот свод. Почетоци на градење на куполи сретнуваме во Сирија, Ерменија и Персија. Градителите на претфеудалната епоха граделе куполи врз квадратна основа, каде што теоретски и практично куполата се допирала само во четири точки со основата, а четирите агли остануваат неоптоварени.

Поради тоа се поставуваат греди и се ѕидаат мали аголни ниши т.н. **тромпи**. Но ваквите решенија ниту естетски ниту пак конструктивно не задоволувале во целост. Вистинско револуционерно решение била куполата на црквата Аја Софија во Константинополис каде што успешно е извршено пренесувањето на товарот на куполата на основата со пандатифите - сферни триаголници која претставува вистинско ремек-дело на византиската архитектура.



*Поглед кон куполите во Аја Софија*



*Византиски капители во вид на превртена, заоблена пирамида, со мрежести и тантелни елементи. Меѓу стеблото и капителот се наоѓа орнаментиран врат, а помеѓу капителот и носениот лак е вметната посредна перница – импост, украсена со вегетабилни и зооморфни мотиви.*



*Различни видови куполи во нивниот развој*

## Архитектонски споменици

Црквата Св. Софија (Аја Софија) е најголемата црква во светот на мудроста која се наоѓа во Истанбул. Таа се вбројува во најсмелите градби од византискиот период бидејќи толку голем простор не се обиделе да опфатат дури ни Римјаните.

Црквата е изградена на местото на старата петобродна базилика која ја изградил царот Константин во IVвек. Во 532 н.е. царот Јустинијан градбата на новата црква им ја доверил на малоазиските архитекти Антемиј од Трал и Исидор од Милет, која подоцна ќе стане центар на неговото царство. Црквата била изградена за неверојатни пет години. Основата е 77 м х 71,7 м и е во облик на впишан крст со исти краци. Куполата со радиус од 32 метра ја носат четири големи лакови и пандантифи со висина над 18 м. Кон исток и запад лаковите преминуваат во полукуполи и на тој начин ја проширува-ат централната купола. Но, архитектите не се задоволиле само со ова решение! Дури и овие полукуполи на запад имаат две, а на



*Аја Софија во Истанбул - надворешен изглед*



*Внатрешноста во црквата Аја Софија*



*Внатрешноста на Аја Софија*



*Црквата Василие Блажени во Москва: На Црвениот плоштад во Москва се наоѓа црквата Василие Блажени. На внатрешниот сјај и сериозност на царскиот византизам, Русија им додала карактеристични елементи донесени дури од Далечниот Исток. Куполите на руските цркви се со живи бои и имаат облик на луковка, а спиралите ги надополнуваат овие декоративни елементи.*



*Манастир Св. Гора во Грција. Воведен е нов тип основа тролист - триконхос. Името потекнува од полукуполите кои потсетуваат на школки - конхи.*

исток три помали полукуполи и со тоа оваа комбинација претставува една добра статичка целина.

Дури и ако го занемариме раскошот на шарените мермерни и мозаични украси – раскош од кој, за жал, денес многу малку е сочувано, ќе ни снема воздух од убавината на самата градба. Ѕидовите се испрекинати со странични бродови, колонади и галерии и се издигаат низ полукуполите и четирите огромни пандантифи до неверојатната купола која има 40 прозорци и личи на плитка чинија.

Еден современик рекол: „Аја Софија не личи како да стои на цврст темел, туку како да лебди низ воздухот и како да ја носат златни синџири спуштени од небото".



*Црквата Сан Аполинаре Нуово во Равена има необично висок главен брод. Позната е по своите мозаици меѓу кои се наоѓаат и сликите од животот на Исус Христос.*



*Црквата Сан Аполинаре ин Класе кај Равена, некогашна резиденција на византиските цареви.*



*Базиликата Св. Марко доминира со својата градба на истоимениот плоштад Св. Марко. Таа спаѓа во една од најинтересните светски цркви, а вниманието го привлекува со својот изглед. Базиликата е изградена во почетокот на 9 век и оттогаш многу пати е рушена, градена, надградувана и менувана. Основата на базиликата има облик на крст, а самиот изглед се темели на Аја Софија во Истанбул.*



*Внатрешноста на Аја Софија*



*Олтарот во Аја Софија и карактеристичните столбови*

По падот на Константинополис под Турците, црквата е претворена во џамија. Дури Кемал Ататурк наредил објектот да се претвори во музеј и до ден-денешен тој така функционира.

Други позначајни објекти од византискиот период се:

- Црквата Св. Сергеј во Цариград
- Црквата Св. Ѓорги и Св. Димитрија во Солун.

Многу од нејзините слики и мозаици сè уште се скриени под исламските украси, но тоа не е важно. Во секој период оваа градба ја покажува својата големина. Ако се сетиме дека била изградена за само пет години пред 15 века, тоа ремек-дело станува чудо.

Византиската архитектура имала големо влијание на архитектурата во Сицилија и Јужна Италија, особено во Равена која била некогашна царска резиденција на византиските цареви.

## ВИЗУЕЛНА УМЕТНОСТ ВО ВИЗАНТИСКИ ПЕРИОД (ФРЕСКО-СЛИКАРСТВО)

Во времето на византиската уметност, ѕидовите на црквите се украсени со мозаици и фрески, а главниот кораб е истакнат со иконостас. Иконостасот е олтарска преграда која го одделува светилиштето од другиот дел од црквата, а се состои од камени плочи или икони. Иконите се слики на платно или почесто на дрвена заднина. Иконите се направени според многу строги иконографски правила.

Скулптурата многу ретко се користи во византиската уметност.

### ЗАПОМНИ

Спомениците од ранохристијанскиот период се претежно од верски карактер.

- Сакрални објекти (базиликална и централна градба)
- Крстилници (баптистриуми)
- Камбанарии (кампанили)
- Мавзолеи.

Ранохристијанското градителство се одликувало со два типа цркви и тоа:

1. базилики
2. централни цркви.

Религијата имала апсолутно влијание врз византиската архитектурата.

Основен градежен материјал при изградбата на монументалните објекти биле каменот и тулата. Во византиската архитектура куполата масивно се употребувала.

Пандатифите се сферни триаголници кои претставуваат вистинско ремек-дело на византиската архитектура.

Градбата на новата црква Св. Софија (Аја Софија) во 532 н.е. царот Јустинијан им ја доверил на малоазиските архитекти Антемиј од Трал и Исидор од Милет.

Во византиската архитектура базиликата е во вид на рамнокрак крст со централна концепција од каде што се издига моќна купола.

Орнаментите се доста застапени, особено кај капителите, а ѕидните површини се украсени со мозаици и фрески. Често поставени на златна основа.




*Откриена фреска во мозаик од Исус Христос*



*Дел од сводот*

## 3.3. ИСЛАМСКА АРХИТЕКТУРА И УМЕТНОСТ

### Историски и општествени услови

На Арапскиот Полуостров кон крајот на VI век никнува нова монотеистичка религија – *ислам*. Таа ги обединила сиромашните но отпорни сточарски бедуински племиња. Во силен налет и развој религијата покорила многу народи. Во името на Алах и основачот на исламската религија Мухамед, Арапите ги заземаат териториите на своите соседи и основаат силна феудална империја. Ги заземаат Египет, Северна Африка и преку Пиринеите се шират дури до Шпанија. Со освојувачките походи на Турците, се формира големата Отоманска Империја која опфаќала огромна територија.

### Градби

Исламските верници бидејќи се селеле не можеле да создадат нови типови конструктивни форми. Во замена за тоа со својата огромна ориентална фантазија тие си создале оригинални творби. Џамиите биле првите објекти, кои исламските верници ги граделе во секоја освоена земја. Тие ги зачувувале типичните исламски архитектонски форми и во комбинација со другите добивале нова форма.



*Голема џамија во Кордоба од периодот околу 970 год.*



*Детаљ на арабеска*



*Разновидни облици на исламски лакови*

### Развој на џамиите и другите градби

Џамијата има претпростор, харем каде што на средина стои чешма за миење пред молитва, ***себил***. Околу предворјето обично има наткриен трем. Најдлабокиот трем се наоѓа припоен до џамијата и е свртен кон правецот на Киблах т.е. кон Мека. Просторијата за молитва е внатре во џамијата и се нарекува ***ливан*** и обично е украсена со арабески и изреки од Куранот. Во ливанот се наоѓа ниша, *михраб* која го означува правецот на молитвата. Поголемите џамии имаат во ливанот, ***мимбар***, место за проповед, издигнато на скалник.

Во џамиите се градат едно или повеќе **минариња** кои служат за повикување на верниците на молитва. Минарет на арапски значи светилник, па многумина името го доведуваат во тесна врска со светилникот на Фарос кај Александрија. Има разни облици на минариња. На квадратна основа се издига осмоаголен или дванаесеттоаголен столб сè до галеријата. Над галеријата е изведен кружен дел на минарето кое завршува со купола на врвот. Во минарето се изведени завојни скали.

### Материјал за градба

На Исток за градба се користел каменот, а во Африка и во Шпанија се комбинирале каменот и тулата. Дрвото се употребувало во балканските земји, а куполите се обложувале со оловни или бакарни плочи. Позначајните градби се ѕидале со камен и се



*Внатрешност на џамијата Султан Селим*



*Детаљ од орнамент на Аз Захра од Кордоба*



*Детаљ од внатрешноста на џамијата Султан Селим*

обложувале со мермер, а столбовите, скалите и порталите биле од гранит и базалт.

**Столбови**

Во исламската архитектура многу често се сретнуваат колонади од столбови. Тие се тенки и богато украсени со орнаменти. Базата и капителот се ниски и профилирани. Столбовите се соединети со шилести или издолжени лакови.

Исламската архитектура е поврзана со климатските услови. Поради високите температури се градат внатрешни дворови. Исламската градба користи тремови, внесува зеленило и многу го негува култот на фонтаната и водоскоците (шадрваните) бидејќи водата е синоним за овој народ.

**Орнаменти**

Украси имало во изобилие. Во исламската архитектура  нема простор на објектите каде што нема орнамент. Сводовите, таваните, ѕидовите, столбовите и подовите се направени со најразновидни орнаменти оформени од геометриски форми, стилизирани гранки, цветови и листови, плодови



*Арабески обоени со јаки бои*





*Арабески со орнаментни мотиви*



*Резиденцијата на Аз Захра од Кордоба - Шпанија*



*Мавзолејот Тај Махал во Индија (чудото на светот). Го изградил Шах Џехан за својата жена. Мавзолејот е обложен од бел мермер поставен на висока тераса. Има големи отвори со шилести лакови и купола висока 75 м во облик на луковица. Околу мавзолејот се подигнати уште 4 помали куполи. На четирите агли има 4 бели минариња. Дворецот е долг 114 м и столбовите се украсени со филигрански орнаменти.*





*Детаљ од сталактитен орнамент на столб во Ал Хамбра*



*Палатата Ал Хамбра во Гранада, Шпанија. Името значи – црвен замок. Одаите се групирани околу два двора со прекрасни столпчиња со аркади, базени и фонтани. Лавовскиот двор бил предвиден за женскиот харем, а фонтаната со лавовите е изведена од црн мермер.*

и ползечки растенија и на крај со текстови од Куранот, виртуозно вплетени во разните *арабески*.

### Арабески со орнаментни мотиви

Најраспространет украс на сводот е таканаречениот *сталактитен орнамент* кој се состои од множество мали висечки сводови. Овие орнаменти се исполнети од дрво или камен и се бојат со бои.



*Џамијата на Омар во Ерусалим. Куполата е поставена на осмоаголна основа. Целосно е испишана со арабески.*



*Џамијата Султан Селим во Едрене. Ја гради Хоџа Мимар Синан - турскиот Микеланџело*

## ЗАПОМНИ

Џамијата има претпростор, харем каде што на средина стои чешма за миење пред молитва, *себил*.

Просторијата за молитва е внатре во џамијата и се нарекува *ливан.*

Во ливанот се наоѓа ниша, *михраб* која го означува правецот на молитвата.

Џамиите имаат во ливанот, *мимбар*, место за проповед, издигнато на скалник.



*Даут-пашин амам во Скопје*



*Мостот во Мостар*

Во џамиите се градат едно или повеќе *минариња* кои служат за повикување на верниците на молитва.

Има разни облици на минариња. На квадратна основа се издига осмоаголен или дванаесеттоаголен столб сè до галеријата.

Столбовите се тенки и богато украсени со орнаменти и се соединети со шилести или издолжени лакови. Базата и капителот се ниски и профилирани.

Најраспространет украс на сводот е таканаречениот *сталактитен орнамент* кој се состои од множество мали висечки сводови.

Арабески се најразновидни орнаменти оформени од геометриски форми, стилизирани гранки, цветови и листови и на крај со текстови од Куранот.

Позначајните градби се ѕидале со камен и се обложувале со мермер, а столбовите, скалите и порталите биле од гранит и базалт.

## 3.4. СРЕДНОВЕКОВНА АРХИТЕКТУРА ВО МАКЕДОНИЈА – ИСЛАМСКИ ПЕРИОД

Македонија под турска власт останала сè до 1912 година. Во вакви прилики на долгогодишен живот под одредени општествени, економски, културни и верски услови се развила архитектура со сосема различен стил и карактер. Промената е особено видлива во градовите кои почнуваат интензивно да се развиваат како економски воени центри на погодните сообраќајници. Станбената архитектура се развила според примерот на ориенталните бондручни објекти, под влијание на Мала Азија и Византија. Се



*Чифте амам, Скопје*

граделе монументални објекти, кои имале општествено репрезантативен карактер, ѕидани од камен и тула, а покриени најчесто со олово, честопати декоративно обработени. Биле изградени џамии, турбиња, медреси, анови, безистени, амами, карван-сараи, саат-кули, јавни чешми, мостови и друго. Овие објекти биле подигнати од турските бегови под силно византиско влијание. Најбројни се џамиите кои биле доста простради со цел да соберат поголем број верници. Во секоја џамија имало главна ниша слична на олтарот која се викала михраб. Таа секогаш била ориентирана во правец на светилиштето во Мека. Местото за проповед се викало мимбар. Над влезната врата имало галерија наречена махвил. Џамиите биле засводени со кубе со големи распони, а биле покриени со олово. Покрај објектот било изградено минаре - висока градба со завојни скали во внатрешноста. На одредена висина на минарето се наоѓала галерија наречена шерефа од каде што муезинот ги повикува верниците на молитва. Пред влезот џамијата имала трем со аркади наречен софа. Во дворот се наоѓала фонтана-шадрван која служела за ритуално миење на лицето, рацете и нозете пред влегувањето во џамијата.

***Мустафа-пашина џамија***

Оваа џамија е еден од најубавите исламски споменици од XV век во Скопје. Изградена е во 1492 година од скопскиот заповедник Мустафа Паша. Се наоѓа над Старата скопска чаршија. Комплексот го сочинуваат: џамијата, турбето на Мустафа Паша, саркофагот на неговата ќерка Уми, шадрванот, надгробните нишани и остатоците од некогашниот имарет и медреса.

***Чифте амам***

Тој е споменик на исламската профана архитектура од XV век. Во минатото овој објект претставувал јавна бања и сауна. Од 1948 година, во него е сместена Националната галерија на Македонија со постојана поставка на македонската современа уметност.

***Шарена џамија***

Се наоѓа во градот Тетово на десниот брег на реката Пена. Изградена е во 1495 година, а како нејзини легатори се спомнуваат имињата на двете сестри Хуршида и Менсуре, кои се погребани во осмостраното турбе во дворот на џамијата. Народот ја нарекува и Пашина џамија. Позната е по својата фасадна сликарска декорација со арабески и сонца кои трепераат, во духот на османлиско-турскиот барок, вбројувајќи се во ремек-делата на исламската сакрална уметност и архитектура.

Речиси покрај сите скопски џамии, во градините покрај нив се изградени турбиња (надгробни капели), а едно од најубавите е турбето покрај Исембеговата џамија.



*Шарена џамија, Тетово*



*Сули - ан*

*Карван-сараи* се објекти во кои престојувале трговците со своите карвани. Околу главното дводиште се распоредени ќелии, чија врата и прозорец гледаат кон двориштето, без отвори на фасадата и со оџак за греење и готвење. Ваквиот распоред бил на приземјето и катот, а единствен влез била добро чувана порта. Зад овој прв дел во приземјето биле шталите, како и кујни за кираџиите. И овде прозорите и вратите гледаат кон дворот.

Во Скопје е познат Куршумли-ан, кој го добил името по покривот од олово (тур. куршум). Се споменува уште од 1550 година како задружина на Мула Мусладин оџа. Покрај анот бил и неговиот амам - Кури амам, кој сега не постои.

*Безистените* се покриени и ноќе, затворени пазари - чаршии. Поголемите безистени имале цел сплет од улици со по еден вид стока во секоја улица. Ноќе трговците ги затворале своите дуќани, а потоа се затворала и целата чаршија која била добро чувана. Освен покриените чаршии, постоеле и дуќани со *занаетчиски работилници*: кондураџии, казанџии, јорганџии, кујунџии и други.

Сочуван е и реставриран безистенот во Битола со 86 дуќани, како и Штипскиот безистен изграден во XVI или XVII век, кој е покриен со две калоти.

*Амамите* се исто така солидно ѕидани објекти, најчесто со две одвоени групи простории за мажи и за жени. Прозорци немало, а за вентилација и светлост служел отворот на врвот на калотата, како и застаклените ѕвездести отвори на неа. Даут-пашин амам во Скопје е еден од најпознатите амами, изграден околу 1500 год., кој сега служи како уметничка галерија.

Саат-кулите биле високи ѕидани кули со часовници при врвот, најчесто градени на главниот плоштад, покажувајќи го времето во целиот град. Соочувани се саат-кулите во Скопје и Битола.

Покрај горенаведените, се граделе и патишта и мостови, од кои кај нас сè уште служат Каменот мост во Скопје од XV век и Гореничкиот мост на Радика кај Дебар.

Стилот на оваа архитектура е во ориентален дух. Џамиите се еден вид копии на персиските ападани или пак византиските цркви со кубе. Овде куполата наместо на пандантифи е поставена на т. н. сталактити. Треба да се нагласи дека многу се внимавало на складноста на формите на целиот обкјект. Естетски посебно е изразена комбинацијата на контрастите на тешката купола покриена со олово и особено елегантно високо минаре.

*Арабат Баба или Серсем Али Баба теќе*



Овој објект се наоѓа на излезот од Тетово кон Гостивар, во подножјето на планината Шар Планина. Изграден е во втората половина на XVIII век, од Реџеп Паша и неговиот син Абдурахман Паша. Во текот на 120 години, во теќето живееле бекташи кои ги учеле тајните на својата секта, која е една од најзначајните од 12 познати дервишки секти. Дервишите се познати по својот посебно негуван култ кон починатите баби и шејхови. Теќето претставува комплекс од верски објекти групирани околу турбето на Серсем Али Баба, дервиш кој припаѓал на редот бекташе. Од овие објекти денес се сочувани: чешма, шадрван, богомолка, турбе, кула, кујна-трпезарија, гостински конак, дервишхане, харемлак.

# ИСЛАМСКА УМЕТНОСТ ВО МАКЕДОНИЈА (СЛИКАРСТВО, РЕЉЕФ,ОРНАМЕНТ).

**Муслимански објекти**

Муслиманските објекти во Македонија биле декорирани со плиток релјеф и обоена декорација. И верските објекти и објектите за живеење биле богато украсени и во внатрешноста и однадвор на фасадите. Орнаментиката била стилизирана, обоена во разни бои, со цел да се потенцира полихромијата во ентериерот. Оваа боена декорација орнамент, шара, која била карактеристична за ориенталната уметност и изведена со геометриски и растителни елементи била наречена арабеска. Со неа најчесто биле украсени внатрешноста на џамиите и побогатите станбени објекти наречени конаци.

Декорацијата имала ориентално потекло но честопати била помешана и со елементи на барокот. Боите кои се употребувале биле: сина, зелена, окер и кафеава. Мајсторите кога ги сликале орнаментите и мотивите, во боите додавеле и јајца за да можат боите долго да го зачуваат својот интензитет. Во беговските конаци со богатата декорација најчесто биле украсувани просториите за прием. Ѕидовите на овие простории биле украсени со цвеќиња, пејзажи и мртва природа. Со боена декорација биле украсувани и венците на фасадите на побогатите куќи. Објектите биле украсени и со висулци-сталктити, пластично изработени во штуко или во мермер. Највпечатливиот објект од овој период е Шарената џамија во Тетово, чии внатрешни ѕидови и



*Внатрешноста на Шарена џамија во Тетово*

фасади се насликани со оваа техника на декорирање со бои.

Внатрешноста на објектите за живеење, а најмногу Дебарските муслимански куќи биле обработени со резби од дрво. Посебно внимание им се посветувало на обработката на вратите и таваните на објектите.

Во ентериерите на куќите се истакнуваат и килимите со својата декоративна обработка. Употребувано е и боено стакло, чија обработка потсеќа на некој вид витраж. Малите стаклени површини, најчесто обоени со сина и пурпурноцрвена боја, се врзуваат со гипсени профили. Понекогаш гипсените профили се толку умешно изведени, што самите преставуваат определен украс, па во такви случаи стаклото и не се бои.

Во градењето и во декорирањето на исламските објекти учествувале и македонски мајстори-градители, копаничари и зографи. Биле групирани во тајфи кои граделе и декорирале сакрални и профани објекти. Јени-џамија во Дебар била доизградена и украсена од познатиот градител Мирче Деспотов, од селото Осој, која по него, во народот, го добила името Мирче-џамија. Тој го градел и конакот на Хаки-паша во Тетово и, заедно со мајсторот Алексо Черепнајковски, градел и беговски конаци во Дебар. Горенечкиот мост е изграден од домашни мајстори. Резбата во објектите на Арабати-баба теќе е дело на копаничари од Мала Река.



*Шарена џамија во Тетово*



*Внатрешноста на Шарена џамија во Тетово*

### Применета уметност

И применетата уметност во турскиот период во Македонија била мошне развиена. Се работело во злато, сребро, бакар и бронза, во разни техники. Предметите биле гравирани со орнаментика од исламско потекло, главно со стилизирани растителни мотиви, многу прецизно изведени. Изработувани биле разновидни предмети за домаќинството. Изработувани биле и накит, оружје и разни предмети во филигран.

Покрај Турци со овие уметнички занаети - златарски, кујунџиски, се занимаваале



*Македонски накит од филигран со рубини*



*Македонски народни изработки*

и домашни мајстори, што се дознава од пот-писите на предметите. Најзначајни рабо-тилници имало во Кратово, Прилеп, Битола, Скопје, Охрид и Штип.

Развиена била и работата на текстил, ткаење на килими, везење со срма и злато на свила и кадифе. Особено богато декоративно биле обработувани женските градски носии.

Уметнички биле обработувани и оддел-ни предмети за домаќинство во дрво со интарзии во седеф.

Развиени биле и калиграфијата и илуминацијата на ракописи. Некои од нив имале декоративно обработувани наслови. Книгите биле коричени со кожа, исто така декоративно обработена.

И покрај провинцискиот карактер во некои остварувања од овој период, постигнати се и уметнички квалитети, особено во архитектурата, и се редат во значајни споменици на исламската уметност како резултат на суровото петвековно ропство.

### Христијанска уметност во Исламскиот период

По освојувањето на Балканот од страна на турците, религиозните центри од градовите се преместиле во селата каде што се создале сликарски центри. Најпознати биле: Охридскиот (манастир и цркви во Варош), Прилепскиот (цркви во Зрзе и Треска-вец), Слепченскиот (цркви во Демир Хисар), Лесновскиот (црквите во Злетово и Кратово) и Скопскиот ликовен центар (цркви во Скопска Црна гора и околу Треска и Мар-ова река).

Во Охридскиот сликарски центар работеле локални мајстори по старите сликарски традиции. Најпознати остварувања се: големиот змијски крст од црквата Св.Дими-



*Мотив од иконостас*

трија во Охрид, Иконата на Исус Христос од Св.Јован Канео, Иконостасот на црквата Св.Вознесение во Лескоец и др.

Во Прилепскиот сликарски центар работеле мајсторите Митрополитот Јован зограф и неговиот брат Макарие. Најубаво нивно дело е фрескоживописот во црквата Св.Преображение во Зрзе и големата престолна икона Св.Богородица Пелагонитиса. Црквата Св.Петар и Павле наречена Овчарска црква била насликана од зографот Димитар од Леуново кој го изработил и иконостасот на црквата во манастирот во Слепче. И фрескоживописот во манастирот Св.Никола Топлички е дело на зограф Димитар. Него ќе му помага зографот Јован. Според начинот на изработка со многу детали, зографот Димитар од Леуново спаѓа во најзначајните уметници од овој период. Во овој период фрескописан од непознат зограф, спаѓа и фрескописот од манастирската црква посветена на Св. Никола, Варош, во Прилеп. Остава впечаток дека на неговиот мајстор не му биле познати делата на Михаил и Ефтихиј, бидејќи во голема мера стилски се разликува од нив. Фрескописот во манастирската црква посветена на Архангел Михаил, во Лесновскиот манастир е дело на четворица зографи Михаило, Марко, Севаст и еден непознат зограф. Од фреските, со својата вредност и убавина се издвојуваат и оние во Марковиот манастир, изработени од непознати зографи, и оние во црквата Св. Андреја, Матка која е живописана од митрополитот Јован Зограф од Зрзе и Григориј. Познатите браќа зографи митрополитот Јован и јеромонахот Макариј од Зрзе го насликале иконостасот во манастирот Св. Преображение, во с. Зрзе, Прилепско.



*Св. Богородица Пелагонитиса на јеромонарх Макариј Манастир во Зрзе*

Со освојувањето на Македонија од Османлиите иако Охридската Архиепископија не била укината сè до XVIII век, сепак величествената епоха на македонскиот фреско-живопис ќе се повтори дури во преродбата.



*Таваница од резба Куќа на Робевци Охрид*

## ЗАПОМНИ

По населувањето на Словените на Балканскиот полуостров  и нивното покрстување Македонската култура значително се развила. Најмногу се граделе верски објекти ѕидани со декоративни техники на градење со камен и тула. Во богатото уметничко наследство на Македонија со вековна традиција, сочувани се голем број на: фрески претставени како ѕидно сликарство, икони, резби, декоративна пластика, мозаици, илуминирани ракописи и др.

Населби кои постоеле на тлото на Македонија во овој период се: Скупи, Стоби, Хераклеа, Баргала и др. Во средновековна Македонија се граделе голем број цркви и манастири. Форми на основи со кои биле градени црквите се: еднокорабни цркви, базилики, триконхоси и крстовидни цркви.

Во овој период Охрид бил истакнат црковен и културен центар и во него и неговата околина биле изградени повеќе значајни објекти: Манастирска црква Св. Пантелејмон во Охрид, црква Св. Архангел (манастир Св. Наум) во Охрид, црква „Св. Софија“ во Охрид. Од византиски период се црквите: „Свети Пантелејмон“ во Нерези, црквата „Св. Ѓорѓи“ село Курбиново, манастирот „Св. Јован Бигорски“.

Во Македонија во период  XIII – XIV век се изградени црквите: „Св. Никита“ во с. Бањани во Скопје, „Св. Ѓорѓи“ во Старо Нагоричане, „Св. Архангели“ во с. Кучевиште во Скопје, „Лесновски Манастир“ во с. Злетово, „Марков Манастир“ во Скопје, манастир „Св. Андреа“ во Матка.

Во Македонија од исламскиот период познати се: Мустафа Пашина џамија - споменик на исламската профана архитектура од XV век, Даут пашин амам, Чифте амам, Шарена џамија во Тетово и др.

Муслиманските објекти во Македонија биле декорирани со релјеф и обоена декорација. И верските објекти и објектите за живеење биле богато украсени и во внатрешноста и однадвор на фасадите. Орнаментиката била стилизирана, во разни бои, со полихромија карактеристична за ориенталната уметност, изведена со геометриски и растителни елементи. Со арабеска биле украсени и внатрешноста на џамиите и богатите конаци. Декорацијата  имала ориентално потекло но честопати била помешана и со елементи на барокот. Во градењето и во декорирањето на исламските објекти учествувале и  македонски мајстори-градители, копаничари и зографи. По освојувањето на Балканот од страна на турците, религиозните центри од градовите се преместиле во селата каде што се создале сликарски центри. Најпознати биле: Охридскиот, Прилепскиот, Слепченскиот, Лесновскиот и Скопскиот ликовен центар. Најпознати уметници од овој период се :зографот Димитар од Леуново, зографот Јован, митрополитот Јован Зограф од Зрзе, Григориј и јеромонахот Макариј од Зрзе.

## 3.5. СРЕДНОВЕКОВНА АРХИТЕКТУРА ВО МАКЕДОНИЈА

**Градови, сакрални објекти, комплекси и профани објекти во ранохристијански период, зрелохристијанско средновековје и исламски период**

### Доцна антика и ранохристијанство во Македонија

Населби кои постоеле на тлото на Македонија во овој период се: Скупи, Стоби, Хераклеја, Баргала и др.



*Стоби*

***Стоби***

**Историски преглед**

Во ранохристијанскиот период Стоби како епископски град ќе прерасне во значаен и влијателен културен центар. Во текот на IV и V век ќе бидат изградени три христијански базилики во градот, од кои две имале крстилници, а во близината на градските бедеми се пронајдени уште две (гробна црква и црква). Со нивната изградба и со примање на христијанството градот ќе ја смени својата античка физиономија. Сега култни објекти ќе станат базиликите и крстилниците. Меѓутоа урбаната концепција ќе остане античка: улиците се вкрстуваат под прав агол, градот ќе биде обиколен со ѕидини, слично како римските каструми, а имал и природна заштита со реките Вардар и Црна Река.

**Конструктивни и стилски карактеристики**

Во градот се влегувало преку портата „Хераклеја“ зајакната со дипилон. Блиску до неа бил и главниот градски форум со полукружна форма околу кој имало многу дуќани. Во градот била изградена најголемата трикорабна базилика – епископската која му била посветена на св. Димитрие. Сите други позначајни објекти биле поставени по должината на главните улици наречени „горна и долна“ кои биле поплочени со камен. Градот имал свој водовод и канализација. Досега во Стоби се откриени сакрални архитектонски објекти (базилики и крстилници), но исто така и голем број профани објекти: палати, градска чешма, бањи, затвор, театри, коцкарница, дуќани, гробишта, градски бедеми, форум, улици и главен влез во градот.

**Религиозни објекти**

Базиликите биле изградени со белези на латинска и елинистичка школа. Во градот има откопано три базилики.

Сите базилики поседуваат атриум со чешма што претставува латински белег. Покрај апсидата се наоѓаат проскомидија и ѓаконикон, а пред влезот во наосот има ексонартекс и нартекс, што се елинистички белези. Базиликите се трикорабни. Биле раскошно украсени со фрески и мозаици. Овде се пронајдени и остатоци од крстилница со четирилисна форма (тетраконхос). Крстилницата била поврзана со црквите.



*Мозаиците во Теодосијанската палата*



*Мозаиците во Стоби*

**Профани објекти**

Палатите се раскошни објекти кои имаат античка концепција. Тие се целосно затворени од надвор, а отворени кон внатрешноста на објектот - откриениот атриум. Атриумот бил поплочен со мермерни плочи, а во еден негов дел се наоѓал нимфеум - базен со вода украсен со антички релјефни плочи и скулптури. Атриумот бил опкружен со перистил преку кој се влегувало во одаите. Најголема и најраскошна просторија била трпезаријата која на една страна завршува со апсида.

***Епископската црква*** била поврзана со плоштадот преку надворешно предворје. Имала монументален изглед и била богато украсена со архитектонски и мозаични декорации. Колоните што ја разделуваат црквата на три кораба биле канелирани од бел мермер, а во горниот дел украсени со јонски капители. Подот бил украсен со мозаици, а ѕидовите со фрески.

***Партениусова палата*** е една од најрепрезентативните згради на Стоби. Изградена е во петтиот век. Таа се издвојува од другите јавни згради во Стоби според својата декорација од бел мермер, мозаик, украсни релјефни плочи и разни скулптури од мермер и бронза. Во палатата имало базен обложен со бел и црвеникав мермер и богато украсен со разни статуи од бронза.

***Перистериевата палата*** се вика уште и „Палата со двојна врата“ затоа што имала две апсиди поставени една покрај друга. Распоредот на простории е сличен со оној на Партениусовата палата. А особено убава е трпезаријата која е декорирана со мозаик во разни шари и фигури од растителниот и животинскиот свет (риби, кучиња, лавови, птици и др.). Во широкиот двор имало убаво изработен базен, украсен со мозаик и разнобоен мермер. До палатата на улицата имало градска чешма, а во непосредна близина и градска бања.

***Палатата на Полихрамос*** се наоѓа во непосредна близина на градската бања. Перистилот на палатата од три страни го опкружувале ходници, чии подови биле украсени со орнаментика. Околу перистилот биле групирани приемните одделенија на палатата. Во дворот имало длабок базен украсен со ниши и скулптури. Во близина на базенот имало бунар.



*Охрид*

***Охрид***

Тој бил културно средиште во X век со зографска школа и цркви во византиски стил. Во X и XI век станал престолнина на цар Самоил. Во градот се наоѓаат остатоци од праисторискиот, античкиот, средновековниот и турскиот период.

***Самоилова тврдина***

Самоилова тврдина е средновековна тврдина во градот Охрид, изградена од кралот Филип II Македонски, а подоцна наречена според средновековниот цар Самуил. Изградена е на највисокиот дел во Охрид, 100 метри над нивото на Охридското Езеро. Низ историјата претрпела многубројни поправки, а денешната форма на тврдината потекнува од времето на цар Самоил. Постојат податоци за разурнувања и повторни поправки на тврдината и од страна на Османлиите и Византијците. Во археолошко истражување пронајдени се златна маска и златна ракавица, датирани од V век пр.н.е.

Највисокиот дел од Охрид е опфатен со централните ѕидови кои се високи од 10 до 16 метри како и со одбранбени кули. Еден крај од надворешниот бедем косо се спушта кон запад до брегот на месноста Лабино. Другиот крак тргнувајќи на исток ја преминува надворешната порта „Горна порта“, ја зафаќа пониската височинка од Охридскиот Рид во месноста Дебој и оттука кон југ косо се спушта кон езерото. Тврдината има видливи траги на чести поправки. Под делумно урнатиот надворешен слој во внатрешните ѕидови се забележуваат хоризонтални либажни слоеви од тули од византиско време. Во ѕидовите на горната порта се вѕидани многу камења со грчки натписи кои потекнуваат од античките згради со

какви што овој терен е преполнет. Охридската тврдина денес претставува заштитен знак на Охрид и на Македонија.

***Хераклеја***

Хераклеја Линкестис е градска населба од старомакедонско време до средниот век. Изградена е во средината на IV век пред н.е. од страна на кралот Филип II Македонски, како важен стратегиски пункт. Таа се наоѓа на јужната периферија на градот Битола, во подножјето на планината Баба. Името го носи според Херакле, митскиот јунак од македонската кралска династија Аргеади, додека епитетот Линкестис со значење „Линкестидска" доаѓа од називот на регионот Линкестида во кој се наоѓал градот, а во кој живеело древното македонско племе Линкестиди. Хераклеја опстојала и се развила во една значајна раскрсница на патот Виа Игнација кој ги поврзувал Драч и Босфор. Од Хераклеја патот дијагонално се протегал кон Стоби, а потоа кон Сердика, денешна Софија. Жителите на овој град имале висок степен на образованост, културна свест и развиена градежна активност, поврзана со владеењето на цар Трајан. Тоа го докажуваат и градењето на термата, подоцнежната изградба на аквадуктот и проширувањето на водната мрежа во IV век. Термата располагала со три сали за капење и таа, со минимални корекции, била во употреба и во V век.

Во Хераклеја е изграден театарот од архитектот Витрувиј во времето на царот Хадријан како импозантна градба. Граден е според римската архитектура, од мермер, камен и печена тула со впечатлива естетика. Со откривањето на бината, се потврди дека театарскиот објект имал двојна функција за сценски изведби и за претстави со животни кои биле чувани во кафези. За безбедноста на гледачите бил подигнат висок ѕид од ортостати околу оркестрата со метална ограда врз нив. Гледалиштето има дијазома со дваесет реда седишта, а над горниот ред се наоѓал Немезион. Почетната ложа со седишта била помеѓу третиот и седмиот ред. Сцената се состои од пет правоаголни простории и раскошно украсена северна фасада. Театарот бил со капацитет за околу три илјади посетители од сите сталежи. Во вековите што следуваат градот ќе биде разурнат и повторно изграден.

На тлото на Хераклеја се пронајдени остатоци од повеќе сакрални објекти кои



*Хераклеа*

восхитуваат со својата убавина, посебно со онаа на подните мозаици направени во опус sectile и во опус tessalatum, коишто претставуваат ремек-дела на ранохристијанската уметност од I и VI век. Тие се: малата базилика, цивилната базилика, големата базилика и цеметријалната базилика покрај која се откриени ранохристијански и средновековни славјански гробници. Како контраст на овие раскошни градби, врз урнатините на стариот театар, биле подигнати профани градби од камен и кал. Важна е нивната местоположба, што зборува за високиот степен на рационализација на средствата и на просторот, односно за големото градежно искуство стекнато низ вековите.

Во градот е изградена епископска резиденција, која има трапезоидна форма под влијание на античката традиција. Врската помеѓу епископската базилика и другите базилики во средниот дел на овој антички



*Атена од Хераклеја*



Мозаик

град била преку ходник на нејзиниот источен влез. Просториите на епископската резиденција биле распоредени околу централниот двор, во чие средиште се наоѓал бунар. Подовите во сите простории на епископијата се направени во мозаици од ситни каменчиња. Во него се среќаваат најразновидни геометриски шари, розети, меандри, плетенки, рибини коски, плетен крст. Во тој декор се повторуваат мотиви од растителниот и животинскиот свет.

На северниот крак од форумот се наоѓа портикот на судницата со правоаголна основа на чиј северен ѕид стојат две статуи од бел мермер на постаменти и еден постамент без статуа.

### Услови за развој на ранохристијанството во Македонија

**Византија и нејзиното културно влијание кај првите јужнословенски балкански држави**

Христијанството кај Словените почнало да се шири од средината на IX век. По населување на Словените на Балканот ќе се води борба меѓу Источното Римско Царство (Византија) и Западното Римско Царство (Рим) кој да ги покрсти Словените.

Во оваа битка ќе победи Византија која христијанството ќе го шири на народен јазик, за разлика од Рим кој христијанството го шири на латински јазик. Примајќи ја православната христијанска вера Словените ќе ја примат и византиската култура.

Првото уметничко движење во Македонија започнува со примањето на христијанството односно за време на епископите Климент и Наум кон крајот на IX и почетокот на X век, како и за време на Самоиловата држава кон крајот на X век.

### Архитектурата и уметноста во Македонија од IX-XI век - Самоилово Царство

Во првите векови кога Словените се доселиле во Македонија немало развиена уметничка и архитектонска дејност поради приспособување на новите услови за живеење во новата средина, но и поради силната домашна традиција.

По примањето на христијанската вера на Словените, архитектонското творештво на територијата на средновековна Македонија ќе го достигне својот врв со многу интензивна изградба на сакрална, профана и воена архитектура.

**Сакрална архитектура**

Во средновековна Македонија се граделе голем број цркви и манастири.

***Ктитори*** биле: владетели, монаси, испосници, црквата и народот.

***Помошните објекти*** кои се граделе покрај црквата: трпезарија, конаци, готвачници, стопански објекти и др. овозможувале покрај верската да се одвиваат и други дејности.

***Конструктивни карактеристики***: ѕидањето било декоративно – наизменично со камен и тула. Покривањето било со купола и полуцилиндрични сводови.

***Форми на основи*** со кои биле градени црквите се: еднокорабни цркви, базилики, триконхоси и крстовидни цркви.

Во овој период Охрид бил истакнат црковен и културен центар и во него и неговата околина биле изградени повеќе значајни објекти.

**Цркви со поликонхално решение**

Манастирска црква ***Св. Пантелејмон*** во Охрид

Ова е првиот словенски споменик во Македонија. Изградена е во 893 година врз темелите на мала по димензии ранохристијанска црква - три, која во основата покажува тролист. Климент го обновува урнатиот триконхос и доѕидува до неа друга, која во основата се разликува од првата и покажува неправилна правоаголна форма. Втората црква е градена од кршен камен и тули, без некоја прецизност и со многу де-

лови од срушени антички објекти. На јужната страна на црквата се наоѓа гробот на св. Климент кој тој го направил самостојно и во него е погребан во 916 год.

Црквата Свети Пантелејмон на Плаошник е позната и како Свети Климент. Таа е еден од најзначајните храмови изграден во византиски стил.

Раниот христијански сакрален објект потекнува од V век, откриен и подигнат над остатоци од антички градби, пронајдени во атриумот на новоизграденото светилиште.

Надворешноста на манастирот обилува со подни мозаици со мотиви кои се дел од ранохристијанската епископска базилика, од втората половина на VI век. На денешното место на оваа црква се наоѓа Имарет-џамија (Имарет базилика).

Црква ***Св. Арханѓел*** *(манастир Св. Наум) во Охрид*

Овој манастир се наоѓа на најјужната точка од Охридското Езеро, на самата граница со Албанија. Изграден е на висок и стрмен карпест рид. Првобитната Наумова црква, посветена на светите архангели Михаил и Гаврил, околу 900-та година, на ова место ја изградил словенскиот просветител свети Наум Охридски. Св. Наум Охридски бил ученик на Кирил и Методиј, а современик и соработник на Климент Охридски. Во 910 година овде е и погребан. Помеѓу X и XII век, Наумовата црква била наполно урната, а потоа околу XVI век на нејзините темели е подигната сегашната црква. Таа има форма на впишан крст во купола, поставена на четири столба. Гробницата на Наум е свртена кон југ и претставува посебна зграда со широка и ниска купола. Долниот дел од црквата е изработен од камен, а куполите од тула. Претходната црква била идентична со Св. Климентовата црква-триконхос со нартекс. Се претпоставува дека портата е стара околу 1100 години и била дел од првобитниот манастирски комплекс. Над портата се наоѓа мозаик „Впрегнување на мечката со плуг“.

*Црква **Св. Богородица Елеуса** во село Вељуса, Струмица*

Подигната е од струмичкиот епископ Мануил во 1080 година, а веднаш потоа и живописана. Црквата има единствено архитектонско решение во Македонија - четириконхос над кој се издига купола, однадвор осмострана. Сите конхи освен западната се петострани од надворешната страна и украсени со два реда ниши од тула. Подоцна на црквата ѝ се додадени и тремови и припрата која исто така има кубе. На јужната страна има доѕидано мала капела со кубе. Црквата е значајна по својата архитектура, фрескоживопис, фасади декорирани со керамопластика, мозаичен под и иконостас од мермер.

**Цркви со базиликално решение**

*Црква **Св. Ахил** во Преспа*

Подигната е во 970 година на истоимениот остров во Преспанското Езеро. Во неа се чувале моштите на св. Ахил. Има облик на трикорабна базилика со проскомидија и ѓаконикон во форма на впишан крст. Апсидата е полукружна.

Денес од неа се останати само урнатини. Се мисли дека тука се наоѓала семејната гробница на Самоиловото семејство.

*Црква **Св. Софија** во Охрид*

Подигната е од цар Самоил во XI век. Има облик на трикорабна базилика со трансепт над чиј централен дел се издига купола. Имала проширен нартекс на кат. Катедралната црква Света Софија е едно од најимпресивните средновековни здании во Охрид, центар на автокефалната Охридска архиепископија. Се смета дека е изградена врз основите на ранохристијанска базилика од страна на архиепископот Леон помеѓу 1035 и 1056 година. Фрескоживописот претставува вистинска галерија на средновековната уметност од првата половина на XI век до втората половина на XIV век.



*Црква Св. Софија во Охрид*

### Средновековна архитектура во Македонија XI–XII век, Комнински период

Во овој период по уништувањето на Самоиловото Царство, територијата на Македонија ќе ја заземе Византија која ќе изврши големо влијание врз архитектурата и уметноста.

*Црква **Свети Пантелејмон** во Нерези*

Св. Пантелејмон е манастирска црква во истоимениот манастир во с. Горно Нерези, на планината Водно во Скопје. Манастирскиот комплекс е ограден со високи ѕидови, а во него се наоѓаат црквата и манастирските конаци. На ѕидовите на овој споменик на културата е сочувано фрескосликарство,



кое со своите квалитети се вбројува меѓу врвните дострели на византиското сликарство од времето на династијата Комнини. Црквата била подигната од византискиот принц Алексеј Ангел, син на Константин Ангел и Теодора, ќерка на византискиот император Алексеј I Комнин. Црквата, според своите димензии, спаѓа во редот на помалите цркви од типот впишан крст во правоаголен простор во комбинација со слободен крст. За градење на црквата бил употребен обичен кршен камен, изваден во околината на манастирот и тули, кои со големо мајсторство се претворени во полихромни површини што го нагласува впечатокот како објектот да израснал од една монолитна к, која во горниот дел завршува со една поголема осмострана карпа и четири помали четиристрани куполи.

Композицијата „Оплакување Христово“ е дело на непознат зограф од Нерези. Значајно кај оваа фреска е нагласеното истакнување на внатрешните чувства на прикажаните личности. Св. Богородица е насликана како мајка која плаче над својот мртов син. Нејзиното лице покажува болен израз на длабока болка, а погледот е вперен во лицето на мртвиот син кого што го држи во драматична прегратка. Оваа композиција во Нерези се смета за предвесник на ренесансата, започната во Македонија, 150 години пред Џото да ја наслика својата Св. Богородица во Италија.

*Црква **Св. Ѓорѓи** село Курбиново*

Оваа црква се наоѓа на три километри над селото Курбиново во пазувите на планината Баба, во близина на Преспанското Езеро, на неколку километри од градот Преспа. Црквата е позната по извонредниот живопис кој доминира со внатрешноста, изработен во 1191 година во времето на владеењето на Комнините со Византија. Композициите на живописите го вклучуваат Курбиново во ремек-делата на византиската уметност. Цариградската концепција на момент се губи и надвладуваат таков линеаризам и форми што повеќе одговараат на спецификата на месните мајстори. Линеаризмот на комниновскиот стил во уметноста е плод на разбирањата на домашните зографи, минувајќи во фаза на барокна подвижност. Особено е позната фреската на која е претставен архангел Гаврил.

*Манастир **Св. Јован Бигорски***

Овој манастир е основан во 1020 година од монахот Јован од Дебар, кој тогаш е хиротонисан за охридски архиепископ.

Посветен е на Крстителот Господов, свети Јован Крстител. Според кажувањата, манастирот настанал откако на местото на сегашниот манастир е пронајдена иконата на свети Јован Крстител како лебди над изворите. Иконата се покажала чудотворна и до денес е едно од најголемите богатства на манастирот. Иконостасот е живописен, со бројни човечки и животински претстави прикажани во различни сцени од Стариот и Новиот завет. Иконостасот го изработиле прочуените мајстори Петре Филиповски Гарката и Макарие Фрчковски. Поголемиот дел од фрескописот, во големата полукалота на куполата, е дело на познатиот фрескописец Дичо Зограф, автор на голем дел икони и фрески ширум Македонија.

## Средновековна архитектура во Македонија XIII – XIV век, втор византиски период

Во овој период се изградени црквите:

*Црква **Св. Никола** во с. Манастир, Мариово.*

*Манастир **Св. Архангел** во с. Варош, Прилеп.*

*Манастир **Св. Јован Канео** во Охрид.*

Овој манастир бил изграден кон крајот на XIII век. Црковната архитектура е совршена комбинација од византиски и ерменски елементи. Поставена е на охридскиот брег, западно од стариот град над рибарската населба издигната на висок гребенест предел со совршен поглед кон езерото. Црквата е градена од обичен неделкан камен во долниот дел и со наизменични хоризонтални и вертикални делови на делкан бигор и тула во горниот дел.

*Црква **Света Богородица Перивлептос** (Свети Климент)*

Изградена е во 1295 година. Била дом на остатоците на свети Климент цели 530 години. Исклучителниот архитектонски стил на градба и фреските ја прават еден од најважните средновековни споменици на Македонија.

## Средновековна архитектура во Македонија XIII – XIV век

Во овој период се изградени црквите:

*Црква **Св. Никита** во с. Бањани во Скопје*

*Црква **Св. Ѓорѓи** во Старо Нагоричане*

*Црква **Св. Архангели** во с. Кучевиште во Скопје*

***Лесновски Манастир** во с. Злетово*

***Марков Манастир** во Скопје*

***Манастир Св. Андреа** во Матка*



*Марков Манастир, Скопје*



*Света Богородица Перивлептос*



*Манастир Св. Андреа во Матка*

## ВИЗУЕЛНА УМЕТНОСТ НА СРЕДНОВЕКОВНА МАКЕДОНИЈА

По населувањето на Словените на Балканскиот полуостров во VI и VII век, и примањето на христијанството во IX век, Македонската култура значително се развила. Најмногу се граделе верски објекти ѕидани со декоративни техники на градење со камен и тула. Во богатото уметничко наследство на Македонија со вековна традиција, сочувани се голем број на: фрески претставени како ѕидно сликарство, икони, резби, декоративна пластика, мозаици, илуминирани ракописи и др.

Уметничките техники, материјалите и начинот на изработка се темелеле на традиции кои не претрпеле речиси никакви промени.

Во средниот век уметниците биле третирани како занаетчии кои со своето дело и пример требало да им служат на заедницата и на верата. Тие работеле тимски, па нивниот личен печат можел да се препознае само од начинот на изработка на деталите, бидејки ретко ги потпишувале своите дела. Црковното сликарство кое било во служба на верата било условено од пишани правила кои не смееле да се прекршат.

**Фрески**

Поимот “фреска“ потекнувал од италијанскиот збор “affresco“ што значи свежо или влажно, а се однесува на свеж малтер врз кој се сликале фреските.

Техниката на цртање фрески била создадена уште во праисторијата, а повторно била оживеана со италијанската ренесанса во Фиренца. Со оваа техника релативно брзо можеле да се насликаат големи површини на ѕидовите за разлика од другите техники на монументално сликарство, како што се мозаиците.

Фреските биле трајни поради хемијата која се создавала помеѓу свежиот варов малтер, боите и воздухот. Како врзно средство фрескосликарите ја користеле варта од фреско малтерот врз кој нанесувале растворена боја додека бил се уште мокар, па тој, со сушењето во себе ги заробувал пигментите од бојата и така се создавала хемиска врска.

Малтерот на кој била насликана фреската, бил смеса од гасена вар и песок. Бил нанесуван во три слоја. Првиот слој на малтерот се подготвувал со три дела покрупни зрна песок и еден дел вар, а на ѕидот се поставувал со груби и нерамни премази за подобро да се поврзе вториот слој на него. Како врзно сретство се користеле и исечена слама, коноп или животински влакна. Наредниот слој се нанесувал пола час од сушењето на првиот во размер: два дела ситен песок и еден дел вар.

Првиот подготвителен цртеж се вршел преку вториот слој од малтер и бил само водич за планирање на понатамошната работа и време на сликарот. Цртежот најпрвин се цртал со креда, јаглен или кафеаво-црвена боја.

Последниот слој од фреско малтерот се подготвувал во размер: еден дел вар и еден дел многу ситен песок. Тој не се нанесувал на целата површина, туку само на онолку делови колку што можел сликарот да наслика во период од неколку часа за да може малтерот да остане влажен. Последниот слој на фреската бил најтенок, содржел најситен песок и бил добро полиран. Фрескосликарите ги сликале фреските со органски бои кои ги растворале со вода или варово млеко, па потоа со четки ги нанесувале преку влажниот малтер. Малтерот ги впивал во себе, а варот ги сврзувал кога малтерот се сушел.

Поради брзото сушење на малтерот фреските ги работеле брзо и добро ги планирале. Ги сликале одозгоре па надолу, поради слевањето на боите, а поголемите делови како небото, ги работеле во еден ден, бидејќи тешко се добивала потполно иста нијанса на боите. Сите пигменти не реагирале исто, па некои со текот на времето ја менувале бојата.

Кога малтерот ќе почнел да се суши и да ја губи својата моќ на апсорбирање, на него сликарите правеле само додатни интервенции со техниката на сликање врз сув малтер. Тие во оваа техника како врзно средство за боите користеле протеин добиен од млеко. Со оваа техника најчесто ги сликале деталите на лицата во фреските.

За сликање најчесто употребувани биле земјените бои кои сликарите ги наоѓале во природата или ги купувале од трговците. Минералните бои создадени од креда или глина со метални оксиди, ги растворале во вода, а по сликањето тие се впивале во све-




*Канонизиран распоред на слики во христијански храмови*



жиот малтер и создавале слој кој не се бришел. Боите кои најчесто ги користеле биле: црвена, жолта, окер, сина, зелена и кафеава. Во сликањето многупати користеле и јајца.

Врз квалитетот на фреската влијаеле многу фактори како на пример: процесот на сликање, материјалот од кој ѕидот бил изграден, влагата во ѕидовите, квалитетот на малтерот и начинот на кој се нанесувал, но и временските прилики. Техниката на цртање не дозволувала грешките да може да се поправаат. Фрескописецот морал да биде талентиран, искусен, брз и комплетно подготвен бидејќи високите ѕидови и тавани барале сликање во прилично незгодни положби. Затоа овој занает бил многу ценет. Поради брзиот ритам на работа фреско сликарите работеле во групи па нанесувањето на основните бои го правеле помошниците, а деталите и ликовите ги работеле мајсторите. Многупати истите мајстори работеле и фрескоживопис и иконопис.

Распоредот на сликите во христијанските храмови во средниот век бил канонизиран. Правилата на цртање произлегле од обредите што се одвивале во нив.

Во првата и најниска зона се претставувале стоечки фигури на светци, маченици, ктитори, владетели и други видни световни луѓе. Во зоната над нив, во горните делови на ѕидовите и сводовите биле насликани големите празници, Христовите страдања и чуда, раѓањето и упокојувањето на Богородица и други настани значајни за Христијанството. Во главната купола на храмот го цртале ликот на Исус Христос, а под него ги цртале пророците. На пандантифите под куполата ги цртале четирите евангелисти. Олтарната апсида ја цртале поделена на три зони. На врвот ја цртале Богородица со Христос или без него. Под неа во втората зона било насликано причестувањето на апостолите, а во третата зона литургиска служба на архиереите.

#### Фрески во Македонија изработени во средниот век

Во Македонија има добро сочувани средновековни фрескоживописи насликани во периодот од XI до XIV век. Својата ренесанса македонското црковно сликарство ја имала во периодот од IX до XI век. Од тој период сочувани се уметнички ремек дела како што се: фрескосликарство, иконописи и декоративна пластика.

Една од најпознатите сочувани фрески е фреската на Светите Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици, насликана кон крајот на IX век или почетокот на X век. Фреската била откриена во гробница под црквата во Струмица и претставува најстара средновековна византиска фреска откриена во Македонија.

Фреските во Света Софија, катедралниот храм на Охридската архиепископија, во



*Светите Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици IX век*



*Манастир Св. Пантелејмон, Симнување од крстот фреска од XII век*

Охрид, претставуваат најдобро сочуван живопис изграден во Византија во XI век. Тие се најзначајни уметнички дела од средновековното сликарство во Македонија.

Насликани се во периодот од XI век до времето на цар Самуил. Според стилот, ликовниот израз и композицијата се претпоставува дека тие се дело на повеќе сликари од Солун и Македонија кои работеле заедно. Светците се нацртани со натприродна големина и со издолжени, антички вкочанети лица со монашки изглед. Фреските во оваа црква имаат многу словенски белези. Во неа се насликани истакнати црковни личности меѓу кои и св. Кирил Филозоф и неговиот ученик св. Климент Охридски.

Во овој период, на сличен начин, од зографска тајфа, биле насликани фреските во манастирите во Водоча и Велјуса , кои се наоѓаат во близина на Струмица. Светците на фреските во Водоча се монументални, елегантни и со антички тела. За разлика од нив светците од фреските во Велјуса се со монашки дух, со скромни и строги лица карактеристични за комненскиот период.





*Богородица со Христос Св. Софија Охрид*

Фрескоживописот насликан во XII век во манастирската црква Св. Пантелејмон, во Нерези, Скопје, е единствен по својот стил и естетика, создаден од непознати мајстори кои се по потекло од Цариград или пак се школувале таму. Фигурите на светците се високи и витки. Лицата им се покриени со линии кои ги потенцираат носот, образите и челото. Дури и нивните облеки имаат набори. Фреските биле нацртани со нагласување на орнаментот и дводимензионалноста. Светците биле претставени во вистинска големина. Лицата им биле нацртани со карактер од кој се препознавале нивните внатрешни чуства. Овие чуства најубаво се нацртани во сцената на оплакувањето на Исус Христос каде Богородица е претставена како мајка која тагува по својот син, држејки го во силна прегратка. И другите



*Оплакување Христово Св. Пантелејмон Нерези*



*Св. Архангел Михаил Курбиново*

фрески во оваа црква биле нацртани со нагласена драматичност. Најубави фрески се Оплакување Христово и Симнување од крстот.

Фреските во црквата Св. Ѓорѓи, во Курбиново, Преспа, се едни од најубавите, најоригиналните и во целост најдобро сочувани фрески. Тројцата непознати мајстори кои работеле во Курбиново биле под влијание на Цариградското сликарство. Иако во стилот на цртање има голема оригиналност, нивното сликарство се поврзува со сликарството на мајсторите од Нерези. Нерешките мајстори ги цртаат светците истакнувајќи ги внатрешната духовност и драматичност. За разлика од нив мајсторите во Курбиново светците ги прикажуваат во барокно извиени пози со драматични лица и движења, облечени во динамично разиграни облеки. Фреските се насликани само во три зони поради големите димензии на светците. Најубави фрески се: Ангелот, и Слегување во пеколот.

И во црквите Св.Никола во Варош и во Манастир се препознаваат барокни елементи во сликарството изработени од зографот Јован. Композициите иако се исполнети со голем број фигури сите делуваат како да се поставени самостојно. Овде уметникот се стремел да го долови просторот и перспективата. Во фреско живописот на црквата Св.Јован Канео зографот Јован за прв пат ќе прикаже архитектонски декор кој по-доцна често ке го применуваат зографите Михаил и Ефтихиј, кои по покана од голем Византиски свештеник, започнуваат да го сликаат Охридскиот храм посветен на Пресвета Богородица Перивлептос. Со нив ке започне нов, величествен период во македонскиот фреско-живопис, во палеолошки стил. Истите мајстори подоцна ги живописале во целост и црквите Св. Георгиј во Старо Нагоричане кај Куманово и Св. Никита во с. Бањани кај Скопје. Тие сликале светци со млади лица и атлетски тела полни со живот, насликани композициски хармонично и со усогласени бои. Нивното сликарство е ремек-дело во Македонската уметност.

Во овој период во XIII век, фрескописан од непознат зограф е и фрескописот од манастирската црква посветена на Св. Никола, Варош, во Прилеп која стилски се разликува од претходните. Во оваа црква се препознава желбата на уметникот да долови простор и перспектива.

**Сликарство на икони**

Во ранохристијанскиот период, многу ретко се изработувале иконостаси. Тие станале дел од Византиската уметност дури во X век. Иконите се изработувале во различни техники како што се енкаустика-сликање со восок, емајл, мозаик или сликање на дрво со бои. Техниката на цртање икони со темперни бои била слична како денешната. Боите употребувани во тоа време биле земјани со квалитетен пигмент од чисти метални сулфати, помешани со белковини од јајце кои ја растварале и фиксирале бојата за подлогата. Иконите ги сликале на квалитетни дрвени плочи кои биле грундирани од предната страна со кит изработен од белила и туткали. Откако ке ги нацртале иконите мајсторите ги обложувале со полиран восок со цел да ги заштитат од оштетување. Некои од иконите богато ги декорирале со сребрени и позлатени рамки и опшиви кои ја покривале целата позадина на иконата и делови од телото на светителите.

Најпознати Македонски уметници кои цртале икони се: Михаило Астрапа и Евтихиј, ѓаконот Јован, браќата митрополит Јован и јеромонах Макариј и др.

Зачувани околу 20000 икони меѓу кои се најубави се иконите: Четириесет маченици, Причестување на апостолите, иконата од XI век посветена на Св. Василиј Велики и св. Никола Мирски која и била подарена на црквата св. Софија од византијскиот император и др.





*Благовештение и Св.Богородица Одигитрија Охрид*



*Најстара икона*



*Распетие Христово Св.Богородица Перивлептос (Св. Климент) Охрид XIII век*

Најубави Византиски икони се: Св.Богородица Одигитрија и Благовест која е и најзначајна икона на Балканот од XIII век. На неа е прикажана перспектива така што ликовите не лебдат туку стојат и седат во просторот исполнет со мебел. Ставот на ангелот е во контрапост и е предвесник на ренесансата.

Од Српскиот период позначајни икони се иконите на Исус Пантократор и Св.Богородица изработени во техника на исчукување.

Освен овие икони имало и ткаени икони со свила, кадифе и златни конци, теракотни икони, фреско икони, икони со две лица и др.

Св. Василиј Велики и св. Никола Мирски 1045/50 година, од црквата Св. Богородица Перивлепта (Св. Климент) во Охрид.

**Резба**

Во раниот среден век во Македонија, под силно влијание на византиската уметност, се развивило резбарството паралелно со декоративната камена пластика. Орнамен-тиката на резбите била комбинација од ге-





*Христос Спасител и Животодавец на зографот Митрополит Јован и Богородица Пелагонитиса на јеромонах Макариј од XIV и XV век манастир Зрзе*

ометриски, зооморфни и вегетабилни елементи, и била слична со орнаментиката од византиските мермерни релјефи. Од XV век. до XVIII век. век во Македонија се граделе мали храмови, без куполи и надворешна декорација, а целата уметничка убавина била во внатрешноста на храмот. Во XV и XVI век во Централна Македонија постоела т.н. Прилепско-Слепченска резбарска школа.

Нејзина карактеристика бил плиткиот релјеф и раскошниот орнамент со преплет сличен на оној од средновековните ракописи. Покрај геометриски и флорални стилизирани мотиви, резбани биле и зооморфни мотиви со реални и фантастични животни и профани мотиви од фолклорен карактер.

Уметноста во балканските земји била под силно влијание на италијанската и критската уметност во која се испреплетени елементи од ренесансната, а подоцна и на барокната уметност. Во Света Гора на Атос, работела резбарска школа со многубројни





*Резби од Прилепско-Слепченската школа*



*Најстар иконостас од дрво во Македонија црква Мали Свети Врачи во Охрид*

мајстори и резбарски работилници, која во XVII век станала најзначаен уметнички центар на Балканскиот полуостров. Во тоа време таму биле изработени првите иконостаси од развиен тип. Иконостасите речиси целосно биле покриени со резба и биле најмонументалниот и најдекоративниот дел од храмот. Во Македонија се прифаќа барокниот стил на Атос и техниката на гипсирање, позлатување и боење на резбите.

Најстари зачувани резби кај нас потекнуваат од XIV век. Најстариот иконостас од дрво во Македонија се наоѓа во црквата Мали Свети Врачи во Охрид, од кој се зачувани првобитните пет столбови со асиментрична декорација со орнаменталните мотиви. Изработени се во Прилепско-Слепчанската школа, чии главни карактеристики биле: плиток рељеф со преплети од орнаменти со флорално стилизирани мотиви изработени со исламско влијание. Со својата убавина се истакнуваат вратата од црквата Св.Никола Болнички во Охрид, манастирот Слепче и манастирот Трескавец. Тие имаат рељефи со религиозни и митолошки мотиви, реални и митски суштества.

**Декоративна пластика**

Во средниот век декоративната пластика во црквите била секундарен украс на мермерниот или дрвениот иконостас изработена како плитка или длабока резба. И иконите биле украсувани со сребрени, златни и позлатените и украси.



*Мермерен иконостас*



*Илуминирани ракописи*

Мермерни иконостаси има сочувано во црквата св. Софија во Охрид, св. Богородица Елеуса во Струмица, св. Пантелејмон во Нерези и во црквата на Лешочкиот манастир во Тетово.

**Мозаик**

Во средниот век мозаикот во црквите речиси и да не бил употребуван за обложување на ѕидовите. Се користел само како поден мозаик изработен од геометриски обработени камени плочки како орнаменти.

**Илуминирани ракописи**

Во средниот век христијанските свети книги биле рачно препишувани. Ракописите биле украсувани со зооморфни и растителни орнаменти, но и со посложени цртежи со христијанска тематика и симболика. Цртежите ги цртале со квалитетни тушеви врз пергамент од специјално омекната и обелена животинска кожа.

# 3.6. АРХИТЕКТОНСКИ ОБЛИЦИ, ВИДОВИ СПОМЕНИЦИ И УМЕТНОСТ НА РОМАНИКА И ГОТИКА

## Фактори што влијаеле врз развојот на архитектурата

Изразот „романика“ е употребен за да се опише стилот во архитектурата кој настанал во Западна Европа кон крајот на IX век и трае до појавата на готиката во XII век. Романската архитектура се развива во Франција, Англија, Италија, Германија и Шпанија.

Романиката се разликува од ранохристијанската и византиската во конструктивниот систем. Додека во ранохристијанската архитектура има систем на столбови со архиволти и рамни дрвени тавани, а во византиската архитектура централен систем со купола, во романската архитектура пак, се истакнува нов конструктивен систем, каде што просторот со столбови и архиволти е засводен со крстести и полуцилиндрични сводови, како влијание од римските терми и базилики. Другата конструктивна карактеристика е структурата на ѕидовите. Тие се хомогени и изработени од тула или клепан камен со правилни врски.

И во романиката главни носители на стилот се верските објекти со типична основа на латинска трибродна базилика иако изобилува и со граѓански објекти. Треба да се нагласи дека објектите биле претежно градени од самите калуѓерски мајстори.

## Градежен материјал и конструкција во романиката и готиката

**Столбови** – кружните столбови се заменуваат со полистилни како резултат на профилацијата на лаците кои поаѓаат од капителот без импост и чија профилација продолжува на столбовите. *Столбовите кај бифори и трифори*, за портали и на тремовите, се многу тенки и витки, а кај поголемите лаци често се удвојуваат. *Капителите* на столбовите се приспособени на профилот на сводните ребра, со мал испад, а според кубичниот облик потсетува на византиски капител. По својата пластика, нивните капители потсетуваат на композитни.

**Сводовите** се полуцилиндрични или крстести, добиени како пресек на два полуцилиндри, кои се потпираат на четири столпци, додека кај постарите цркви се среќава рамен дрвен таван.



*Романски столбови*

*Контрафорите* се всушност столбци под венец за зајакнување. Тие се нов елемент во романската архитектура. Крстести сводови го пренесуваат притисокот само на четири агли од основата. Затоа за да може ѕидовите да го примаат притисокот, на местата каде што се среќаваат ребрата од соседните сводови, од надворешната страна на ѕидовите се врши зајакнување со контрафори.

*Тромпи* – Доколку во пресекот на трансептот со главниот брод се јави кube, преодот од квадратна во кружна основа се изведува со тромпи, т.е. мали аголни ниши.

*Портали* – Уште една карактеристика на романската архитектура е влезот. Тој е широк и богато профилиран со изобилство на орнаментална и фигурална пластика, што ѝ



*Романски свод во Дурхам, Англија*



*Украсни аркади под венец*



*Црква Св. Кршеван во Задар*

дава монументален изглед на челната фасада. Во основата, овие портали се во вид на нагласена конична вдлабнатина. Кај нас е познат порталот на Катедралата во Трогир во Далмација, а тој е направен од мајстор Радован.

Аркадни галерии – тие се исто така карактеристичен мотив во романската архитектура.

Се наоѓаат под главниот венец насекаде околу црквата и на апсидата, во вид на мали аркади. Архиволтите им се на столпчиња со капители. На некои цркви во Италија такви аркадни галерии се поставени во два или три реда, односно катови. Најпознати се: челната фасада на Катедралата во Пиза и на катедралата Св. Кршеван во Задар.

Прозорците се високи и тесни, со закосени ѕидови однатре, а ги има и како бифори и трифори.

*Розети* се големи кружни отвори, со богата орнаментика на челната фасада. Декоративната обработка, во суштина, е геометриска или со стилизирани вегетабилни (растителни) мотиви. Венците се обично од тула, на мал испад и плитка пластика. Меѓу два профила се вметнати цикцак тули, во вид на запци, што му дава на венецот растреперена жива сенка.



*Радованов портал на катедралата во Трогир*



*Аркадни галерии*

## РОМАНСКА АРХИТЕКТУРА

Архитектонската целина на романската архитектура, како во внатрешното, така и во надворешното обликување, има јасна конструктивна концепција. Секој архитектон-



*Прозорски бифори*



*Основа на романска катедрала*



*Розети*

ски елемент има своја одредена функција, дури и оние елементи што изгледаат повеќе декоративно, како што се: аркадните галерии, бифори, трифори, портали и розети.

Овде преовладуваат полните ѕидни маси, што делува масивно, но затоа општиот впечаток изгледа зрела и совладана архитектура со мирна величественост.

Феудалното општество овозможило изградба на верски и цивилни објекти, како што се: феудалните замоци, градските ѕидини и порти, општинските собранија и други општествени и станбени објекти, па сепак оваа архитектура во целост може да се согледа на катедралите.

*Катедралите* најчесто се трибродни со трансепт и олтарска апсида. Над пресекот на трансептот со главниот брод се издига купола. Фасадата е мошне сликовита, со црвеникави тонови, проткаени со бели камени делови. Со аркадните фризови, прозорците, порталите и розетите, изгледа лесно, па сепак се чувствува една стабилност и цврста поврзаност со основата.

Во зависност од поднебјето, каде што се развивала, романската архитектура добивала различни видови и правци.

Една од најзначајните е Катедралата во Пиза во Италија, градена во периодот 1063 - 1118 година, која ги содржи сите карактеристики на романската архитектура. Во Франција се познати катедралите во Клини и во Ангулем, а во Германија: Домот во Вормс, Шпаер, Мајнц, Бамберг и други.

Камбанариите биле подигани покрај црквите, но понекогаш и во нивен состав. Основата им била кружна или полигонална, а со венци камбанариите биле поделени на катови. Овде значи преовладувала полна-



*Катедралата и камбанаријата во Пиза*



*Катедрала во Вормс, Германија*



*Црква Св. Стошија во Задар*

та ѕидна маса. Исклучок е Кривата кула во Пиза која е на кружна основа и целата е во аркади. Накривеноста на оваа камбанарија предизвикана од спуштањето на почвата ја прави многу интересна.

*Крстилниците*, како во ранохристијанската архитектура, и тука се посебни објекти во близина на катедралите, најчесто со октогонална основа, засводени со купола и покриени со шаторест покрив со мала лантерна, каква што е Крстилницата во Кремона, со типичен аркаден фриз во венецот. Крстилницата во Пиза е значајна поради покривот, кај кој конусниот внатрешен свод продира низ надворешниот свод, што е во вид на полутопка. Тоа претставува прво навестување на ренесансните двојни куполи.

Романската архитектура нашла погодна почва и на Балканот, особено во Далмација, почнувајќи од Трогир, Сплит, Корчула, Задар и Раб, до Истра на север и до Дубровник и Котор на југ. Од овој период поголемо значење имаат следниве објекти:

Столната црква во Трогир од почетокот на XII век е трибродна базилика со три апсиди. На овој објект особено се истакнува монументалниот портал, дело на скулпторот Радован, богато украсен со орнаменти, со столбови од страна, кои се потпираат на плеќите од лавови;

Столната црква Св. Стошија во Задар, од првата половина на XIII век, се одликува со жив ритам на наизменично поставени столбови и столпци на главниот брод и убава челна фасада.



*Основа на крстилница во Фиренца*



*Крстилница (баптистериум) во Венаскве, Франција*



*Влезни кули на тврдина*



*Внатрешност на манастир во Дубровник*



*Манастирски комплекс во Сирија*

## ВИЗУЕЛНА УМЕТНОСТ ВО РОМАНИКАТА

Романската уметност е црковна, таа се реализира различно во земјите на Западна Европа. Архитектонските елементи се декорирани, како што се тремовите со отворени аркади со пластични украси, декорирано редење на тулата, контрасти со светол и темен камен и вметнување мермерни парчиња во камените фасади. Едноставните и масивни фасади се оживуваат и им се намалува строгоста со поставување на скулптури околу влезот, со тремови и аркади, со што се создава игра на светло и темно и се внесува одреден ритам. Како фигури се користат лавови кои на грбот ги носат столбовите, релјефи со библиски и легендарни сцени, љубовни и борбени сцени, измислени чудовишта. Сите овие мотиви во релјеф ги красат пиластрите, лаковите, тимпаноните, капителите и порталите кај кои скулптурата е најизразена.

Скулптурата не завршува во монументалните примери, туку се јавува во други облици кај занаетчии како златарите кои изработуваат предмети за олтарот, садови за чување на свети мошти, реликвии и дру-



*Фреска на Адам и Ева*



*Ентериер на романски храм*



Украсна кутија



Декорирана кутија за накит



Крст

ги култни предмети како бискупски палки од слонова коска, златни путири (садови за причест), свеќници, скапоцени корици за книги украсени со благородни камења и емајл, со препишувани ракописи на кои се сликале минијатури во комбинација со текстот.

Во периодот на романиката, во најголем подем е техниката на лиење на уметнички предмети во бронза.

Пример: Плочи што се поставуваат на дрвени портали.

## Вајарство

Уметноста се применува при изработувањето на кутии, ковчези и сл. Садовите се од злато, слонова коска и благородни камења и со овие предмети се тргувало.

Сликарството се јавува како ѕидно – фреско сликарство, со мотив на Христос. На прозорците се користи витражно сликарство. Се слика во гваш и златна боја на пергамент или магарешка кожа. Поретко се користи мозаик. Се цртаат икони, како и ѕидни теписерии. Мотивите во сликарството се епизоди од Стариот и Новиот завет, животот на светците, човечките секојдневни активности. Боите што се користат се живи и силни, се користи златна боја. Романското сликарство, како и целокупната уметност од овој период, повеќе се насочува на создавање приказна отколку на украсување. Сликарите не ги користат искуствата од класичната уметност, така што задницата на ликовите не е повеќе реална. Се користат стилизирани композиции, поритмички одредени шеми (бројни фигури распоредени во низа или симетрично поделени). Мозаикот се користи поретко во реони блиски на византиското влијание, како што е Венеција. Се цртаат икони и ѕидни тасисерии.

## ЗАПОМНИ

Романиката се јавува кон крајот на IX век на територија на Франција, Англија, Италија, Германија и Шпанија. Оваа средновековна архитектура ја карактеризираат нагласена хоризонтала и полукружен лак. Сводовите се крстести и полуцилиндрични. Ѕидовите се хомогени од клепан камен со правоаголни врски и малтер. Ѕидовите се потпираат со пиластри. Прозорските отвори се поделени со тенки столпци на бифори (два отвори) и трифори (три отвори). Фасадите се украсени со венец од аркади под стреите и аркадни галерии, најчесто околу апсидата на катедралата. Станбените објекти се градат во бондручен систем. Романскиот стил со сите свои карактеристики е применет во катедралите. Најтипичен пример на романска катедрала е Катедралата во Пиза, Италија.

Романската е црковна уметност применета на архитектонски елементи и во обработка на применети предмети користејќи различни скапоцени материјали.

# ГОТСКА АРХИТЕКТУРА

## Услови за развој на архитектурата

Околу средината на XIII век, кога се градат првите готски катедрали, општествените односи во Европа многу се менуваат. Средниот век, со својата нескротливост, жестокост, но и смелост, се приближува кон својот крај. Се пробиваат нови сили и доаѓа до големи промени во социјалниот поредок. Европа е растргната меѓу двете најголеми средновековни институции, црквата и царот, кои се исцрпуваат во меѓусебната борба за превласт. Притоа се присутни и интересите на благородништвото, кое сè уште е обележје на средновековното општество. Сепак, ништо повеќе не може да го запре раѓањето на новата граѓанска класа, во чии раце, по пат на трговија и занаетчиство, се трупа сè поголемо богатство. Градовите стануваат и политички центри на моќта, со кои кралот мора да се здружи. Но, затоа пак, крупните трговци владеат со градот, со производството, занаетчиството и работниците.

Религијата и теологијата остануваат духовни темели на времето, но веќе почнуваат да се менуваат сфаќањата, при што доаѓа до остри несогласувања со новите сили што се будат. Преводите на грчките и арапските дела, филозофското дело на Тома Аквински (1225-1274), Дантеовата „Божествена комедија“ и незапирливиот напредок на науката доведуваат до сомневање во непогрешливоста на црквата. Културата, дотогаш привилегија на црквата и дворот, добива широк животен простор, при што се отвораат и универзитетите во Париз, Оксфорд и Падова.

Во уметноста, за оваа епоха од XII до XIII век е карактеристичен готскиот стил. Самото име нема некоја посебна врска со Готите, варварски народ од Скандинавија, кој се населил на левиот брег од Дунав. Готите биле пагански народ и не граделе цркви.

Ова име веројатно го прифатиле италијанските хуманисти од времето на ренесансата како синоним на варваризам и како ознака за сè што има потекло од онаа страна на Алпите, спротивно од римската класика. Оваа архитектура се родила и се развила до совршенство во Франција во XII и XIII век, со волшебно гнездо во плодната и напредна земја Ил - Де - Франс, лоцирана северно од Париз.



*Витраж на Катедралата во Шартр*

Од Франција готиката се пренела во сите европски земји, со таа разлика што во некои од нив се развивала на свој посебен начин. Најмногу се задржала во Англија, речиси до XIV век, а најмалку фатила корени во Италија, каде што не е ниту третирана со нејзината целосна концепција, туку само е применувана на римско-романската концепција. Исклучок од ова е Катедралата во Милано.

Всушност, основниот систем на готската архитектура ја има како основа романската архитектура, забележливо кај столпците во сноп, крстестите сводови со ребра и контрафорите, но во готиката тој систем е разработен до совршенство. Сето друго што е надвор од тој основен систем е сосема ново.

## Конструктивни и стилски карактеристики

Структурата на ѕидовите и другите конструктивни елементи е хетерогена, претежно се употребува на висококвалитетен камен, при што техниката на обработка е на голема висина.



Готски лак на прозорец - трифора

Карактеристиките на целата готска архитектура се дадени главно со катедралите, па овој стил често се нарекува и катедрален. Со еден поглед може да се согледаат сите карактеристики на овој стил:

- ѕидните маси се ритмички расчленети со потпорни лаци и потпорни столбови,
- над ѕидните маси преовладуваат отворите, така што објектите изгледаат лесно и воздушесто,
- ги нема полукружниот лак, хоризонталноста и масивноста, што е карактеристика на романската архитектура. Во готиката лакот е зашилен со општ впечаток дека целиот објект се стреми кон височините, кон небото,
- целиот објект претставува скелет составен од столбови, потпорни елементи, ребра и остри лаци,
- и во ентериерот доминира некој растреперен општ нагон со полет кон небото, како сѐ да лебди. И овде преовладуваат отворите, а ѕидните маси се сведени наминимум.



Готски свод засилен со огиви

Сето тоа заедно оддава една студиозна и рутинска доследност што воодушевува. Нивните градители суверено владееле со статиката на конструкциите и со префинетата естетика на формите.

**Конструктивни елементи**

***Лаци*** - За разлика од полукружниот романски лак, готиката воведува нов, остар и зашилен и често богато профилиран лак по рабовите.

***Сводови*** - И во готската, како и во романската архитектура, сводовите се крстести, врз квадратна или правоаголна основа, со силно изразени и богато профилирани ребра т.н. огиви.

Често пати се изведуваат и доста сложени форми, при што се добиваат и еден вид ѕвездести сводови, па дури и такви во форма на инка, како оние на Катедралата во Велс.

Столпци и столбови – Овој носив елемент, кој се појави во романската архитектура, како последица на профилирањето на ребрата, со поголем број ребра и побогати профили, ќе добие речиси ѕвездест облик во готиката. Сите профили на сводните ребра продолжуваат сѐ до базисот, со истата пластика, прекинати единствено со капителот, кој исто така ја следи оваа профилација како и базисите, кои се доста високи.

Кружниот столб се среќава во италијанската готика. Инаку столбот нема носив, туку декоративен карактер и се среќава при

делењето на отворите на бифори и трифори или кај порталите.

Столбот е тенок и игличест, па изгледа како да е лишен од секаква носивост. Капителот се разликува од сите претходни стилови. Тој е орнаментиран со природни цветови и мотиви на лисје, без стилизација. Овие мотиви го обвиткуваат ѕвонесто јадрото на капителот, надополнувајќи ја општата нота на накитеност на оваа архитектура.

***Контрафори***

Контрафори – Во романската архитектура претставуваат потпорни столбови од надворешната страна на ѕидовите на места каде што треба ѕидот да се спротивстави на притисокот од крстест свод. Во готиката овој елемент е развиен до највисок израз на својата функционалност.

Контрафорите се сега важни конструктивни елементи, кои скалесто се качуваат до највисокиот централен брод. Кај трибродните и петобродните базилики притисокот на сводовите од средниот брод се пренесува со потпорни лаци на контрафорите. Многубројни и разгранети, тие на готските цркви им даваат дотогаш невиден изглед.

***Прозорски отвори***

Прозорците се јавуваат со мала ширина, како едноделни или пошироки во вид на бифори, трифори или полифори, поделени со тенки столпчиња, најчесто без капител, кои се претопуваат во шилести лаци. И овде се среќаваат доста декоративни мотиви. Столпчињата, освен кружно, може да се и спирално канелирани.



*Светци на фасадата на Катедралата во Ремс*



*Контрафори - пресек*

***Розети*** – Овие кружни прозорци познати од романиката во готиката наоѓаат голема примена со многу сложена декоративна обработка. Освен на челната фасада, се среќаваат и на трансептите, често со големи површини и смели композиции. Според изработката, тие претставуваат ремек-дело на каменорезбарската вештина и делуваат импресивно. И розетите и прозорите се застаклени со разнобојни стакла составени во композиции во витраж-техника.

***Портали*** – И во готската архитектура, влезната врата претставува силен стилски мотив, во вид на многу пластична конусна вдлабнатина, со многу богата профилација и орнаментика. На челната фасада, најчесто има три портали, кои го претставуваат највпечатливиот детаљ од катедралата.

Веќе заклучивме дека целиот објект е богато украсуван со профилации и орнаментика, кои се дополнети и со украсни мотиви, како што се:

- *пинаколи* – тенки пирамиди, со кои завршуваат врвовите на пирамидите и кои имале и статичка функција
- *Куспиди* – триаголни надѕидоци во вид на тимпанони, кои се ѕидале над прозорците и вратите, украсувани со вегетабилни орнаменти со тенки гранчиња што висат и претставуваат уште еден карактеристичен мотив на готските објекти.

Кон ова треба да се споменат и плитките ниши на фасадите:





Лули за одвод на вода



Замок Каркасоне, Франција

- балдахини, во кои се сместуваат фигури на светци,
- едиколи - слични на нив, но сместени на контрафорите
- лули - за одведување на дождовната вода, изведени во форма на животно, како мотив од грчките храмови.

### Градови, видови објекти

Програмата на објектите што се граделе е доста широка, така што покрај катедралите и манастирските комплекси се подигале и многу профани објекти, како што се: утврдените дворци, градските ѕидини со бедеми и порти, домовите на трговски и занаетчиски здруженија, станбени објекти, како и многу општествени објекти (судници, болници, резиденции, универзитети, берзи итн.).

### Градови, населби

Со столетија животот во градот зависел од градските тврдини и стегнатиот појас на ѕидовите и кулите што го условувале обликот на градот. Селските населби исто така биле утврдувани и во нив се штителе жителите и житото кое било спас од глад. Овде живеалиштето е колиба од глина, трска, ќерпич и кршен камен. Поубавите куќи се од дрвен бондрук исполнет со тула. Куќите покрај станбени простории содржат работилници и штали за добиток.

Добра локација за утврдените населби се брдата околу кои има водени токови.

Во средновековен град доминира катедралата и феудалната палата. Улиците се тесни, а мрежата од овие градски сообраќајници е со неправилен облик. Единствен поширок градски простор е плошта-



Каерфили замок во Англија
(влезна порта и стражарски кули)

дот, кон кој се стремат кривулестите улички на утврдениот готски град.

**Видови објекти - катедрали**

Романската катедрала во основата има јасно изразени самостојни делови: главен брод, странични делови, трансепт и кор.

Во готската катедрална архитектура сите овие делови се стопуваат во една целина на основата, каде што сепак се назира основниот облик на латински крст. Средниот брод се проширува, трансептот е поширок и покус, често со три брода. Средниот брод продолжува во висок  кор, заедно со страничните бродови, кои го заокружуваат олтарскиот простор. Вака добиениот ходник се вика деамбулаториум. Реликвиите се чуваат во олтарот, бидејќи во готиката не постои повеќе подземна крипта. Певниците со оргули се наоѓаат над влезот, спроти корот. Покрај трите портали на челната фасада, постојат и странични влезови на трансептот. Карактеристична силуета на катедралите им даваат камбанариите кои се издигаат во правец на странични портали. Тие се високи четириаголни кули, кои најчесто завршуваат во вид на високи и тенки пирамиди.




*Основа на готска катедрала*



*Нотр Дам во Париз*

Меѓу најзначајните катедрали се следниве:



*Влезна фасада на Нотр Дам во Париз*



*Катедрала во Келн, Германија*



Катедрала во Ремс, Франција



Катедралата Санта Кроче во Орвието, Италија



Катедрала во Милано, Италија



Катедрала во Салзбери, Англија

**Споменици - феудални палати**

Во готиката се градени многу палати со мрежести аркади и лоџии на фасадите и со богата содржина во внатрешноста. Некои од овие палати се прикажани на следниве фотографии:



Палата Чипико, Трогир



Палата во Венеција



Палата Хекторовиќ-Хвар

Покрај палатите, се градат и куќи во бондручен систем од дрво исполнет со тула и збиени во тесниот градски простор. Пример:



Цеховска куќа во Лавенхам, Англија



Готска розета во камен



Готски фрески

## ВИЗУЕЛНА УМЕТНОСТ ВО ГОТИКАТА

Катедралата е олицетворение на готскиот период составена од камен скелет, ребрасти сводови, столбови и потпорни лакови. Ѕидовите се од камена мрежа и стакло, внатрешноста дава издолжени пропорции, вертикални линии и шилести лакови и конзоли.

Се користат два вида орнамент, камена скулптура и обоено стакло. Скулптурите ги красат порталите, столбовите, ѕидните ниши, а витражите со боите ја осветлуваат внатрешноста на катедралата.

Скулптурите од камен ги карактеризираат кралско достоинство и верско спокојство. Во рацете имаат книга и круна на главата.



Готска фрески

**Сликарство**

Витражот е разнобоен стаклен орнамент поврзан со оловни ленти. Се користи сина,



Катедрала во Милано



Ентериерно сликарство



Фреска



Готска пиета

црвена, жолта, со разредена и згусната боја. Уметниците доловуваат сенки. Боја и позлата се применуваат на секој слободен дел на ѕидовите, на капителите и скулптурите. Започнува сликање на дрвени плочи со посебни украсни делови во готските катедрали. Сликарството во голем дел се користи за украсување на одаи во дворците, во куќите на средното племство и по градските куќи. Омилени теми на фреските биле фанстастични приказни, случки од царскиот двор, легенди и подвизи на витезите. Стилот на религиозното сликарство, исто така, се одразува на теписерии со мотиви на камен, цвеќе, слики од селскиот живот и слики на градови. Друга форма на готското сликарство е сликање на дрвени подлоги кои биле нарачувани од богатите граѓани за приватни молитви. Изразите на лицата се со мистика и блаженство без реализам, помалку стилизирани женски ликови, млади и нежни. Исклучок во готските сликарски школи, кој внесува новина, е сликарот Џото чие најзначајно дело е „Распетието“ во црквата Санта Марија Новела во Фиренца, каде што ликовите се прикажани со израз на радост, тага и сè што е во вистинскиот и обичен живот. Значајни се и претставниците на холандската школа, браќата Ван Ајк, индивидуалисти и слободни во употреба на боите.

## ЗАПОМНИ

Франција е колевката на новиот стил – готика. Сите карактеристики на стилот се содржат во: катедралите што се во облик на латински крст, најчесто трибродни. Како градежен материјал се користи камен и варов малтер, ковано железо како спојно средство. Ѕидните маси се расчленети со потпорни лаци и столбови. Лакот е остар и прекршен. Сводовите се крстести со богата профилација на ребрата. Столбовите се со ѕвездест пресек. Како конструктивен елемент се јавуваат контрафори - потпорни столбови одделени од ѕидните маси. На челните фасади се јавуваат розети со сложена декоративна обработка застаклени со „витраж техника“. Во готиката покрај катедралите се градат: берзи, судници, болници, резиденции, универзитети, палати, стражарски кули, утврдени палати и др.

Визуелната уметност во готиката се користи најчесто на катедрали составени од камени скулптури и витраж.

# Модуларна единица 4. НОВ ВЕК

## РЕНЕСАНСА

Ренесансната архитектура претставува период од XV, XVI и почеток на XVII век. Ренесанса (доаѓа од француски збор renaissance) и значи преродба и е културно – историски термин кој ја означува културната состојба во период на транзиција од среден век до новото време особено во Италија. Поимот ренесанса е во меѓусебна врска со поимот хуманизам. Хуманистите ги одрекувале средновековната култура и средновековното архитектонско творештво и се обрнале кон класичното, во чие раѓање ги гледале перспективите на новата архитектура. Оттука новиот архитектонски стил бил наречен преродба.

Најмногу и најзачувани споменици на класичната архитектура се наоѓаат во Италија, лулката на ренесансата.

Во ренесансата разликуваме 3 периода:
**а) рана ренесанса (1400-1500 г.)**
**б) висока ренесанса (1500-1550 г.)**
**в) доцна ренесанса (1550-1600 г.).**

## 4.1. АРХИТЕКТУРА НА РАНА РЕНЕСАНСА

Раната ренесанса во Италија трае од 1400 до 1500 година. Раната ренесанса најпрвин се појавува во Фиренца, потоа во Рим и Венеција. Во овој период се врши синтеза на средновековието и римската архитектура. ***Градежен материјал*** од кој се изградени објектите во раната ренесанса се: травертин, камен, тула, дрво. Фасадите се помирни со малку архитектонски украси. ***Конструктивни системи*** се: столбови, ѕидови, лакови и сводови. Во раната ренесанса преовладуваат меѓукатните конструкции со сводови. Паралелно со цилиндрични сво дови и куполи се сретнуваат и крстестите сводови. Во објектите на раната ренесан са крстовидниот свод сѐуште има готско вли јание. Сите сводови се касетирани и касетите се богато украсени со орнаменти. Кај некои објекти сводовите се заменети со др вени касетирани тавани богато украсени или исцртани. Орнаментиката е богата и мо тивите се најразлични.



*Палатата Векио во Фиренца*



*Касетиран свод од палатата Векио*



*Фасадите на дворците од раната ренесанса се исто така под готско влијание. Катовите се разделени со потпрозорни корнизи, со кои се постигнува хоризонтално делење на фасадите. Горниот завршеток на прозорците е сѐ уште полукружен и поделен на два дела. Ѕидовите се со мазна камена површина, а ѕидот од тула е покриен со релјефен малтер.*

Старите римски споменици се земаат како пример за нови ***архитектонски облици*** и ***концепции***. Италијаните не биле наклонети кон прифаќање на готиката со нејзината мистика и мрачност, додека секогаш имале симпатии кон античката чистота. Тие секогаш се чувствувале како синови на Рим, а римската слава и величина ги чувствувале за свои.

Во раната ренесанса црквата претставувала долгнавест римски крст со непарен број бродови (1, 3, 5) со мали ниши по ѕидовите и со купола над пресекот на средниот и напречниот брод. Кај базиликите преодот од еднокатните покриви на страничните бродови кон двокатните на средниот брод создавал извесна тешкотија и затоа ренесансните мајстори вовеле римски полуфронтони, чиј агол го свиткале во форма на испакнати или вдлабнати волути. Пр. Санта Марија Новела.



*Црквата Сан Спирито во Фиренца*



*Санта Марија Новела*



*Палатата Пити во Фиренца од Брунелески. Двокатна зграда со рустична фасада со големи полукружни прозорци расчленети по хоризонтала на поединечните катови. Изгледа мирно, покажува строга симетрија и правилни пропорции.*



*Црквата Санта Марија деле Грацие во Милано*



Катедрала Санта Марија дел Фјоре од Брунелески во Фиренца.

Оваа купола во основа е од романски стил градена во 1294 год., а е продолжено со градба во периодот на готика (1350 год.) кога добила убав готски кампаниле изведен според нацртите на познатиот сликар Ѓото.

Кубето е поставено врз осмоаголна основа изведено со зашилен лак и е составено од две лушпи со празен простор меѓу нив. Внатрешното кубе е обликувано според архитектурата на црковниот простор, а надворешното кубе образува кровна покривка со поубава силуета и овозможува побрзо сливање на водата. Новина е појавувањето на тамброт со прозорци со што се постигнува обилно осветлување на внатрешноста. Тамбурот има пречник од 42 м.



Црква Сан Лоренцо

Ја обновил Брунелески за фамилијата Медичи.

Капелата има квадратен облик и централна основа покриена со купола.

Главниот дел на црквата е базилика со колонади од столбови со аркади и капители во коринтски стил.



Санта Марија дела Паце од Браманте

Леоне Батиста Алберти е застапник на конструктивизмот во архитектурата базиран врз античките облици. Покрај Леоне, Филипо Брунелески во Фиренца работи и како скулптор и како архитект. Негови најпознати дела се: Куполата на црквата Санта Марија дел Фјоре, палатата Пити, домот на невините деца, црквата Сан Лоренцо, црквата Сан Спирито и многу други.

Во време на раната ренесансата се изградени многу ***палати*** кои и денес не изгубиле ништо од својата импозантност. Тие се со правоаголна форма најчесто со два двора. Нивниот станбен корпус има до 3



*Домот на невините деца во Фиренца од Филипо Брунелески.*

*Фасадата е со трем на столбови со архиволти по целата должина. Дизајнот на Брунелески се базирал на античката, романската и доцната*

ката и обично зафаќа една или две страни од главниот двор.

## ВИЗУЕЛНА УМЕТНОСТ ВО РАНАТА РЕНЕСАНСА

Во раната ренесанса се проучуваат делата на античките римски скулптори,при што владее воодушевување од нив. Најпознат е ***Лоренцо Гиберти*** кој се пријавува во Фиренца на конкурс за решение за северната врата за крстилница пред црквата Санта



*Лоренцо Гиберти-источна врата на крстилница во позлатена бронза*

Марија дел Фјоре. Ја изработува од позлатена бронза со сцени од Новиот завет. По 20 години ја изработува и источната врата на крстилницата со сцени од Стариот завет, исто така во позлатена бронза.

## 4.2. АРХИТЕКТУРАТА НА ВИСОКА РЕНЕСАНСА

Високата ренесанса во Италија трае од 1500 до 1550 година и уште се нарекува зрела ренесанса. Центарот на архитектурата на високата ренесанса е Рим.

Во периодот на високата ренесанса,продолжило проучувањето на античките форми. Архитектите не ги создавале своите дела буквално како во антиката, туку базирано на античките творби ги пренесувале на свој начин. Творбите на Рафаело, Браманте и Микеланџело се со изразитиантички форми, умешно прочистени од грубоста на римските претходници. Жарта за претерана декоративност се намалила и ѝ отстапила место на умерената пластика. Тука, всушност, е разликата меѓу раната и високата ренесанса. Од тој период се: палатата Фарнезе во Рим од Антонио да Сангало, Библиотеката Сан Марко во Венеција од Сан совино.

Црквата Св. Петар во Рим е центар на Католичката црква. Планот за црквата го прави Донато Браманте со основа на грчки крст и четири апсиди, со голема централна купола и четири помали. Браманте успева да изгради само мал дел од средиштето на



*Библиотеката „Св. Марко" во Венеција од архитектот Сансовино. Приземјето е од дорски, катот од јонски столбови и има изведено прекрасен фриз. Врвот на зградата е со балустради и е украсен со скулптури.*



*Црквата Св. Петар во Рим*

црквата бидејќи умира. По неговата смрт, црквата ќе ја градат десетина архитекти меѓу кои и Рафаел Санти, а на крај неа ја завршува Микеланџело Буонароти, на кого куполата на црквата му претставува најколосално остварување. Распонот на куполата е 42,5м, а висината на црквата заедно со куполата е 130м.

## АРХИТЕКТУРАТА НА ДОЦНА РЕНЕСАНСА

Доцната ренесанса во Италија трае од 1550 до 1600 година.

Архитектурата во доцната ренесанса се Рим и Виченца. Доцната ренесанса се развила во тешките услови на засилена власт на папата и на феудалната аристократија.



*Театар Олимпико во Виченца од Андреа Паладио*



*Црквата Ил Џезу во Рим од Вињола има богата внатрешност и послужила како прототип на многу цркви низ цела Западна Европа.*

Архитектурата се карактеризира со повеќе декоративност и пластичност на формите. Оваа насока го открила патот кон создавање на нов стил – ***барок***.

Архитектурата на доцната ренесанса е претставена со делата на двајцата талентирани архитекти и теоретичари ***Вињола*** и ***Андреа Паладио***.

Во архитектурата на доцната ренесансаво Италија се оформиле двеправца. Приврзаниците на првиот правец биле за академско приспособување на класичните форми кој подоцна се оформил како ***класицизам***.

Во делата на архитектите од вториот правец–барокот се забележува пренатрупаност на формите, динамичност и стре-меж кон грандиозното.



*Човечко тело во златен пресек - Леонардо да Винчи*



*Витрувиска фигура, Мона Лиза*

## ВИЗУЕЛНА УМЕТНОСТ ВО ВИСОКА И ДОЦНА РЕНЕСАНСА

Во овој период ќе бидат создадени врвните дела во **скулптурата** и **сликарството** на новиот век, кои траат и до денес. Од овој период, најпознат е ***Леонардо да Винчи***. Сликите на Леонардо да Винчи имаат геометриска композиција со поставување на фигурите во една замислена пирамида. Тех-никата е наречена киаро-скуро. Најпознати слики му се: „Мона Лиза Џоконда“, „Тајната вечера“, „Богородица меѓу карпи“, „Бах“ и многу други.

Идеални архитектонски облици на високата ренесанса се црквите со централно решение во чие средиште се наоѓа човекот. Човекот како мерка на сите нешта е средиште на совршенството.Леонардо да Винчи симболично го прикажува тоа на цртежот човечко тело во златен пресек или т.н. Витрувиска фигура.



*Леонардо да Винчи-Тајната вечера,*

Друг уметник е Рафаел Санти. Тој умира многу млад, но создава безброј ремек- дела во сликарството,покрај во архитектурата. Тој слика фрески заедно со Микеланџело во Ватикан. Микеланџело го работи таванот на Сикстинската капела во Ватикан. Познат е и по скулптурите во капелата Медичи во Фиренца. Други познати скулптури на Микеланџело се: „Давид“, „Пиета“, „Мојсеј“, „Роб на умирање“ и др.

Со делата на Леонардо да Винчи, Рафаел Сантини, Микеланџело Буонароти, високата и доцната ренесанса ја достигнуваат својата кулминација во Италија.

Покрај во Италија, ренесансата се проширува и во другите европски земји како: Франција, Германија, Шпанија и др.

**ЗАПОМНИ:**

- Во ренесансата разликуваме 3 периода: а) рана ренесанса (1420 - 1500 г.)
  б) висока ренесанса (1500 - 1540 г.)
  в) доцна ренесанса (1540 - 1590 г.).
- раната ренесанса е обид за синтеза на античките и средновековните елементи.
- Новиот архитектонски стил ренесанса бил наречен – преродба.
- Раната ренесанса е главно фиренциска. Од тоа време се познати: Филипо Брунолески, Леон Батиста Алберти, Мике-ланџело и други.
- Во Фиренца се наоѓаат: црквата Санта Марија Новела, Санта Марија дела Паце, палатата Пити, палатата Строци, палатата Векио, палатата Санто Спирито, До-мот на невините деца и др.
- Во време на раната ренесанса во Италија има широки простори, материјалот делува силно, а декорацијата е умерена, додека куполите сè уште се реткост.
- Центарот на архитектурата во ренесансата е Рим. Високата ренесанса во Италија се одликува со одмерен класичен ритам. Кај неа е зголемена декорацијата и се гледа големо познавање на антички-те елементи и градење на многу куполи.
- Во високата ренесанса во Италија антич-ките творби ги пренесувале на свој начин Рафаело, Браманте и Микеланџело.
- Од периодот на високата ренесанса се: палатата Фарнезе во Рим од Антонио да Сангало, библиотеката „Сан Марко“ во Венеција од Сансовино, катедралата Св. Петар во Рим, Темпието во Рим од Браманте.
- Доцната ренесанса ги има за центар Рим и Виченца. Архитектурата се карактеризира со повеќе декоративност и пластичност на формите.
- Архитектурата на доцната ренесанса е претставена со делата на двата талентирани архитекти и теоретичари: Џакомо Ба роци да Вињола и Андреа Паладио.
- Од периодот на доцната ренесанса, познати се: црквата Ил Џезу во Рим од Вињола, палатата Уфици во Фиренца од Џор џо Вазари, Театар „Олимпико“ во Вичен ца од Андреа Паладио и други.
- Освен во Италија, ренесансата се проширува и во другите европски земји како: Франција, Германија, Шпанија и други.
- Во раната ренесанса, најпознат уметник е Лоренцо Гиберти кој ја изработува северната врата, а по 20 години и источната врата од позлатена бронза за крстилница пред црквата Санта Марија дел Фјоре.
- Најпознати слики на Леонардо да Винчи му се: „Мона Лиза Џоконда“, „Тајната вечера“, „Богородица меѓу карпи“, „Бах“ и многу други.
- Познати скулптури на Микеланџело се: „Давид“, „Пиета“, „Мојсеј“, „Роб на умирање“ и др.
- Со делата на Леонардо да Винчи, Рафаел Сантини, Микеланџело Буонароти, високата и доцната ренесанса ја достигнуваат својата кулминација во Италија.

## 4.3. АРХИТЕКТУРА И УМЕТНОСТ НА БАРОКОТ

Архитектурата на барокот се развива во текот на XVII и првата половина на XVIII век. Името доаѓа од португалскиот збор barocco кој значи големи неправилни украси или бисери и во почетокот се употребува во негативна смисла. Овој период на барокот се карактеризира со преобилна примена на орнаментална и скулптурална декорација, многу често безлогични поставки.

Барокот најпрвин се јавува во Италија, а центарот и лулка на барокната архитектура е Рим каде што Католичката црква била премногу силна. Папите си поставуваат задача Рим да го претворат во најубав град на христијанскиот свет. Тие ги повикуваат најталентираните архитекти и уметници од Италија да се натпреваруваат меѓусебно со своите најдобри дела.

Двајца архитекти што го создале барокот се: ***Лоренцо Бернини*** и ***Франческо Боромини***. И двајцата имале различен пристап кон барокот и уметноста, но многу придонеле за архитектурата, уметноста, а и за скулптурата.



*Црквата Санта Марија дела Салуте во Венеција*

Плоштадот Навона во Рим е место каде што најмногу се гледа барокот во Рим. Во средината се наоѓа фонтаната на четирите реки (Дунав, Ганг, Нил и Рио дел Плата), ремек-дело на Бернини. Во заднина се гледа црквата Санта Агнезе од архитектот Боромини.

Барокната црковна **фасада** е многу побогато разработена од ренесансната. Пиластри или полустолбови ја разделуваат фасадата на полиња, во кои се сместени вратите, прозорците и полукружни ниши со вазни и статуи во нив. Капителите на тие пиластри се редат на катовите, како и кај римските повеќекатни згради: дорски, јонски и најгоре коринтски. Јонските капители се ниски, со наведнати волути од кои висат венчиња од цвеќе, а коринтските се разработени најфантастично и често имаат многу малку заедничко со класичните капители. Прозорците се оградени со богато профилирани рамки. Порталите имаат сегментен или триаголен фронтон, носен од пиластри, колони или атланти. Кај некои објекти фронтоните се пресечени на половина за да се поставаат статуи.

Бернини бил многу успешен и во архитектурата, но и во скулптурата и во сли-



*Плоштадот Навона – Рим*



*Бернини-Плоштад Св. Петар*

карството и затоа го споредувале со Микеланџело. Бернини бил назначен за главен архитект на црквата Св. Петар во Рим и тој го проектирал плоштадот пред црквата. Плоштадот имал за цел да направи достоинствен пристап кон црквата. Плоштадот е во вид на елипса и е опкружен со трем од четири реда на римско-дорски колони. Во средината на плоштадот има обелиск.



*Версајски двореg во Париз*



*Галерија на оѓледалата – Шарл Лебрен*

Франција со засилувањето на политичката моќ постепено започнала да игра раководна улога во културниот живот на Европа. Пред втората половина на XVII век,барокот веќе бил пренесен таму и по градбата на Вал де Грас и на црквата при Инвалидскиот дом во Париз (под влијание на Св. Петар во Рим), новиот стил го започнува својот подем. На Луј XIV не му се допаѓале накитените и извиени линии на барокот, така штоуспеал да им наложи на архитектите свој вкус и разбирање. На тој начин во Франција била создадена една варијанта на барокот, која претставувала комбинација од класични и барокни архитектонски форми. Таа варијанта била наречена француски класицизам или стилот на Луј XIV.

Архитектонските објекти од времето на Луј XIV имаат големи димензии, со уште поголеми и раскошни паркови. За време на барокниот класицизам биле изградени трите најпознати дворци: ***Версајскиот дво рец***, ***Лувр*** и ***Во-ле-виконт***. Плановите за об јектите ги изработиле архитектите Луј ле Во и Жил Ардуен Мансар.

Андре ле Нотр го проектирал величествениот парк околу дворецот Версај.

Внатрешноста на дворецот Версај е изработена од најскапоцени градежни и расни материјали, комбинирани со скулптура и сликарство од уметникот Шарл Лебрен. Најпозната е Галеријата на огледалата која станува најблескава просторија во Европа.

Во Англија и Холандија, каде што веќе имало особено национална култура, барокот не нашол голема примена.



*Паркот на дворецот Версај – Андре ле Нотр*

Во Англија се изградени неколку објекти во барокни форми на кои се испреплетуваат многу класични мотиви. Како типични примери може да се наведат Лондонската катедрала Св. Павел, замокот Бленхајм во Оксфорд и др.

Во Русија барокниот стил особено се развил вовремето на Петар I. Попознати згради од тоа време се: Зимскиот дворец во Петербург и црквата во манастирот Смолни.

Во Шпанија барокот особено им се допаднал на тамошните големодостојници и таму во тој стил се изградени редица уба-ви цркви и дворци.

## ВИЗУЕЛНА УМЕТНОСТ ВО БАРОКОТ (СЛИКАРСТВО)

Првото место меѓу творците на барокната уметност во ***сликарството*** му припаѓа на Микеланџело Мериси де Караваџо, чии дела се препознатливи по драматична употреба на светлина. Меѓу најпознатите слики му е сликата *Повикувањето на св. Матеј* која е различна од сите други. Караваџо умира многу млад, но ќе изврши големо влијание и врз најголемиот холандски сликар Рембрант. Под влијание на неговите дела, во Рим ќе настане уметничката насока ***луминизам*** на која ќе се надоврзат сите



*Дворец Цвингер во Дрезден*

најголеми мајстори на XVII век. Друг познат шпански сликар е Диего Веласкез кој е голем колорист и со сфаќањето на боите и светлоста ќе направи револуција во сликарството, потоа Питер Пол Рубенс и др.

**ЗАПОМНИ:**

Архитектурата на барокот се развива во текот на XVII и во првата половина на XVIII век.Зборот barocco значи големи неправил-ни украси или бисери и во почетокот се употребува во негативна смисла. Барокот се карактеризира со преобилна примена на орнаментална и скулптурална декорација.

Барокната црковна ***фасада*** е многу побогато разработена од ренесансната.Тоа е стил на богатство и сјај.

Барокот најпрвин се јавува во Италија, а центарот и лулка на барокната архитектура е Рим каде што Католичката црква била премногу силна.

Во Франција била создадена една варијанта на барокот, која претставувала комбинација од класични и барокни архитектонски форми. Таа варијанта била наре-чена *француски класицизам* или стилот на Луј XIV.

Првото место меѓу творците на барокната уметност во ***сликарството*** му припаѓа на *Микеланџело Мериси де Караваџо* чии дела се препознатливи по драматична употреба на светлина. Во Рим ќе настане уметничка-та насока луминизам на која ќе се надовр-зат сите најголеми мајстори на XVII век.

## 4.4. АРХИТЕКТУРАТА НА НЕОКЛАСИЦИЗАМ

Архитектурата на неокласицизмот се развива од крајот на XVIII до средината на XIX век. Во тој период се појавува заситеност од барокната декорација и се тргнува кон истражување на нови форми, преку трансформација на античките класични стилови. Оживувањето на античките форми во времето на неокласицизмот е подоследно отколку во самиот класицизам.

Неокласицизмот се развива низ цела Европа, а особено во Франција и во Германија. Неокласицизмот има за задача да ја велича славата на царот и на неговата војска. За таа цел се градат триумфални порти и триумфални колони, според приме-рот на објектите од античкиот Рим.Тие се градат по наредба на војсководецот Напо-леон во слава на неговата голема армија. Најпозната е Големата триумфална порта од архитектот Шалгрен во Париз која се на-оѓа на плоштадот „Шарл де Гол“.

Од Франција новиот стил проникнал во-цела Европа. Германија во XIX век настојува низ архитектурата на неокласицизмот да ја изрази својата сила преку употреба на антички стилови (дорски и јонски). Се гра-дат голем број објекти особено во Берлин. Архитектонски облици карактеристични за неокласицизмот се: праволиниски архитравен корниз, пиластри и столбови кои се повторно во мода,а декоративноста се сведува на најнеопходното.

Првата неокласична градба во Герма-нија е Бранденбуршката порта во Берлин од познатиот архитект Карл Готард Лагханс.



*Големата триумфална порта – од Шалгрен во Париз. Нема столбови ниту пиластри. Обликувана е со тешката маса на своите пилони , украсени со познати скулптори како „Тргнувањето на доброволците “ од скулпторот Франсоа Рид.*



*Бранденбуршка порта во Берлин од авторот Карл Готард Лагханс е комбинација од римска триумфална арка и грчки пропилеи со строг дорски ред. Скулпторот Шадов врз неа ја има поставено скулптурската композиција Квадрига на божицата на победата.*



*Белата куќа во Вашингтон од архитектот Џемс Хобан. Објектот има симетрично решение. Влезот има правоаголна основа и триаголен фронтон. Во американската архитектура во неокласицизмот владее т.н. псевдогрчки стил (greek revival).*

Од Германија градбите се шират и во Русија, но објектите се градат под влијание на францускиот стил, со елементи на руската традиција. Најголеми објекти се градат во Санкт Петербург и во Москва.

Неокласицизмот се пренесува и во Англија и таму се градат голем број објекти.

По создавањето на САД, класицизмот во почетокот на XIX век добива широк замав.

Во тоа време е изградена и Белата куќа во Вашингтон од архитектот Џемс Хобан.

## ВИЗУЕЛНА УМЕТНОСТ (СЛИКАРСТВО, СКУЛПТУРА, ОРНАМЕНТ)

Уметноста на неокласицизмот низ делата на бројните сликари е насочена кон прикажување на легендарни настани од средниот век, како и на пејзажи и на религиозни сцени.Сепак, неговите карактеристики најдобро може да се согледаат низ уметноста на Франција. Познати француски сликари се: Давид, Придон, Франсоа Жерар и др. Во Шпанија многу познат е сликарот Франциско Гоја. Тој во своите дела ја прикажува тиранијата на Наполеон преку неговите драматични необарокни сцени. Познати негови дела се: „Стрелањето на 3 мај“, „Карневал“, „Гола Маја“, „Облечена Маја“ и др.

Од талентираните скулптори чие творештво е многу привлечно е Канова. Тој ќе направи далекосежно влијание врз европското вајарство.

### ЗАПОМНИ:

Архитектурата на неокласицизмот се развива од крајот на XVIII до средината на XIX век. Во тој период се појавува заситеност од барокната декорација и се тргнува кон истражување на нови и оживување на античките форми.

Неокласицизмот се развива низ цела Европа, а особено во Франција и во Германија. Неокласицизмот има за задача да ја велича славата на царот и на неговата војска. За таа цел се градат триумфални портии триумфални колони.

Од Германија градбите се шират и во Русија, потоа во Англија и во САД.

Уметноста на неокласицизмот низ делата на бројните сликари е насочена кон прикажување на легендарни настани од средниот век, како и на пејзажи и на религиозни сцени.

## 4.5. АРХИТЕКТУРА И УМЕТНОСТ НА РОМАНТИЗМОТ ВО МАКЕДОНИЈА

Иако Македонија, сѐ до почетокот на XX век се наоѓа под турско ропство, кон средината на XIX век во Империјата ќе се спроведат политички и социјални реформи кои ќе доведат до економски и културен развиток. Овие промени ќе се одразат во градовите во кои ќе се зголеми бројот на христијанското население кое ќе емигрира од несигурните села. Заедно со растежот на градското население ќе се усовршат производството и занаетчиството и ќе се зголеми трговијата создавајки трговска аристократија. Султанот на своите поданици им овозможува извесни граѓански права, верска и економска слобода, така што збогатеното христијанско население ќе инвестира во градењето школи и издавањето учебници, придонесувајќи меѓу македонското население да се рашири писменоста. Тоа е времето на браќата Миладиновци, Кирил Пејчиновиќ, Рајко Жинзифов и на другите просветители од преродбенскиот период во Македонија. Во овој период, градителите-архитекти од Македонија кои по семејна традиција се занимавале со градежништво ќе бидат многу барани на целата територија на Балканскиот Полуостров, во Мала Азија, а некои стасуваат дури до Александрија и Египет.

Занимавањето со оваа професија не било традиција само во одредени семејства туку и во цели региони, на пр. Дебарскиот, Велешкиот и др. Сепак најпознати градители се мијачките мајстори од дебарско-реканската област во Западна Македонија.

Познавањето на вештините се пренесувало во семејството од генерација на генерација со практична работа со векови station наназад. Тоа довело до максимална професионална усовршеност во познавањето на материјалите, техниките, статиката, естетиката итн. Според талентот што го поседувале членовите се специјализирале за одредена работа: архитектура, градежништво, резбарство или сликарство. Творештвото на македонските градители има клучна улога во културолошките промени на балканот и затоа тие се вбројуваат во предвесниците, преродбениците и зачетниците на модерната архитектура и уметност.

## Општи и посебни карактеристики

Позасилен развој на архитектурата во Македонија ќе биде овозможен со новосоздадените општествено-економски услови. Архитектурата најмногу ќе се развие во Битола, како центар на пашалак, каде што се изградени поголем број објекти за конзуларните претставништва на европските држави. Нивната архитектура е направена во стилот на романтизмот, под влијание на архитектурата на Западна Европа и особено онаа од Виена, додека преку Солун пристигнуваат само посредни влијанија на романтичарската западноевропска архитектура. Под такво влијание ќе бидат изградени и голем број граѓански куќи на македонските трговци и занаетчии.

Во текот на XIX век се оформени голем број квартови во македонските градови, со народна архитектура со посебна убавина и функционалност. Во оформувањето на урбаната структура, видно место зазема црковната архитектура. Се градат голем број цркви, кои најчесто имаат решенија на трикорабна базилика со галерија на катот и тремови на приземјето. Во нивното градење, како основен градежен материјал се употребувале каменот и дрвото. Сводовите и куполите се изведени од дрвена конструкција искована со летвички, а потоа малтерисана и најчесто живописана. Просторната пластика на црквата е разиграна, особено на петтата фасада, каде што се истакнуваат надвишените кораби и куполите.

Во ентериерот на сакралната архитектура ќе бидат застапени елементите: полуцилиндричен свод, апсиди, слепи куполи, висечки аркади, украсни парапети итн.

## Сакрална архитектура Андреја Дамјанов (1813-1878)

Од средината на XIX век се истакнува како најзначаен македонски архитект-градител во Македонија и надвор од неа. Тој потекнува од мијачко градителско семејство Рензови-Дамјанови, кое се доселува од дебарското село Тресонче во Папрадиште, Велешко. Ова семејство градители ќе создаде голем број објекти во Македонија, Бугарија, Грција, Албанија, Турција, Србија, Босна и Херцеговина и др. Во почетокот на XIX век Андреја Дамјанов на само 22-годишна возраст, соработувајќи со своите тројца браќа, го презема раководството со големата градителска тајфа. Набргу тие ќе се прочујат и нивната активност ке се прошири и надвор од границите на Македонија.

Андреја Дамјанов е архитект кој ќе воспостави рамнотежа помеѓу традицијата и модерното сфаќање. Во неговата архитектура тој ке создаде симбиоза помеѓу:

- византиско-словенската традиција,
- западно или централно - европската необароктна, неоренесансна, неороманска архитектура и
- исламската архитектура на Балканот, однесувајќи се со посебна почит кон историјата, но и барање на нова можност за обединување на новите модерни објекти во неа.

### Модел за црковни градби

Независно од територијата на која градел, Дамјанов за модел ја усвоил трикорабната базилика.



### Конструкција

Црквите што Дамјанов ги гради биле покриени со една купола, пет куполи, или биле мултикуполни, и тоа до 12-куполни како во Св. Јоаким Осоговски.

### Надворешност на црквите

Во согласност со канонитe на православието надворешноста на црквите е многу едноставна и јасна: од три страни приземјето го обиколуваат тремови на столбови (портици), антички по своето потекло, кои Дамјанов понекогаш ги покрива со низи од слепи куполи својствени на исламот како на пример во црквата Св. Јоаким Осоговски. Акцентот е ставен на источната страна на која се наоѓала апсидата и под тремовите околу порталите. Површината на ѕидот била расчленета со кордон венци слични на византискиот „опус микстум“ итн. По фасадите, особено околу порталите кои се затскриени со тремови, се изработени прекрасни длабоки релјефи издлабени во камен.

Мотивите на релјефите се различни: гулаби, цветни мотиви, волути, светци и ангели со свеќи во рацете, столпци со балустрадни форми и вдлабнати натпортални ниши во кои се насликува светецот патрон на црквата, Исус, Богородица и др. Фасадите, особено источната, биле обложени со тенки камени колонетки кои под покривните венци се поврзани со повеќекратни аркадички во чии темиња лебдат ангели, животински глави и сл. Западната фасада имала нагласено сложена композиција формирана од кулата-камбанарија со која се нагласувала оската на црквата.

**Внатрешност на црквите**

За разлика од сиромашната надворешност, внатрешноста на црквите била со сложена конструктивна и естетско-уметничка структура. Ентериерот бил зачудувачки раскошен. На западната ентериерна страна на црквата имало неколкукатни раскошни галерии, сценографски третирани и наменети за верниците. На источната страна се наоѓал иконостасот раскошно изработен.

Столбовите во црквата имале различни димензии и биле изработени во различни стилови. Тие биле лачно поврзани меѓу себе, и по хоризонтала и по вертикала создавајќи тантелеста структура низ која се судираат снопови светлина што доаѓаат од различни правци од куполите, од апсидата и од страничните ѕидови.

Позначајни сакрални објекти што ги изградил Андреја Дамјанов се:

- Црква Св. Богородица во Скопје, Македонија
- Црква Св. Јован во Кратово, Македонија.
- Црква Св. Пантелејмон во Велес, Македонија
- Црква Св. Јоаким Осоговски во Крива Паланка, Македонија
- Црква Св. Богородица во Ново Село, Штип, Македонија.
- Црква Св. Никола во Куманово, Македонија
- Црква Св. Архангел Михаел во с. Горно Чичево, Велес, Македонија
- Црква Св. Илија во Печењевац, Србија
- Црква Св. Апостоли во Турековац, Србија
- Црква Св. Дух во Ниш, Србија
- Црква Св. Ѓорѓи во Смедерево, Србија
- Црква Св. Богородица во Сараево, Босна и Херцеговина
- Црква Св. Троица во Мостар, Босна и Херцеговина.

Покрај сакрални објекти Андреја Дамјанов градел и профани.

- Саат-кулата во Сараево ја поправил.
- Воена касарна во Сараево.
- За која добил награда и привилегии од цариградскиот султан.

Андреја Дамјанов починал во 1878 год. и е погребан во семејната гробница во Велес, покрај црквата Св. Пантелејмон.

ЃОРЃИ НОВАКОВ–ЏОНГАР (црквата Св. Никола во штипско Ново Село). Големо внимание се посветува на декорацијата на ентериерите, а особено на иконостасите.

**Карактеристични објекти за домување и општествени објекти**

Македонските мајстори даваат голем придонес во напредокот на градителството на Балканот, развивајќи ги архитектонската традиција и нејзиното приспособување за потребите на современиот живот.

Тие ќе се прочујат со градење на убави куќи.

**ЗАПОМНИ**

Архитектурата најмногу ќе се развие во Битола, како центар на пашалук, каде се изградени поголем број објекти за конзуларните претставништва на европските држави. Нивната архитектура е направена во стил на романтизмот, под влијание на архитектурата на западна Европа. Преку Солун пристигнуваат посредни влијанија на романтичарската западноевропска архитектура.

Од средината на XIX век Андреа Дамјанов се истакнува како најзначаен македонски архитект - градител. Андреја Дамјанов е архитект кој ќе воспостави рамнотежа помеѓу традицијата и модерната архитектура.

Црквите што Дамјанов ги гради биле покриени со една купола, пет куполи или биле мултикуполни. Позначајни сакрални објекти што ги изградил Андреја Дамјанов се: црква Св. Богородица во Скопје, црква Св. Јован во Кратово, црква Св. Никола во Куманово, црква Св. Пантелејмон во Велес, црква Св. Богородица во Ново Село, Штип и др.

## УМЕТНОСТ НА РОМАНТИЗМОТ ВО МАКЕДОНИЈА

Романтизмот или културната преродба во Македонија започнала кон крајот на XVIII и продолжила во XIX век. Во почетокот на преродбенскиот период во Македонија христијанското население после подолг период добило можност за изградба на сакрални објекти, но сè уште со одредени ограничувања, особено во градските средини. Се граделе нови цркви, со големи димензии кои во внатрешноста биле декорирани со фрески, икони, високи иконостаси, владички тронови, амвони, певници, столови и друг црковен мебел во резба. Во црквите насекаде низ Македонија работеле големи мајсторски тајфи на зографи, иконописци и резбари.

Позначајни цркви изградени во овој период се црквите на протомајсторот Андреја Дамјанов (1813–1878).

Во овој период се обновуваат и манастирите: „Св. Јован Бигорски", „Св. Јоаким Осоговски", „Св. Богородица Пречиста" .

Во XIX век интензивно ќе се градат и куќи за живеење.

**Резбарство, копаничарство**

Во Македонија копаничарството имало голема традиција. Во првата половина на XIX век, преку резбарските дела на мијачките копаничари таа ке го достигне својот подем. Резбите од овој период се изработувале од квалитетни дрва, најчесто од орев како плитка и длабока резба. Но за жал голем број од уметничките предмети направени од дрво биле уништени поради неговата запалливост и неотпорност на штетници.





*Мотиви во резби*

Флората и фауната биле најчест мотив на иконостасите. Најзастапени елементи во копаничарската уметност, се: риба, елен, ламја, сатир, кентаур, грифон, лав, орел, паун, змија, лисја, цветови и плодови од смокви, лоза, афион, даб и други. Од овој период покрај иконостасите зачувани се и: царски двери, столови, црковни врати и др. Во античко време, на влезовите во кралските палати и престоли се поставувале по два лава-чувари во скулптура. Таа традиција продолжила низ вековите, а денеска во старите и во новите цркви и манастири се ставаат како задолжителни копаничарски елементи покрај владичките престоли (тронови).

Во вековната Македонска традиција посебно се истакнува резбата на Македонските мајстори. Атос бил центар каде што македонските резбари, се школувале традиционално со генерации. Резбата што ја изучувале таму најчесто била длабока шуплива резба, чии извиени и длабоки форми биле инспирирани од италијанските барокни влијанија, прифатени од мајсторите од Италија што исто така работеле на Атос. Во втората половина на XVIII век, овие македонски тајфи (резбари, зографи, иконописци, и градители) работеле во многу места на Балканскиот Полуостров. Тајфите имале еден или повеќе мајстори и неколку помошници. Материјалот на кој работеле бил суво и цврсто дрво, сушено повеќе години. Најчесто резбите ги резбале во ореово дрво, кое било доволно меко за обработка. За длабење на дрвото користеле метални длета и дрвени чекани со различни големини. Најпрво дрвото го фиксирале за цврста подлога (работна маса) и потоа на него со молив го нанесувале мотивот. Потоа го длабеле дрвото така што ќе остане само мотивот, и тоа најпрво грубо, со поголеми длета, а потоа и фините детали, со помали длета.

Темите на резбите најчесто биле теми од Стариот и Новиот Завет, а се вметнувале карактеристични автохтони белези кои уште повеќе ги краселе овие дела. Одредени ликови биле облекувани во мијачка носија, имале карактеристични мијачки музички инструменти итн. Резбарството во Македонија, најчесто го работеле мијачките резбари во текот на целиот XIX век. Најпознати македонски копаничари се: Петре Филиповски Гарката и брат му Марко, Макарие Фрчковски и неговиот син Кузман, Никола Дамјанов и други.



Свето Благовештение“ во Прилеп

Петре Филиповски Гарката е еден од најистакнатите претставници на мијачката (дебарската) школа, кој потекнува од родот Филиповци. Роден е во 1780-тите години во с. Гари, Мала Река, Дебарско. Карактеристиките на неговата работа се: човечки, растителни и животински елементи обликувани во згуснат простор, со скусени пропорции, Специфичната архитектоника на иконостасите што ги изработил укажуваат на тоа дека бил под влијание на Света Гора. Дело на неговата тајфа се иконостасите во црквата на Лесновскиот манастир, во „Св. Спас” во Скопје, „Св. Ѓорѓи” во Призрен и црквата во Бигорскиот манастир . Тој соработувал со други резбари во изработката на иконостасот во црквата „Св. Богородица” во Скопје, во Рилскиот манастир во Бугарија, во „Св. Благовештение” во Прилеп. Последното негово дело бил иконостасот во црквата „Св. Никола” во Крушево.

Во првата половина на XIX век најдобар соработник и следбеник на прочуениот Петре Филиповски Гарката бил Макарие Фрчковски од село Галичник. Тој уште како млад и талентиран резбар учествувал во из-работката на еден од најубавите иконоста-си во црквата „Св. Спас“ во Скопје.



„Св. Спас“ во Скопје



Мотив од иконостас во црквата „Св. Јован Бигорски“

Исто така, учествувал и во изработката на иконостасот во црквата во „Св. Јован Бигорски“, заедно со резбарската тајфа на Петре Гарката.

Во Иако бил помлад од него, Макарие Фрчковски исто така високо се истакнувал со своите вештини и способности. Заедно со него работеле и неговите браќа Ѓурчин и Трајан. На почетокот на четириесеттите години на XIX век Макарие се одделил од тајфата на Гарката и основал самостојна копаничарска тајфа со која го изработил иконостасот во црквата „Св. Никола“ во Приштина. Макарие, покрај изработката на иконостаси, царски двери и владички тронови, работел резби во беговските конаци во Македонија, во Косово, Призрен и околината. Негови резби имало во конаците на Хамзи-паша во Сарај и во конаците во Бардовци. За резбите на Макарие се прочуло низ целиот Балкан, а најмногу во Бугарија каде што работел резба на таваните, долапите, ковчезите и други резби во дрво, но и сликарство. Макарие Фрчковски ќе формира своја резбарска школа и работилница во која многу млади талентирани ученици, ќе го изучуваат резбарството. Во Бугарија работел на декорација на повеќе објекти. Неговото најубаво резбарско дело е иконостасот во црквата „Св. Богородица во Па-зарџик“. Од тројцата синови на Макарие само Кузман ќе работи како копаничар, а другите двајца како зографи и иконописци. Кузман Макариев Фрчкоски ја продолжил резбарската традиција на својот татко со дела изработени во Бугарија и Косово. Во неговата тајфа работел и син му Макарие. По активностите во Бугарија, резбарската тајфа на Кузман се вратила во Македонија каде што

ги изработила владичкиот трон и балдахинот во манастирот „Св. Гаврило Лесновски“.

Тој освен како резбар, работел и како иконописец и зограф. Иконите што ги насликал ги потпишувал како Кузман Макариев Блаженов. Резбите на галичките копаничари, таткото и синот Макарие и Кузман Фрчкоски, претставуваат врвни достигнувања во областа на резбата, и имаат големата уметничка вредност. Тие изработиле иконостаси, владички тронови, амвони, балдахини и друга резбана дрвенарија со специфична пластичност, барокната разиграност и динамика на сите мотиви и форми. Највешти биле во резбањето на човечки и животински фигури.

Во делата на овие врвни мајстори има многу сцени и композиции од Стариот и од Новиот завет, земниот живот, растителна орнаментика и фолклор, изведени плански и со голема прецизност.

Со изработката на резби се истакнал и Никола Дамјанов од селото Тресонче, Папрадиште, кој бил брат на познатиот преродбенски градител Андреја Дамјанов. Тој спаѓа меѓу најдобрите мајстори-резбари кои работеле во првата половина на XIX век. Учествувал во резбарската тајфа на Петре Филиповски Гарката на иконостасот на црквата на Св. Богородица во Скопје. Неговите самостојни резби има во цркавата св. Никола во Штип, во црквата Св. Богородица во Ново Село, Штипско и во други цркви.



*Резбана таваница*

Други истакнати резбари од оваа најпозната школа потекнуваат од следните родови: Филиповци од Осој, Станишевци од Тресонче, Рензовци од Тресонче, Папрадиште, Мирчевци од Осој итн.

И побогатите македонски куќи биле украсувани со мотиви од резба, познат пример за тоа е таванот во една од собите на музеј - куќата на Робевци во Охрид. Копаничарство, резбарство или дрворез е применета уметност и занает со кој се изработувале предмети и резби од дрво.

**Македонски зографи**

Македонската фамилија на зографи, Ангелковци живописувале цркви и манастири во Македонија. Тие потекнувале од с. Гари, а се занимавале со зографство кон крајот на XVIII и почетокот на XIX век. Најстариот од родот Ангелко, неговиот син Петар, и внуци Спасе и Доне (Андон) Петрови работеле икони во околината на Струмица, Прилеп, Кавадарци и во Мариово. Најмногу се истакнал Андон Петров кој кои работел иконопис и живопис заедно со неговите синови Димитар, Ѓорѓи и Нестор.

Димитар Крстев Дичов, Дичо Крстевиќ или најпознат како Дичо Зограф бил македонски иконописец и фрескосликар кој работел на Балканот во XIX век.

Роден е во Тресонче во 1819 година. Насликал повеќе од 2.000 икони во Македонија, Србија и Грција. Бил претставник на Дебарската школа. Со неговото творештво започнал нов период во македонската уметност. Тој работел на нови иконостаси, и ги обновувал и дополнувал постоечките.



*Дичо Зограф*

Насликал големи ѕидни површини во новоизградените и доградените цркви и манастири. Карактеристично за неговата уметност е тоа што иконите ги сликал врз неутрална, најчесто златна позадина, со цел да ја нагласи духовноста. На почетокот светителите ги цртал со нагласена дводимензионалност за подоцна да почне да ги моделира и да ги облекува во раскошни облеки. Малите празнични икони ги цртал со многу ликови, убава архитектура и пејсаж во позадината. Неговите најпознати дела се наоѓаат во Бигорскиот манастир, црквите во Скопска Црна Гора, црквата во Тресонче, Св. Богородица во Охрид, Св. Богородица во Скопје, Св.Никола во Вевчани и во други цркви и манастири.

Во неговата работа му помагале и наговиот син Аврам и помошникот Петре Пачар. Дичо Зограф освен иконите, оставил и една книга "Ерминија" во која ги запишал сите правила за зографисувањето, но и многу работи за неговото семејство и живот.

Други познати Македонски зографи се: Коста Вангелов, Данаил Несторов Фрчкоски, Јаков Зографски и др.

**ЗАПОМНИ**

Романтизмот или културната преродба во Македонија започнала кон крајот на XVIII и продолжила во XIX век. Се граделе нови цркви, со големи димензии кои во внатрешноста биле декорирани со фрески, икони, високи иконостаси, владички тронови, амвони, певници, столови и друг црковен мебел во резба. Во црквите насекаде низ Македонија работеле големи мајсторски тајфи на зографи, иконописци и резбари. Позначајни цркви изградени во овој период се црквите на протомајсторот Андреја Дамјанов. Резбарството во Македонија, најчесто го работеле мијачките резбари. Најпознати македонски копаничари се: Петре Филиповски Гарката и брат му Марко, Макарие Фрчковски и неговиот син Кузман, Никола Дамјанов и други истакнати резбари од семејствата на Филиповци од Осој, Станишевци од Тресонче, Рензовци од Тресонче, Папрадиште, Мирчевци од Осој итн. Најпознати профани сликари биле: Дими-тар Андонов Папрадишки, Ѓорѓи Зографски и Коста Вангелов.

# Модуларна единица 5. МАКЕДОНСКА НАРОДНА АРХИТЕКТУРА

## 5.1. АРХИТЕКТОНСКИ ОБЈЕКТИ ВО НАРОДНА АРХИТЕКТУРА

***Структурни елементи на градовите***

Структурни елементи на градовите се:
- маала;
- улична мрежа;
- чаршија (дуќани);
- зонирање.

**Маала**

Во Македонија има повеќе градови во кои е зачувана старата станбена архитектура. Тие градови се: Охрид, Крушево, Кратово, Велес, Дебар, Струмица и др.

Зачувани се и оформени урбанистички целини кои ја одредуваат структурата на населбите испресечени со голем број тесни и калдрмисани улици, формирани од карактеристична станбена архитектура.

Градовите се формирани од голем број станбени реони, таканаречени маала, како основни урбанистички целини во чиј состав се наоѓаат објекти за задово лу ва ње на заедничките потреби на жителите: фурна, црква, продавница, чешма и помали плоштади. Луѓето уште од антич ко време се групирале во зависност од вера, национална припадност и сл. Чарши ите биле единствени места каде што си те биле еднакви. Генерално градовите се де леле на два главни дела две маала: хрис тијански и муслимански и чаршија. Нај често христијанските маала биле на рид, а чаршијата и муслиманскиот дел во рамница, иако понекогаш можело и муслиманскиот дел да биде на рид. Ако градот целосно се наоѓал во рамнина, то гаш чаршијата најчесто се наоѓала во средината на градот. Маалото претста ву ва административна единица со свој поглавар - коџобашија - кај христијаните и мухтавар – кај муслиманите кои ги регулирале внатрешните односи во маалото.

Секој град бил составен од повеќе маала. Разграничувањата на маалата е со помош на улиците. Во секое маало јасно бил издвоен маалски центар, кој речиси секогаш е во тенденција да се наоѓа во центарот на маалото. Главен белег на секое маало била маалската чешма. Во маалскиот центар, покрај чешмата, речиси секогаш се наоѓала и фурна (каде што се печел леб и јадења) и кафеана или чајџилница. Тука имало и клупи за седење најчесто под сенката на некое големо дрво. Секое маало си имало свое име, најчесто според ентитетот на населението кое живеело во него – турско, циганско, влашко маало и слично. Имало и маала што го добиле своето име според занаетот на повеќето од луѓето кои живееле во него. Или според некоја важна личност, или семејство кое имало лидерска функција во маалото (Поп-Милево маало).

**Улична мрежа**

Во овој период не постои регулација на улиците. Тие имале променлив тек и широчина. Тој специфичен регулациски систем на градовите им дава хуман белег. Неправилноста на уличната мрежа придонесува и за неправилности на другите елементи (регулациски линии, парцели и др.). Тешко можат да се разграничат улиците на главни и споредни. Меѓутоа, за главна може да се смета онаа улица што води кон чаршијата. Во градовите има и слепи улици (ќор-сокаци) кои воделе до некоја порта или куќа, влезно-излезни улици (најчесто со кратка и затворена перспектива) и улици темници (во вид на тунели над кои се граделе куќи во христијанските маала).

Системот на улици во градот може да биде линеарен (ако кон градот води една магистрална улица) и радијален (ако во градот се влеваат повеќе магистрални патишта).

Карактеристиките на улиците зависат главно од конфигурацијата на теренот и од маалото во кое се наоѓаат (христијанско и муслиманско). Од вториот фактор, пред сè ќе зависи формирањето на уличната кулиса. Куќите, пред сè, се индивидуални и можат да бидат слободностоечки или во низа. Во низа најчесто биле куќите во христијанските маала и ретко во некои посиромашни муслимански маала. Тие според непишани урбанистички правила, најчесто имале воедначена висина, додека во рамницата куќите можеле да избијат на улицата или да се во средината на дворовите. Во муслиманските маала куќите се оградени со високи ѕидови, или ако излегуваат на улица, тие се со минимални от-

вори. Партерот многу често е покриен со покрупни или поситни камени елементи, или улиците се директно делкани (во карпестите предели). Во пострмните улички се правеле скалички со назабувања со цел да се спречи лизгањето во зимскиот период. Во средината на уличките се правеле браздички во кои се собирала дождовницата. До портите во христијанските маала имало клупи на кои седеле жените и си прикажувале и воедно си вршеле ситни домаќински работи. Овие клупи служеле и како платформи за симнување од коњите и растоварање на стоката.

Македонските маала се формираат на стрмниот терен, каде што куќите се густо збиени, една до друга, со минимално дворче или градина пред влезот или зад куќата. Сепак теренот е правилно искористен бидејќи секоја куќа е поставена повисоко од онаа пред неа, а од збиената агломерација секоја има отворено лице кон сонцето и убавите погледи.

Ваквиот урбанизам не е регулиран со планови и прописи, но успеал да ги задоволи потребите на секој поединец, како и примарните постулати (непишани закони) на стариот градител на урбаната регулација. И покрај непочитувањето на праволиниските шеми, урбаното ткиво се развива во т.н. органски урбанизам. Распоредот на урбаните зони зависи од конфигурацијата на теренот. Секој поединец според своите материјални можности се бори за повеќе простор, како во ширина така и во висина. Правото на пристап и влез во куќата, правото на сонце и отворени погледи и правото на непречење на соседот се елементарни регулативи.

**Комунален систем**

Покрај снабдувањето со вода од градската чешма, куќите многу често имале и индивидуално снабдување со вода (со бунари). Поредок случај на индивидуално снабдување со вода е зафаќање на вода и формирање на покриени потоци кои течеле низ дворовите или низ куќите. Овие потоци на еден дел се отворале и од нив се црпело вода. Нечистата вода се истурала во каналот кој водел до нужникот кој на одредено време се чистел.

**Зеленило**

Градовите во овој период се со оскудно градско зеленило. За разлика од ова, во дворовите имаме изобилство од зеленило и тоа покрај високото има и доста ниско зеленило – цвеќиња.

Најчесто сите градови од овој период биле градени покрај вода (река или езеро). За заштита од водата, по бреговите, муслиманите граделе високо зеленило – тополи.

Најчесто куќите биле бондручни. Блокот со парцелите и улицата не биле зависни еден од друг. Блокот со сите парцели функционира сам за себе. Улицата го регулира блокот само по неговата периферија. Куќите односно парцелите во внатрешноста биле поврзани со врати (комши капиџици). За влез во блокот се користеле и слепи улици – ќорсокаци.

Постојат повеќе варијанти на организација на двор:

1. слободен двор со куќа во средината;
2. двор што се наоѓа под куќата (слободно приземје поради немањето доволно простор); ова двориште се нарекува и трем;
3. двор зад куќата (поради густата изграденост овие дворови имаат најчесто атриумски карактер);
4. двор пред куќата.

**Урбано зонирање**

Карактеристики на куќите од овој период:

- добра ориентација
- добри видици и општествено експонирање
- индивидуалноста
- добрососедство (со внатрешни порти)
- внесување зеленило во дворовите и преплетување со природата.

Две основни форми на волумени во овие градови се коцката и кубето. Тие се, всушност, симболи на две различни содржински функции. Кубусите се најчесто покриени со пирамида – покрив.

Во теоријата на симболите, квадратот ја симболизира земјата, а кругот вечноста (небото).

Триаголникот го симболизира стремежот. Овие три основни форми се претставени преку кубусите, куполите и пирамидите (покривите). Кубусот е место за индивидуално живеење, а кубето за јавно живеење. Симболична, а и доминантна функција во градот имаат камбанариите, кои се окружени со зеленило – цедруси.

Разгледувајќи ги работите во целина, во маалото, впрочем, индивидуално значење има црквата или џамијата. Куќите посебно немаат индивидуално значење поради нивното меѓусебно поврзување со капиџици. Исто така, во архитектурата на овие градови е значаен контрастот, кој се остварува со големи и мали елементи:

- мал покрив над портата - голем покрив над куќите
- голема пластика (доксат)
- мала пластика (чешма)
- голема порта - мала порта (капиџик)
- голем прозорец - мал прозорец (чашит пенџер)
- јавен простор (улица) - интимен простор (куќа, двор)
- улици со долги динамични ефекти - слепи улици со кратки динамични ефекти.

### Чаршија

Главен и централен дел во сите градови претставуваат чаршиите.

Тие може да се поделат на:

- **линиски тип чаршии** – една улица на која од двете страни се редат дуќани
- **сложен тип чаршии** – сплет од улици во кој сите улици имаат дуќани со одредена намена.

Старите дуќани биле најчесто приземни и со приближно еднаква квадратура. Подоцна над дуќаните се граделе мезанински простории (магацини) или работилници. Од надвор во дуќаните постоеле излог и врата (прозорски отвор кој порано не бил затворен со стакло туку со ќепенци). Ќепенците во текот на денот се отворале и се добивала хоризонтална површина на која занаетчијата ја изложувал својата стока. Подоцна ќепенците од дрвени се заменуваат со метални. Во чаршијата луѓето биле еднакви, без разлика на верата. Тие имале одредено работно време кое морале сите да го почитуваат, со цел да се спречи нелојалната конкуренција. Поради тоа саат-кулите се наоѓале најчесто во самата чаршија.







*Турска чаршија во Скопје*

- **линиски тип чаршија** – Охридска, Кривопаланечка
- **сложен тип чаршија** – Скопска со систем од улици и плоштади, делумно покриени. Дуќаните биле мали и убаво уредени. Во чаршијата имало и верски објекти, фонтани...

**Саат-кули** се високи објекти кои најчесто се наоѓаат во чаршијата, а поретко и во станбената зона на некое повисоко место. Овие објекти се градени со цел времето да биде видливо за сите (Саат-кулата во Прилеп).

**Пазаришта** се најчесто составен дел од чаршијата. Тие можеле да се наоѓаат централно или во периферијата на чаршиите; на влезот или на излезот од градот. Овие пазари не работеле секој ден туку само во одредени денови. Покрај главниот пазар имало и сточен и житен пазар, кои неморале да бидат во непосредна близина на главниот пазар.

## ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА СТАНБЕНАТА НАРОДНА АРХИТЕКТУРА

### Традиционална архитектура во Македонија

#### ОРГАНИЗАЦИЈА НА СТАНБЕНАТА ПОВРШИНА

**Конструкција:** Камено масивно приземје со визби на земјата и високо приземје од бондрук со простории за живеење.

Поделба на просториите за живеење: делење на станот на летен и зимски.

- Зимски стан: се наоѓа во масивното приземје или во меѓукатот, заедно со зимската кујна. Тука луѓето живеат и готват зимно време.

- Летен стан: се наоѓа на катот. Летните простории на катот се распределени околу чардакот.

**Македонската куќа развила три вида простории:**

1. Економска група простории;
2. Станбена група простории
3. Репрезентативна група на простории.

Економска група простории (простории за домаќинство и санитарни простории во дворот);

Во состав на оваа група простории се јавуваат следниве групи:
а) просторија за чување на добиток – се наоѓа во тремот
б) просторија за чување на зимница (зимник,
земник, потон)
в) просторија за чување на вино и ракија
г) просторија за чување на брашно и за месење леб (ноштви)
д) просторија за приготвување на храна.

**Станбена група простории** (зимски простории, со кујна во приземјето, односно во меѓукатот).

Оваа група простории е со многу згусната програма: јадење, спиење, одгледување деца, прием на гости и др. Сите овие функции се задоволуваат и се сместуваат на многу мал простор, кој е целосно искористен и флексибилен.

Во сите куќи во Македонија изградени во тој период постои една просторија која се вика куќа, во која се случуваат главните функции. Таа е исполнета со многу елементи.

Од страната на вратата постојат редица вградени долапи во кои се чувале: постелнина, јоргани, душеци, облека, садови за домаќинство, метли и др. Спроти вратата се наоѓа огништето кое не служи за приготвување на храна (освен за варење на кафе и млеко) туку за загревање на просторот. Огништето можело да се наоѓа на ниво на подот или подигнато за 40-50 см. Седењето е по принцип на ниско седење наследено од Ориентот. Седиштата се како душеци, не се фиксни, тие се меки елементи кои се виткаат во ролни и се чуваат во долапите. За седење тие се двојно свиткани, а за спиење се сосема испружени. За јадење се користела софра (кружна, ниска мала маса, со висина одоколу 30 см). Софрата била обесена на некој ѕид во куќата и се симнувала само за јадење.) Бидејќи со ваквата флексибилност на куќата се задоволуваат сите тогашни потребни функции, друга просторија во куќата и не била потребна. Понекогаш покрај оваа просторија наречена куќа, постоела и уште една просторија, наречена гостинска одаја.

Од средината на XIX век, бројот на просториите се зголемува, а бројот на функции се намалува – просториите се растоваруваат. Сега просторијата куќа во која има вода, оган и во која се готви храната се нарекува кујна и се придвижува кон економската група простории, а најмногу кон ноштвите.

Со зголемувањето на бројот на просториите, станбената група може да се подели на два дела:

- летен стан – во приземје или во дворот како летна кујна. Дворот станува дел од куќата и во него се вршат многу функции. Летниот стан некогаш може да се наоѓа и на првиот или вториот кат како во Крушево.
- зимски стан – го сочинуваат куќата, гостинската просторија, средната просторија. Овде се живее во зимскиот период.

**Репрезентативна група простории**

(летни простории, без кујна на катот)

Оваа група простории во куќата се појавува во текот на XIX век. Се користат само во одредени денови (свадби, крштавки, имендени, куќни слави). Овие простории имаат поголема површина од станбените простории и се полуксузни. Раскошно се наместени со: резбани таваници, музички инструменти (пијано, виолина, клавир); слики во маслена техника и фотографии од членовите на семејството, обесени на ѕидовите.

Покрај овие групи простории во македонската куќа има и санитарна група простории и комуникации.

Санитарната група простории е претставена преку нужникот. Тој кај македонската куќа се наоѓа под скалите, во ниша, во чардакот, во долап, а најчесто надвор од куќата во дворот.

Комуникациската група простории е претставена преку скалите и чардакот. Оваа група простории е најчесто директно поврзана со дворот или со тремот на куќата. Скалиштата се најчесто еднокраки или коленесто - ротациски (како „г"). Затоа велиме дека имаме линиско движење. Нивната положба може да биде најразлична (во самиот чардак, да избива на неговата периферија и слично). Скалите низ катовите најчесто немаат иста положба, со што се овозможува динамика во доживувањето на просторот – се отвораат нови перспективи во согледувањето на просторот на куќата. Скалите некогаш можат да бидат и тангенцијално обесени на фасадата или во недостаток на место, да бидат сместени во долап со ширина од 90 см.

Покрај скалите, и чардакот спаѓа во комуникациската група простории. Покрај станбената улога, има улога и за поврзување на просториите во самата куќа. Организацијата на куќата во голема мера зависи од неговата местоположба. Како значаен дел од станбената група простории, треба да се спомне чардакот (чардак – персиски збор со значење на место каде што се собираат луѓето – место на интеграција). Чардакот поприма станбена функција, особено во пролет, лето и рана есен. На него се спие, се везе, се вршат груби работи – чукање на пченка, се примаат гости и сл. Одозгора е целосно покриен и е вовлечен во масата на куќата.

### Конструктивни карактеристики

Може да се каже дека конструкцијата на македонската куќа е мешана. Таа претставува - комбинација на масивен и скелетен-систем (масивен - во приземните партии, скелетен - на катовите). Темелите и приземните делови на куќите обично се ѕидани со камен со дебелина од 50-80 см. Понекогаш каменот делумно или целосно може да се појави и на катовите, особено во пониските куќи (пр. Галичник, Лазарополе и др.). Ѕидовите од камен се израмнуваат и се поврзуваат со дрвени серклажи што обично се поставуваат на растојание од 80 см. Ѕидовите од камен најчесто не се малтерисувале поради нивната отпорност на атмосферски влијанија. Каменот се употребува како кршен, полуделкан, делкан и останува видлив, фугиран со вдлабната фуга или исфрлена фуга. Така рустично обработеното приземје изгледа потешко во однос на катовите, што е и логично, бидејќи тие ѕидови ги носат конструкциите што се развиваат над приземјето. За градење на приземните ѕидови кај рамничарските куќи честопати се употребува и ќерпич, особено ако куќите се приземни, кај кои ѕидовите се малтерисуваат и бојат. Конструкцијата од која се изработени катовите, а понекогаш и целата куќа се нарекува бондрук конструкција. Тоа е скелетна дрвена конструкцијакоја се состои од хоризонтални и вертикални дрвени греди зацврстени со косници. Од внатрешната и надворешната страна на дрвениот скелет се заковани штички, врз кои се нафрла малтер од двете страни. Целата дебелина на еден ваков ѕид изнесува 18-20 см. И претставува комбинација на две платна со воздушен слој - доста лесна конструкција и со добри изолациски својства. Понекогаш просторот помеѓу штичките се исполнува со ќерпич или со песок и кал, со што се добивало потешка конструкција со помали изолациски својства. Ѕидните платна се конструкции составени од вертикални елементи-столбови поставени на растојание од 2 аршина = 70-75 см во горната и долната зона поврзани со хоризонтални и вертикални греди, а негде за зголемување на крутоста поврзани со косници. Во ваквата конструкција без проблем се оставале прозорски отвори и отвори за врати.

Одредени делови на бондрукот, како што се вертикалните греди по аглите околу прозорците и челата на меѓукатните конструкции, делови каде што малтерот слабо се задржувал, се опшивале со штици. Опшивите имаат само функционална улога, а со нив народните мајстори го покажувале својот искрен однос кон решавањето на овие навидум ситни детали. Од друга страна опшивите естетски ја збогатуваат фасадата. Тие со својата темна патина претставуваат контраст на белите и светлообоените ѕидни површини.

Бондручната конструкција овозможува испуштање на дел од катот или на цел кат, па и на погорните катови, од линијата на приземјето. Самото испуштање на катовите настанува поради недостиг на градежен простор и има функционална оправданост - ја исправа основата на приземјето, која честопати следејќи ја улицата има неправилни форми, потоа ги проширува просториите на катот давајќи им правилни облици и овозможува поставување на прозорци од двете бочни страни. Овие испусти наречени еркери, ако се поголеми или ако не се во правец

на меѓукатните греди тогаш се потпрени со конзоли или косници. Косниците честопати се голи, а можат да бидат опшиени со штички со разни профилации, врз кои се нафрла малтер. Во муслиманската куќа еркерот не се јавува од практични причини, туку од естетски, за разбивање на волумените.

Како носечки конструктивни елементи, во македонската куќа се јавуваат и слободно поставените дрвени столбци. Дрвениот столбец доколку се наоѓа на приземје - се поставува на камен вкопан во земја. На горната страна на столпци се поставува дрвен обично профилиран капител наречен астук, преку кој се поставува хоризонтална греда врз која се потпираат гредите од таванската конструкција.

Поради климатските услови без поголеми врнежи од снег, покривите се прават со благ наклон, освен во планинските села каде што се пострмни. Покриени се со керамида, камени плочи или слама, што зависи од местото за градба и материјалот со кој се располага. По планинските населби куќите обично се покриени со камени плочи – шкрилци, а по рамничарските со керамиди. Најчесто е применуван системот столица, а поретко висулка. Самата покривна конструкција се испушта од рамнината на ѕидовите често до 150 см. И повеќе во вид на стреа без олук, со видливи рогови. Така истурената стреа ги заштитува фасадите од атмосферска вода, а воедно служат и како брисолеи од јакото летно сонце.

Меѓукатните конструкции се изведени од дрвени греди. При селските куќи , особено во приземните простории, гредите се оставаат видливи. Таваните најчесто се обложени со штици чии цостави се покриени со дрвени лајсни. Подовите се од штици или од набиена глина. Во побогатите куќи се поставуваат таваници изработени во резба, кои сами по себе претставуваат извонредни уметнички дела од нашето копаничарство.

Скалите се секогаш дрвени и тоа најчесто на образни греди. Скалите може да се исфрлени нанадвор на конзоли.

Оџаците се состојат од стебло и глава како завршеток. Тие може да бидат со кружен, правоаголен или квадратен пресек. Самите завршетоци се образуваат на различни начини и претставуваат богатство на облици и решенија, кои придонесуваат за живописноста на завршетоците на старите куќи. Најчесто се градени од ќерпич или од камен. Најчесто оџаците се поставени на надворешен ѕид, поаѓаат од катот и се исфрлени кон надвор од ѕидната површина, со испуштање на греди прифатени на конзоли. На тој начин, оџаците ја збогатуваат пластиката на фасадите.

### Ентериерно уредување

Македонската куќа во XIX век ентериерно била уредена со стил карактеристичен за целиот Балкан. Старата градска архитектура создала единство со грижлива стандардизација на проектантски и градежни методи, а материјалот се слеал во ликовно единство.Без оглед на политичката потчинетост во Османлиската Империја, Македонија ја чува својата културна традиција. Во XIX век се извојува националната слобода. Од друга страна, преку стопанскиот успех во трговијата и занаетчиството, заедно со материјалните средства од Европа, се преливаат и влијанија на општествените односи. Тогаш Македонецот носел европска облека (ала франга) и се забавувал на европски начин. Сето тоа се одразувало врз програмата на македонската куќа. Додека во куќата на Ориентот се клечело, се седело на под или се лежело, во македонската куќа се стоело или се седело на стол. Големиот чардак и другите одделенијата за репрезентативни приеми имале високи седишта - минсофи, наместо миндерлаци. Покрај минсофите биле распоредени мали, подвижни масички за послужување, а средината на просторијата останала и натаму празна. Просторите за живеење понекогаш биле растурени меѓу станбените простори и одделенија за домашна економија. Во оној момент кога овие три елементи ќе се соберат во единствен простор, ќе се создаде прототипот на модерната кујнска батерија.

Во македонската куќа се открива и посебен архитектонски израз. Во ентериерот ориенталната арабеска е заменета со домашна дрворезба. На таваните, сергените и вратите, на килимите и другиот текстил, орнаментиката е автохтоно - македонска. И во фасадната обработка, ориенталната флорална декорација е заменета со локална културна традиција и европски барок, пресоздаден во дрво. Вакви македонски куќи од XIX век сè уште постојат во македонските градови.

# РЕГИОНАЛНИ ПОСЕБНОСТИ ВО СТАНБЕНАТА НАРОДНА АРХИТЕКТУРА

## Специфики во архитектонското обликување кај одделни градови во Македонија

И покрај општите карактеристики заеднички за сите градови во Македонија, како што се етничкиот фактор, релјефот и друго, се јавуваат одредени специфики во поодделни градови во Македонија.

### *ОХРИД*

**Местоположба**

Лихнидус (Lychnidus) е антички назив за најстариот град во Македонија, градот Охрид, стар околу 2500 години. Се наоѓа на брегот на Охридското Езеро во југозападниот дел на Македонија.

**Население и етнички состав**

Во XIV век, кога Турците го освоиле Балканот и го зазеле градот, се населиле во рамнината околу езерото и повнатре кон север, оставајќи ги христијаните на ридовите, во и околу тврдината. Во овој период ќе се создаде староградска архитектура која и денес восхитува со својата убавина и функционалност.

**Ориентација**

Карактеристичниот релјеф на стариот град му овозможил извонредна ориентација југ - исток со прекрасни погледи кон езерото, максимално осончен.

**Урбанистичко решение**

Во тесните и густо населени улици, карактеристични се честите движења на масите со пробивање на куќите по висина, со цел да ги надвиснат куќите од преку улица, за да добијат убав поглед кон езерото. Чаршијата е линиски поставена со дуќани од двете страни на улицата.

**Општи карактеристики**

Општа карактеристика на христијанските куќи во Охрид ќе биде нивната мала површина во приземните делови и развивање во височина. Факторот градилиште ќе влијае во толкава мера што наполно ќе се исклучи шаблонизирањето на основата. Таа обилува со варијации и свои содржински карактеристики.

**Градежен материјал**

Импресионира вештината на народниот мајстор во максималното искористување на расположливиот градежен материјал, каде што неправилноста на парцелата и приземјето воопшто не му пречат при формирањето на катот или катовите, со простории со правилен облик. Во крајбрежниот дел, дури има и случаи на ослободување на приземјето на куќата за улица и нејзино покривање со кат, односно улица темница.





*Улица темница*

**Внатрешната организација**

Во внатрешната организација поделбата на групата простории е изведена по вертикала:

- *групата за домашна економија* е сместена во сутеренот добиен со теренска стрмнина а ако нема таква, тогаш е во масивно камено приземје. Овде спаѓаат сите видови зимски остави: просторија за складирање на гориво (дрва и ќумур), просторија за чување зимница (вино и ракија, туршија, конзервирани плодови), просторија за чување брашно, месење леб (ноштви) и приготвувањехрана.
- *групата за живеење* се состои од две до три одделенија кои ги задоволуваат сите потреби за дневен престој, готвење, јадење и спиење. Една одаја (кујна) со претпростор во приземјето, а можна е појава на уште едно одделение сместено на меѓукатот како работна кујна. Чуден е фактот што за да се прошират ре презентативните одделенија, многу често се скратувала станбената група простории, така што готвењето се ели минирало и се поврзувало со аголот за нечиста работа создавајќи кујна со минимални димензии, прототип на современата кујнска батерија.
- групата за репрезентација и летен престој опфаќа една до две простории и чардак. Се наоѓала на последниот кат затоа што била најмалку фреквентна.

Просториите секогаш имале форма на правилен четириаголник, без оглед на не-правилното градилиште. Некои охридски куќи имале соби на мансардата, кои прет-ставуваат скратен трет кат (белведере). Секако дека ги има и со многу побогата содржина, каква што е Куќата на браќата Робевци.



*Куќата на браќата Робевци.*

**Надворешно обликување**

Во надворешното обликување се внесуваат европски декадентни елементи: плитка резба, извиени тимпни, конзоли, нелогични декоративни имитации на класичниот столб со капител, барокни тимпанони, покривен венец во вид на корниз компониран од облини во вид на ехинус и сима.

**Најкарактеристични типови куќи**

1. Големи куќи (палати)
   *- Куќата на Робевци*

Оваа куќа е ремек-дело на традиционалната македонска градска архитектура. Се наоѓа во стариот дел на градот. Куќата е изградена во 1827 година за познатото охридско семејство Робевци од градителот Тодор Петков, а таваните и другиот ентериер се украсени со резба од познатите мијачки мајстори. Ова е братска куќа која се протега на четири нивоа. Денес во неа е сместен Народниот музеј на Охрид.

2. Куќи градени на локација со мала површина

*- куќи печурки*



*Охридска куќа*

Овие куќи се со форма обратна од пирамида – мало приземје и катови чија површина прогресивно расте.

3. Куќи на рибарските закупци.
   *- рибарски куќи*

Овие куќи биле градени покрај езерото и имале издолжена форма. Приземјата на овие куќи биле со поголема висина и биле оспособени за складирање на рибарски мрежи.

**Урбанистичко решение**

Како и во повеќето македонски градови така и во Крушево, чаршијата заземала централно место, кон кое се слевале сите маалски улици.

Објектите се слободно стоечки и органски ја следат градската локација, создавајќи агломерациски венец со затворена контура. Куќите со своите подолги оски ги следат изохипсите на теренот и со своите примарни фасади се експонираат кон слободните визури.

**КРУШЕВО**

**Местоположба**

Крушево е највисокиот град на Балканскиот Полуостров. Се простира амфитеатрално во котлина со потковичест облик, отворена од источната страна, заштитена од ветрови и максимално осончана.

**Население и етнички состав**

Градот ја добил денешната форма со доаѓањето на Власите од Москополе и Мијаците од околината, во текот на XVIII век. Заедно со Власите во Крушево дошле и поголем број православни Албанци кои во текот на историјата се повлашиле.

**Општи карактеристики**

Крушевската куќа е градба од затворен тип, приспособена кон климатските услови. Таа е наменета само за едно семејство. Во крушевската куќа се стремело основата да има правилна геометриска форма, иако ретко се случувало да се јават и неправилни основи. Најстарите куќи имаат квадратна или приближно квадратна основа, но подоцна тие стануваат правоаголни при што подолгата страна е паралелна со изохипсите на теренот. Се граделе и куќи со прекршени основи и тоа најчесто во Г форма. Стрмниот терен не дозволува развивање по хоризонтала туку по вертикала, и тоа П+1 или П+2 ката.

**Конструкција и материјал:**

Приземјето од обработен камен било јака база за горните партии изведени од бондрук – дрвена конструкција. Приземните камени ѕидови од некои страни на објектот продолжуваат до покривот, со што се постигнува добра термичка заштита.

**Внатрешната организација**

Куќата се развива во три нивоа, катови:

- групата за домашна економија се наоѓа на првото ниво
- групата за живеење се наоѓа на второто ниво
- групата за репрезентација се наоѓа на третото ниво.

**Надворешно обликување**

Надворешноста на крушевската куќа е слика на внатрешниот простор.

Елемент кој претставува поврзување со старата куќа - чардаклија е лоѓијата (балконот) која на соодветен начин го надоместува отсуството на отворениот чардак. Катовите биле еркерно исфрлени. Одоздола нагоре куќната силуета се проширува скалесто и завршува со покривна конструкција, каде што доминира триаголниот фронтон кој ликовно и обликовно ја збогатува надворешноста на објектот. Прозорските отвори биле со правоаголна форма. Во приземјето биле поставени по еден прозорски отвор, затворен со решетки, а на катовите биле групирани во група од два или три прозорци.

Фасадите биле боени и тоа најчесто со бела, сина, сива и кафеава боја.

Главниот влез во куќите се наоѓа на најниската кота од страна на дворот со аксијална позиција. Од главниот влез се влегувало во затворен трем кој овозможувал контакт со економските простории во приземјето. Во тремот имало скали што воделе до затворениот чардак кој се наоѓал веднаш над тремот на првиот кат.

Од него се влегувало во просториите за дневен престој и приготвување на храна и во одаите за спиење. На вториот кат се наоѓал репрезентативен затворен чардак кој бил врска со гостинските соби и со лоѓија балконот.

**Најкарактеристични типови куќи**

За крушевската куќа може да се каже дека постојат две стандардизирани решенија:

- *симетрично решение*, со централен чардак и стан развиен во високо приземје и кат. Оваа симетричност била потенцирана со аксијалноста на влезот, балконот, триаголниот фронтон, односно нивната поставеност во една линија. Основата на куќите најчесто била квадратна или правоаголна;
- *асиметрично решение*, со чардак на агол и стан развиен на прв и втор кат. Просториите се редат околу чардакот кој излегува надвор од контурата. Поставувањето на портата на агол овозможува перспективно согледување на куќата.

**Специфики во архитектонското диференцирање**

- одвојување на водникот од кујната
- појава на сандак-одаја во летниот стан покрај спалната
- појава на џамлак во гостинската одаја
- балкон со триаголен фронтон, ограда од ковано железо и барокни еркери
- специфичен прозорски опшив
- покрив од камени плочи



*Крушевска куќа*

**ВЕЛЕС**

**Местоположба**

Велес е град во централниот дел на Република Македонија, кој се наоѓа на двата брега на реката Вардар над Велешката Клисура.

**Население и етнички состав**

Од крајот на XVIII до почетокот на XX век, за време на владеењето на Отоманската Империја како резултат на миграцијата на неимарските тајфи, во Велес се зголемува христијанското население. Меѓу населениците имало трговци, занаетчии, зографи и градители кои придонеле Велес економски да се зајакне и трговски да се развие во град со организиран урбан живот.

**Урбанистичко решение**

Тука се развива специфична градска архитектура. Куќите се амфитеатрално поставени од двете страни на реката Вардар, честопати надвиснати над самата река, па дури и смело над амбисот.

**Општи карактеристики**

Велешката куќа спаѓа во типот на високи куќи кои се развиени во две до три нивоа. Причина за тоа била релативно сложената и богата програма која требало да се смести во изразито стрмниот терен. Теренот создава тесна локација, па затоа се граделе куќи во височина, со цел да се дојде до ниво каде што може да се развие по широчина. Велешката куќа се карактеризира со високо приземје, мезанин помеѓу приземјето и катот, двокатни потони кои го опфаќаат приземјето заедно со мезанинот во висина. Ако нема мезанин, приземјето ќе добие голема висина, понекогаш и до 4 м.



*Крушевска куќа*



*Куќата на Васил Главинов*



*Куќата на Кочо Рацин*

**Конструкција и материјал**

Приземјето од камен и катови изведени од бондручна-дрвена конструкција.

**Внатрешна организација**

4. Во масивното *приземје* се сместува влезната партија (трем и двор) и групата за домашна економија (потон, штала), но и економски влез.
5. Во *мезанинот* или *првиот кат* е сместен зимскиот стан.
6. Вториот кат е летен стан кој истовремено служи за спиење на помладите членови на семејството, и во летниот и во зимскиот период.
7. Во куќата во изолиран простор, покрај скалите се сместува клозет.

**Надворешно обликување**

Куќите имаат симетрични или асиметрични фасади. Тие се карактеризираат со големи прозорски отвори. Куќите завршуваат со триаголно прекршување на покривниот венец.

**Најкарактеристични типови куќи**

Постојат две карактеристични решенија:

- прво решение: вертикално високи.
- второ решение: хоризонтално високи.

Прво решение - развивање на куќата во три нивоа:

1. Приземје - овде е сместен влезниот двор или трем и еден, два или повеќе потони
2. Мезанин - овде се развива зимски стан и затворен воздушен простор на потоните
3. Кат - летен стан со комплетно развиена станбена програма. Понекогаш поради големиот пад на теренот, потоните и дворот го зафаќаат целиот долен кат со влез од долната страна, односно улица. До мезанинот се доаѓа со вертикални комуникации, но и однадвор од друго ниво. Во горниот кат се доаѓа од горната улица.

***Второ решение*** - приземје со голема висина и кат со број на потони со онолку одаи колку што има на катот, или еден потон и широко развиен кат.

Специфики во архитектонското диференцирање:

- силно расчленета просторно волуменска структура
- отцепување на чардачни простори-видиковци и создавање на троњ поврзан со мост за матицата,
- архитектонско и обликовно присоединување со природата (никнува од карпа),
- јаки еркерни испусти потпрени на оградни ѕидови,
- најчесто куќата има два влеза: од горната улица директно во станот и од долната улица во економскиот дел,
- приклучување на нужникот во куќата,
- насоченост на станот кон улицата, а на отворениот чардак кон дворот,
- криење на косниците од еркерот со опшив од штици и малтерисување,
- барокно развивање на поривниот венец, осликување со фреско декорација на небо, и силно испуштени стреи.

***СТРУМИЦА***

**Општи карактеристики:**

**Особени белези**

- тенденција кон симетричност на основата и фасадата
- лачни низови кај меѓустолбните распони на чардаците
- појава на јатакл покрај одајата за дневен престој.

Струмичката куќа спаѓа во групата отворени чардаклии. Отворениот чардак се протега покрај целата куќа или се разгранува во повеќе краци меѓу одаите, со што се обезбедува провев, неопходно за ова топло поднебје. Одаите се повлечени во сенката на чардакот и низ него се проветруваат и осветлуваат.

Куќите што се сместени на ридот имаат по два влеза, и тоа на приземјето и на ка-



*Изглед на струмичка куќа*

тот директно од теренот, а рамничарските само по еден влез.

***ТЕТОВО***

**Христијанска куќа во Тетово**

Куќите во Тетово се густо збиени една до друга и припаѓаат на групата полуотворени чардаклии. Релацијата меѓу куќата, улицата и дворот е разновидна во зависност од случајот:

- куќа во улична низа со широк фронт и централно поставен ајат, т.е. отворен трем
- куќа на уличен фронт со бочен ајат
- куќа на агол, без двор, со ајат во аголот
- слободно стоечка куќа, повлечена во дворот со централно поставен ајат и др.

Карактеристично е што чардакот најчесто е отворен, поставен по должината на челната фасада, наткриен со триаголен тимпанон над доксатот. Забележителни се малите еркерни испусти со убаво обликувани косници и специфично обликуваните отвори на чардакот. Станот е развиен во три нивоа.



*Тетовска куќа*

***КРАТОВО***

Со своите мостови, остатоците од кули од некогашната тврдина и старите македонски куќи збиени во тесни сокаци, Кратово има единствен изглед на средновековен град. Во поглед на ситуацијата се среќаваат слободно поставени куќи чии помошни простории се во дворот и куќи во низа со помошни простории сместени во приземниот трем.

Основни белези на куќата се:

- голема слобода во концепцијата на основата
- висок степен на опременост на сите одаи
- присуство на нужник (але) и бања (амам) во куќата
- влез во станот со надворешни скали или преку скали во тремот од приземјето.



*Шанчева куќа*

**Муслиманска станбена куќа**

***ТЕТОВО***

Симетријата е основен композициски белег. Куќата е на приземје и кат со харемаук и селамлак во приземјето. Како резултат на високо развиеното чувство за хигиена, се среќаваат два вида санитарни уреди:

*внатрешни

- водникот во мутвакот (кујна), кој служи за миење садови,
- абдестхане - вид водник сместен во ајатот во приземјето и на чардакот на

катот, кој служи за миење на рацете и нозете
- амамџик-бања која ја има во секоја одаја во состав на ентериерните вградени елементи. Миењето и бањањето се со полевање.

*надворешни

- надворешната водена батерија содржи просторија за перење алишта, чешма, летен мутвак и клозет, но како одраз на повисок стандард се забележува појавата на клозет во состав на куќата.

Одбраните материјали за градба и конструктивниот состав се во рамките на високите квалитети на традиционалното градежништво и зрелиот архитектонски израз. Куќата поседува комплетна содржина за домување, со задоволување на сите услови за комфорно живеење.

***ДЕБАР***

За разлика од другите муслимански куќи, дебарските се повисоки, со приземје и два ката. Поради убавата клима во Дебар, овие куќи служеле како беговски конаци, а програмата им е следна:

- околу тремот, кој може да биде отворен или затворен, во приземјето се сместени одделенијата за домаќинство и послугата
- основата е правоаголна во однос на страните 1 : 2,5
- на катот чардакот излегува за околу 2,50 м од ѕидната рамнина придржуван од диреци



*Изглед на дебарска муслиманска куќа*

- ако зградата има и втор кат, горниот чардак излегува над долниот на челик, со благо прекршена полигонална линија како завршен елемент, кој ја доврршува убавата слика.

Кај побогатите програми, харемот е одделен со ходник. Понекогаш се градела и посебна зграда, поврзана со селамлакот преку лоѓија. Кај конакот на Авзи-паша во село Бардовци во Скопје, тие две згради биле поврзани со мост. Во внатрешноста застапена богата декорација од резба, ѕидно фрескосликарство, плиток релјеф во штуко, обоена дрвенарија и др.

## РУРАЛНА СТАНБЕНА АРХИТЕКТУРА

### Селска архитектура

Развитокот на селската куќа е подложен на решавањето на двете основни функции: домување и стопанисување. Затоа, наједноставниот облик на куќа ги прибира под ист покрив луѓето и добитокот, каде што една просторија е куќата поврзана со пондилата.

Во натамошниот развој се збогатува содржината со простории наречени клети, а со подигањето на станбените простории: куќа, одаја и чардак, на катот, во приземјето остануваат стопанските простории: трем, клет и пондила. Завршната фаза на куќата претставува куќа со приземје и кат (зимски стан - приземјето и летен стан - кат). Стопанскиот дел е во посебен дел: штала, плевна, кочина, амбар, летна кујна, бунар и нужник во состав на селско-стопанскиот двор. Применуваниот материјал стандарден: камен, глина и дрво за изградба, а за изработка на сите елементи од покуќнината: скали, огради, под и чардак, дрвото е основен материјал. Подот во одаите е од набиена земја, додека ѕидовите и таваните се малтерисани и варосани.

Внатрешниот простор е сосема скромно опремен: со огниште во куќата, неколку долапи и полици, кревети и неколку триножни столчиња.

Куќата ликовно и архитектонски се експонира само со својата јужна фасада (куќи од Скопско Поле и Скопска Црна Гора).



*Галичка куќа*



*Куќа во Лазарополе*

***ГАЛИЧКА КУЌА***

Галичник е планинско село во Западна Македонија, на падините на планината Бистра, со задржана традиционална архитектура на куќи изградени на два и три ката од камен. Македонците што живеат во овој крај се нарекуваат Мијаци според племето од каде што потекнуваат. Најзначаен настан во селото е Галичката свадба, традиционална групна венчавка во селото на Петровден (Свети Петар) втората недела во јули. Учесниците на свадбата се облечени во традиционална мијачка носија, а една од најпознатите игри, придружена со зурли и тапани, која се изведува за овој настан е „Тешкото, симболизирајќи го тешкиот живот на печалбарите.

Галичката куќа претставува типичен пример за планинска селска куќа. Поради косиот терен, куќата се развива на повеќе нивоа, а најчесто приземје и два ката, при што секој кат има посебен влез директно од теренот (покрај внатрешните скали). Добитокот е сместен во самиот објект, така што во приземјето се клетот и тремот, додека на катот се простории за подготовка на јадење и престој (куќа и одаи).

Бидејќи семејствата биле повеќе члени, содржината се повторува и на вториот кат, кој е збогатен со чардак. Чардакот е затворен заради острата планинска книга, но има голем број прозорци, чии ќепенци може да се тргнат летно време. Целиот објект е изграден од локален материјал, камен. Исклучок е чардакот, кој целиот од дрво, како и вратите, опшивките на аглите и меѓукатовите, со што се олеснува целата конструкција. Меѓукатната и таванската конструкција се дрвени, а четириводниот покрив е покриен со неправилни плочи од глинест шкрилец.

**КУЌИ ВО ЛАЗАРОПОЛЕ**

Лазарополе е прекрасно мијачко село во пазувите на планината Бистра на надморска височина од 1350 метри во близи-на на градот Дебар. Првпат се спомнува во Кодикот - книга на дарители на мана-стирот Слепче во втората половина на XV век. Обилува со стара македонска архитектура, куќи градени од камен кои личат на средновековни тврдини. Една од најпознатите личности од селото е Ѓурчин Кокале, ктитор на црквата Свети Ѓорѓи во Лазарополе.

Лазарополе настанало од раселените жители на две позначајни и познати селски населби. Првото е Главино Село кое се наоѓало на северозапад од Лазарополе и за кое се претпоставува дека било главно село во Мијачијата. Остатоци од ѕидови и темели од куќи на ова село се уште се видливи на неговата локација. Второто село е Лопушник кое се наоѓало на исток од денешно Лазарополе, а од него останало само неговото име на една месност во Јама. Трагајќи по стари исто-риски извори за потеклото и подалечното минато на Лазарополе, дознаваме дека тоа од своето постоење било населено со Македонци од православна вероиспо-вед. Жителите на ова село припаѓале на познатото словенско племе Мијаци. Во структурата на животот на Мијаците има-ло племенски совет. Во секое село имало племенски главатар. По разни поводи го повикувале народот на собор.

## ОПШТЕСТВЕНИ ОБЈЕКТИ

### Манастирски комплекси

Според бројот на манастирите, Македонија е на прво место на Балканот (155 зачувани манастири и 90 во урнатини). Интензивно манастирите почнуваат да се градат по доаѓањето на првите македонски и словенски просветители св. Климент и св. Наум. Најстарите цркви и манастири биле подигнати во Охрид. Овде манастирите биле и првите училишта каде што биле поставени темелите на словенската писменост. Од овој период значајни се манастирите Св. Архангел (Св. Наум) и Св. Пантелејмон кој го подигнал св. Климент. Подоцна изградбата на манастирите продолжила во сите краишта на Македонија. Манастирите во Македонија биле книжевни центри и развиле голема препишувачка дејност. Во нив масовно се развил монашкиот живот. Тоа биле учени луѓе од кои повеќето престојувале во светогорските манастири.

Во новоформираните квартови на македонските градови, видно место зазема сакралната архитектура. Црквите се најчесто трикорабни базилики со галерија на катот и тремови на приземјето.

Благодарение на новосоздадените општествено економски прилики кои биле резултат на развитокот на занаетчиството и трговијата, кон средината на XIX век се создаваат услови за засилена архитектонска дејност. Султанот им овозможува на своите поданици извесни граѓански права, верска и економска слобода, така што збогатеното македонско население инвестира во градењето школи и издавање на учебници, со што се шири писменоста меѓу народот. Тоа е времето на големите просветители и преродбеници Кирил Пејчиновиќ, браќата Миладиновци, Рајко Жинзифов.

Интензивно се обновуваат и се градат манастирски комплекси, во чиј состав покрај црквата спаѓаат и конаци, кујна, трпезарија, стопански (производствени) простории, чешма и друго. Меѓу најзначајните и најубавите се манастирските комплекси:

- Св. Јоаким Осоговски крај Крива Паланка
- Марков манастир во село Сушица, Скопско
- Св. Јован Бигорски на Радика кај Дебар
- Лесновски манастир крај Пробиштип.

Ваквата градителска програма е дело на голем број мајстори градители здружени во мајсторски тајфи, кои работеле според денешниот систем од целосна изградба на објектот до нивно внатрешно уредување. Најпознати се тајфите на Андреја Дамјанов (црквата во манастирот Св. Јоаким Осоговски, црквата Св. Богородица во штипско Ново Село и голем број станбени и верски објекти на територијата на Балканот и пошироко), како и онаа на Ѓорѓи Новаков Џонгар (црквата Св. Никола во штипско Ново Село). Големо внимание се посветува на декорацијата на ентериерите, а особено на иконостасите. Исклучителните достигнувања на нашите зографи и копаничари Нестор Алексиевски, Дичо Зограф и многу други на иконостасите на црквата Св. Спас во Скопје, црквата на манастирот Св. Јоаким Бигорски и црквата на Лесновскиот манастир, се познати далеку и надвор од нашите граници.



*Марков манастир*



*Св. Јоаким Осоговски крај Крива Паланка*

# ВИЗУЕЛНА УМЕТНОСТ ВО МАКЕДОНСКАТА НАРОДНА АРХИТЕКТУРА



*Фреска од Папрадишки во Св. Јоаким Осоговски*

Македонските зографи кои работеле кон крајот на XIX век ги поставиле и основите на македонското профано сликарство. Сликале портрети, композиции со историска тематика, и битови теми од македонскиот живот. Најпознати сликари во овој период биле: Димитар Андонов Папрадишки, Ѓорѓи Зографски и Коста Вангелов.

Димитар Андонов Папрадишки бил последниот македонски зограф, а истовремено и првиот македонски профан, нерелигиозен сликар во Македонија. Познат е и како историски сликар и портретист. Роден бил во 1859 година во село Папрадиште, Велешко, а се школувал во Русија. Тој сликањето на фреските го прави со стемнета палета на бои и прекумерна стилизација. Димитар Андонов Папрадишки, во својот долг и плоден творечки живот насликал повеќе од 1200 икони за околу 100-тина цркви во Македонија и Србија, со што се смета за еден од најпродуктивните Македонски зографи.





*Слики Автопортрет и Нишалка на Димитар Андонов Папрадишки, последниот македонски зограф и првиот сликар*

Истовремено во профаното сликарство се издигнал на врвот како последен македонски зограф и прв современ сликар во поновата македонска уметност.

Коста Вангелов е роден во 1875 во Штип а бил македонски зограф и сликар. Тој е еден од првите македонски сликари. Се школувал во Софија, а работел во Македонија и Србија.

Ѓорѓи Зографски бил македонски зограф и сликар. Роден бил во село Папрадиште, Велешко во 1871 година, како потомок на познатата зографска, резбарска и градителска фамилија на Дамјан Јанкулов од Тресонче. Тој покрај икони сликал и ѕидни фреско декорации по куќите на богатите семејства и портрети на познати Македонци коишто живееле и работеле во Софија. Неговите дела се наоѓаат во црквите и манастирите во Македонија, Србија, и Бугарија.



*Папрадишко-велешки црковни градители, зографи и резбари од Зографски*



*Богородица со Христос - Пантонхара, 1844 год. Дичо Зограф Тресонче Св. Јован Богослов-Канео во Охрид*

## ЗАПОМНИ

Структурни елементи на градовите се: маала, улична мрежа, чаршија (дуќани), зонирање. Градовите се формирани од голем број станбени реони, таканаречени маала, како основни урбанистички целини во чиј состав се наоѓаат објекти за задоволување на заедничките потреби на жителите: фурна, црква, продавница, чешма и помали плоштади.

Карактеристики на куќите од овој период се: добра ориентација, добри видици и општествено експонирање, индивидуалноста, добрososедство (со внатрешни порти), внесување на зеленило во дворовите и преплетување со природата..

Традиционалната архитектура во Македонија е изградена со конструкција од камено масивно приземје со визби и високо приземје од бондрук со простории за живеење. Просториите за живеење се делеле на летен и зимски стан. Зимскиот стан се наоѓал во масивното приземје или во меѓукатот заедно со зимската кујна. Летниот стан се наоѓал на катот со простории распределени околу чардакот.

Македонската куќа во XIX век ентериерно била уредена со стил карактеристичен за целиот Балкански Полуостров.

И покрај општите карактеристики на народната архитектура, кои се заеднички за сите градови во Македонија, како што се конструкција од камено масивно приземје и кат од бондручна конструкција, се јавуваат одредени специфики во одделни градови во Македонија.

Општа карактеристика на христијанските куќи во Охрид е нивната мала површина во приземните делови и развивање во височина.

Крушевската куќа е наменета само за едно семејство. Основата има правилна геометриска форма, иако ретко се случувало да се градат и куќи со неправилни основи.

Велешката куќа спаѓа во типот на високи куќи кои се развиени во две до три нивоа.

Струмичката куќа спаѓа во групата отворени куќи со чардак.

Тетовските христијански куќи се полуотворени куќи со карактеристичен чардак најчесто отворен, поставен по должината на челната фасада, наткриен со тријаголен тимпанон над доксатот.

Тетовските муслимански куќи се симетрични куќи со приземје и кат составени од два дела: харемлак и селамлак.

Селската куќа е градена да ги задоволи двете основни функции: домување и стопанисување. Станбените простории: куќа, одаја и чардак се наоѓаат на катот,а во приземјето стопанските простории: трем, клет и пондила во кои живееле животните.

Македонија е земја со најголем број манастири кои интензивно се градат по доаѓањето на првите македонски и словен ски просветители св. Климент и св. Наум. Најстарите цркви и манастири биле подигнати во Охрид. Овде манастирите биле и првите училишта каде што биле поставени темелите на словенската писменост.

Најпознати профани сликари биле: Димитар Андонов Папрадишки, Ѓорѓи Зографски и Коста Вангелов.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Неолитските заедници во Република Македонија.
   автори Г. Наумов, Љ. Фиданоски, И.Толевски, А. Ивковска.
2. Општа историја уметности 2
   автор Џина Пиксел
3. Велике архитектуре света
   Автор Марјан Тисак д.о.о.
4. Древне цивилизације
   автор Фабрио Боурбон
5. Повјест архитектуре
   автор Раде Чокич
6. Фиренца
   автор Константино Гузра
7. архитектурата, скулптурата и сликарството на новиот век
   автор Михаил Токарев
8. 100 години модерна архитектура
   автор Михаил Токарев
9. Османлиски споменици во Скопје
   автор Лидија Кумбараџи Богоевиќ
10. Архитектура средњег века
    автор Ѓурѓе Бошковиќ
11. Историја на архитектурата на стариот век
    автор Сава Бобчев
12. Македонска куќа
    автор Душан Грабријан
13. Македонска народна архитектура
    автор Сотир Томовски
14. Споменици на културата на Македонија
    автор Коста Балабанов, Антоние Николовски, Димитар Ќорнаков
15. Куќи во Охрид
    автор Борис Чипан
16. Мебелот во македонската куќа од XIX век
    автор Елена Никољски Паневски
17. www.arc.bg.ac.
18. www.google.com
19. www.wikipedia.com
20. www.muzejbt.org.mk
21. Umetnost kros vekove HELEN GARDNER
22. Kineska umetnos, Rimska Umetnost,Gotika, Romanika –Naslov na orginalot Come riconoscenel Rizzoli Editore, Milano, prevedeno I izadeno od 1980 naslov IRO Vuk Karadzic, Belgrad